**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Четириесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 29 јануари 2009 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,32 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Дами и господа пратеници,

Ја отворам Четириесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Арбен Џафери, Мендух Тачи, Ристо Пенов, Нада Станчевска, Горан Мисовски, Фијат Цаноски, Горан Ѓуровски, Ивица Георгиевски, Али Ахмети, Блерим Беџети и Горан Сугаревски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

За седницата поканети се: Претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Владата на Република Македонија достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Силвана Бонева.

Заменикот на претседтелот на Владата на Република Македонија Абдилаќим Адеми достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Тахир Хани.

Министерот за култура достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Тахир Хани.

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Васко Шутаров.

Министерот за здравство достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Мерал Узеири Ферати.

Министерот за труд и социјална политика достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратеникот Весела Честоева.

Министерот за транспорт и врски достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Јани Макрадули.

Го молам пратеникот Силвана Бонева да се произнесе по одговорот добиен од Владата на Република Македонија, на прашањето што се однесува на пронаоѓање на гробот и ексхумација на телото на Костадин Грамбозов, односно согласно член 43 од Деловникот да го искористи правото да постави дополнително пратеничко прашање во траење од 3 минути.

Има збор пратеникот Силвана Бонева, повелете.

**Силвана Бонева:** Благодарам претседателе.

Бидејќи туку што го добив одговорот на пратеничкото прашање, не можам да кажам нешто посебно, гледам дека Основното јавно обвинителство ќе продолжи со активностите кои треба да бидат преземени. Ќе бидам во тек со министерот за правда кој се обратил до Јавниот обвинител на Република Македонија заради преземање на сите потребни мерки за расветлување на случајот поврзан со ексхумацијата на телото на Костадин Грамбозов.

Се надевам дека по повеќе од 59 години вистината ќе излезе на виделина и ќе може семејството онака како што прилега, да го погребаат својот страдалник. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Го молам пратеникот Тахир Хани да се произнесе по одговорот добиен од заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија Абдилаќим Адеми, на прашањето што се однесува на висината на средствата со кои располага Секретаријатот за имплементација на Охридскиот рамковен договор, односно согласно член 43 од Деловникот да го искористи правото да постави дополнително пратеничко прашање во траење од 3 минути.

Има збор пратеникот Тахир Хани, повелете.

**Тахир Хани:** Ви благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници.

Одговорот што го добив од страна на заменик претседателот господинот Абдилаќим Адеми мислам дека одговорот држи, елементите што јас ги побарав да бидат содржани се тука, меѓутоа, сепак, имам желба да се даде дополнителен одговор за правичната и соодветна застапеност во делот што се нарекува правична и соодветна застапеност во државната администрација на Република Македонија. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Со оглед на тоа дека господинот Абдилаќим Адеми не е присутен, ќе добиете писмен одговор на вашето дополнително прашање.

Продолжуваме понатаму.

Го молам пратеникот Тахир Хани да се произнесе по одговорот добиен од министерот за култура, на прашањето што се однесува на капиталните инвестиции во дејностите од областа на културата, односно согласно член 43 од Деловникот да го искористи правото да постави дополнително пратеничко прашање во траење од 3 минути.

Има збор пратеникот Тахир Хани, повелете.

**Тахир Хани:** Ви благодарам господине претседател.

И за овој одговор што го добив од страна на Министерството за култура би сакал да дадам една забелешка.

Се согласувам дека начинот на претставување на хронолошки начин за капиталните инвестиции и другите инвестиции од областа на културата на ниво на Република Македонија се претставени во потребно ниво, тоа е добра информација за да се има реален преглед за тоа како е направена распределбата на буџетските средства во Секторот на Министерството за култура.

Меѓутоа, имам дополнително барање на овој одговор, би сакал да добијам ваков одговор и за

2009 година како е предвидено со Буџетот за 2009 година да се распределат и кои се програмските инвестиции на ова Министерство на ниво на Република Македонија. Благодрам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Дали сакате одговорот да ви биде написмено за 2009 година?

**Тахир Хани:** Да, би било добро одговорот да биде написмено затоа што тоа е најдобрата форма на комуникација. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За тоа ќе добиете дополнителен одговор на дополнителното прашање написмено.

Продолжуваме понатаму.

Го молам пратеникот Васко Шутаров да се произнесе по одговорот добиен од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство на прашањето што се однесува на состојбата со ловниот дивеч во Република Македонија, односно согласно член 43 од Деловникот да го искористи правото да постави дополнително пратеничко прашање во траење од 3 минути.

Има збор пратеникот Васко Шутаров, повелете.

**Васко Шутаров:** Благодарам почитуван претседател.

Задоволен сум од одговорот што го добив од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Продолжуваме понатаму.

Го молам пратеникот Мерал Узеири Ферати да се произнесе по одговорот добиен од министерот за здравство на прашањето што се однесува на изградба и реновирање на амбуланти во руралните подрачја со албанско население, односно согласно член 43 од Деловникот да го искористи правото да постави дополнително пратеничко прашање во траење од 3 минути.

Има збор пратеникот Мерал Узеири Ферати, повелете.

**Мерал Узеири Ферати:** Ви благодарам почитуван господине претседател, почитувани колеги пратеници,

Не сум задоволна од добиениот одговор пред се би требало да се направи една мала корекција. Во Тетово не постои село со име Узовце, знаејќи го капацитетот на оваа Влада сигурно тоа им е причина или оправдание затоа што им било тешко да го најдат ова село со име Узовце затоа што не постои, селото е Бозовце, а не Узовце.

Од одговорот јасно се гледа како треба всушност да не се реализираат проектите. Една друга несериозност дека проектот ќе почне во месец февруари, а вие сами знаете дека во месец февруари не може да почне ниту еден проект имајќи ги предвид временските услови и тоа каде се лоцирани тие села.

Прочитав несериозен одговор и воопшто не сум задоволна од одговорот. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Покрај тоа што не сте задоволни од одговорот на пратеничкото прашање, дали имате дополнително пратеничко прашање?

**Мерал Узеири Ферати:** Ви благодарам, меѓутоа не, немам.

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме понатаму.

Го молам пратеникот Весела Честоева да се произнесе по одговорот добиен од министерот за труд и социјална политика на прашањето што се однесува на подобрување на административниот дел на различните видови социјални бенефиции преку центрите за социјална работа, односно согласно член 43 од Деловникот да го искористи правото да постави дополнително пратеничко прашање во траење од 3 минути.

Има збор пратеникот госпоѓа Весела Честоева, повелете.

**Весела Честоева:** Благодарам претседателе.

Почитуван претседателе, почитуван премиер, почитувани претставници на Владата, колеги пратеници.

Моето прашање беше упатено до министерот на Министерството за труд и социјална политика во врска со обезбедување социјална помош да стигне до најзагрозените категории на население преку новиот Закон за социјална заштита.

Се заблагодарувам на исцрпниот и позитивен одговор во кој ме информирате дека е во тек спроведување на значајни проекти со кои се очекува унапредување на социјалните политики за социјална заштита во Република Македонија. Ви благодрам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Со оглед на тоа дека нема дополнително пратеничко прашање, продолжуваме понатаму.

Го молам пратеникот Весела Честоева да се произнесе по одговорот добиен од министерот за труд и социјална политика на прашањето што се однесува на заштитата и правата на децата, односно согласно член 43 од Деловникот да го искористи правото да постави дополнително пратеничко прашање во траење од 3 минути.

Има збор пратеникот Весела Честоева, повелете.

**Весела Честоева:** Благодарам претседателе.

Во врска со второто прашање кое исто така ми беше поставено до министерот за труд и социјална политика што презема Министерството на планот на заштитата на децата.

Исто така се заблагодарувам на исцрпниот одговор со кој се планира постапна имплементација на Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата кој веќе е разгледан и усвоен од Владата и се очекува да биде усвоен и од Собранието во претстојниот период. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Продолжуваме понатаму.

Го молам пратеникот Јани Макрадули да се произнесе по одговорот добиен од министерот за транспорт и врски, на прашањето што се

однесува на објавување на најповолниот понудувач за изработка на физибилити студија за гасоводен систем во Република Македонија, односно согласно член 43 од Деловникот да го искористи правото да постави дополнително пратеничко прашање во траење од 3 минути.

Има збор пратеникот господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе, почитуван министре,

Ова е прашање кои веројатно во иднина ќе претставува втор ХАЧ во Република Македонија и ќе се обидам на вашиот одговор кој ќе го објаснам како се појави да го дадам образложението и моето дополнително прашање.

Имено, на 31 октомври Владата ги отвори понудите за фирми кои ќе изработуваат гасоводен систем. Иако Александар Николовски ме убедуваше дека ќе бидат 9 компании, се пријавија три.

Јас на 12 јануари поставив прашање зошто сеуште нема одговор од Министерството за транспорт и врски кој е најповолниот понудувач на понуди отворени на 31 октомври 2008 година.

Откако го добивте прашањето од мене вие на еден голем христијански празник седнавте да работите иако ве видовме дека бевте да ѕиркате кој ќе го фати крстот, вие на 19 јануари објавивте кој е победник, на државен празник кога не се работи, на голем христијански празник кој е победник на тендерот. Како е можно компаниите кои не го добиле тендерот да бидат известени на 2 декември 2008 година, а вие со третата компанија да преговарате до моментот кога добивате пратеничко прашање за тоа да се договорите како ќе работите и тоа да го објавите на 19 јануари.

Првото дополнително прашање зошто сите фирми сте ги известиле на 2 декември 2008 година, а граѓаните на Република Македонија и јавноста на 19 јануари и дали е потпишан договорот, бидејќи во самиот одговор кажувате дека откако ќе се потпише договорот со најповолниот понудувач и дали навистина во тој договор ќе учествува фирмата "Петрол" од Словенија.

Ова е ХАЧ 2 случај во кој повторно фирмата што е учесник од Република Македонија, а тоа е Енерго систем веќе дистрибуира гас во Дирекцијата за слободни економски зони односно во Бунарџик. Победникот се знаеше од поодамна уште го распишавте тендерот. Затоа имам три дополнителни прашања:

Како на 2 декември сте ги известиле сите, а македонската јавност на државен празник на 19 јануари.

Второ дополнително прашање, дали е потпишан договорот?

Трето, дали сите од Конзорциумот односно бренд имињата ќе бидат дел од физибилити студијата имајќи во предвид дека македонската компанија веќе работи за Владата на Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Инаку во однос на ова едно дополнително прашање со три потпрашања. Така господине Макрадули?

Одговор на дополнителното прашање ќе даде господинот Миле Јанакиески, министер за транспорт и врски, повелете.

**Миле Јанакиески:** Почитуван претседателе, почитуван господин Макрадули,

Гледам дека ревносно ја следите работата на Министерството за транспорт и врски, тоа е добро.

На 2 декември информирани се компаниите, но да ве потсетам кога ќе бидат информирани компаниите имаат право на жалба. Значи, ние мора да причекаме право на жалба. Потоа господине Макрадули кога компаниите треба да се изјаснат дали имаат право на жалба или не се почекува уште два дена да не стигне случајно жалба по пошта. Потоа господине Макрадули Второстепената комисија има рок кога треба да одлучи по таа жалба и потоа финално Комисијата, а понудите не ги отвори Владата, туку ги отвори Комисија во Министерството за транспорт и врски и одлучува кој ќе биде најповолен понудувач. Тоа е одговор на вашето прво прашање.

На второто прашање, сите 4 компании како Конзорциум во понеделник или во среда треба да дојдат во Република Македонија за да ги потпишат договорите вклучително и Компанијата "Петрол" од Словенија, бидејќи тие настапија како Конзорциум и согласно Законот за јавни набавки има две можности или сите 4 компании да овластат претставник кој ќе го потпише договорот или четирите компании да го потпишат договорот. Од информациите што ги имам од понудувачот во понеделник или во среда ќе дојдат четирите компании кои се дел од конзорциумот да потпишат договор со Министерството за транспорт и врски. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Согласно член 40 од Деловникот на Собранието на Република Македонија пратениците за поставување пратенички прашања, писмено го известија претседателот на Собранието 24 часа пред одржување на седницата.

Во договор со координаторите на пратеничките групи пратениците на денешната седница ќе поставуваат пратенички прашања според утврдениот редослед кој е поделен на координаторите на пратеничките групи.

Пред да преминеме на поставување на пратенички прашања ве потсетувам дека согласно член 39 став 3 и 4 од Деловникот на Собранието на Република Македонија пратеникот може да постави најмногу три прашања во траење од 10 минути, а има право да се произнесе дали е задоволен од одговорот во траење од 3 минути.

Согласно член 43 од Деловникот на Република Македонија пратеникот што го поставил

пратеничкото прашање по добиениот одговор има право да постави дополнително прашање во траење од 3 минути.

Преминуваме на поставување на пратенички прашања.

Според редослед на пратеници кои треба да поставуваат пратенички прашања има збор пратеникот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Почитуван претседател на Владата сите три прашања ми се до вас.

Мотивот ми го дадовте неќна во Универзалната сала кога на телевизија, ќе ве парафразирам, рековте зошто се губат изборите, затоа што сте влезени длабоко во криминал, се одлепивте од реалноста и свесно го лажете народот.

Првото прашање господине премиер, се сеќавате ли на овој настан кога доста весело учествувавте и на отворањето и на промоцијата на оваа инвестиција.

(покажува дневен печат)

Се сеќавате ли на спотот во кој што го злоупотребивте инвеститорот Роџер Оскерсон и се појавивте на спотот да гласаат македонските граѓани за вас во изборите на 1 јуни 2008 година.

Се сеќавате ли на изјавите дека конечно ќе се реши проблемот на илјадници земјоделци и веќе ќе нема млечна криза во Македонија.

Дали гледавте вчера телевизија? Видовте ли како со плачливи очи еден млекопроизводител кажа:"јас му верував на премиерот". Дали знаете премиере Груевски дека пратениците на ВМРО ДПМНЕ не сакаат да расправаат за млекопроизводителите вчера во Собранието и дали знаете дека синојќа во 01 часот ги претепавте млекопроизводителите во Македонија. Ги тргнавте со сила од барикадите, ги претепавте луѓето што си го бараат она што го сработиле и она што треба да го добијат, или по сите медиуми гледате ли што се случува? Затоа моето прашање е следно.

Дали имате намера наместо небулозните реклами или споменикот "Денес дрво" веројатно во име на Владата се поставува, го местите денес од 6 метри во Скопје и наместо "шмизли, мачки, кучиња и тарзани", кои чинат 9 милиони евра планирате да ги прекинете и да ги дадете на млекопроизводителите трите милиони евра за нешто што го сработиле, за нешто што го заслучуваат, за нешто што им ветивте дека ќе биде исплатено.

Млекопроизводителите на 1 јуни не гласаа за вас, за да ги тепате во еден часот после пол ноќ. Тие гласаа за вас за подобар живот.

Дали имате намера господине Груевски наместо силните реклами и глупите споменици, денеска што ќе го местите дрвото како симбол на Владата, бидејќи имате ден на дрвото два пати во годината, наместо тие девет милиони евра што ги дадовте за споменици, барем три да дадете за млекопроизводителите да си го добијат и да можат да јадат луѓето и децата да ги праќаат на училиште.

Второто прашање е поврзано со вашиот коментар дека свесно го лажете народот и дека се одлепивте од реалноста.

На 31.06.2007 година сте потпишале инвестициски договор со Џон Сон Контрол. На едната страна е Џон Сон Контрол на другата страна е еден наш човек со пасош од Њујорк, така пишува во договорот. Тоа е гаранцијата за договорот, лице В.М. со пасош од Њујорк.

Во договорот на 13.06.2007 година сте се обврзале на Џон Сон Контрол да давате секоја година по милион евра, 500 илјади за градба на објекти и 500 илјади евра за тренинг на вработените. Од плрилика 4 милиони евра во следните 4 години плус 50% да им исплаќате за бруто платите на вработените што ќе ги ангажираат.

На 4 декември 2008 година Џон Сон Контрол се обраќа до Агенцијата за странски инвестиции и вели не сте ни платиле.

На 5 декември, за само еден ден Виктор Мизо за еден милион евра веднаш испраќа барање до Владата и вели:"Агенцијата за странски инвестиции ја информира Владата на Република Македонија дека во Буџетот за 2008 година нема планирано средства за оваа намена, ниту има остварено заштеда која би можела да се пренамени по овој основ".

Господине Груевски сте слушале ли на телевизија кога те судат некои од опозицијата кога велат за нанаменско трошење на пари и дека не е согласно со законите во Република Македонија ако имате договор во 2007 година да не го имате предвидено тоа во средствата на Буџетот за 2008 година. Како и каде отишле парите наменети за ова, тоа е моето прашање, за 2008 година, бидејќи во Буџетот ги има тие пари. Каде отишле тие пари и од кои министерства, да видиме кој е тој, бидејќи тука ги имате тргнато министерствата, ги префрлиле тие милион евра и тие 50% од вработените.

И дали знаете колку македонски фирми ќе спасевте од текстилната индустрија ако ова им го дадевте на македонските фирми.

Се надевам дека ќе добијам одговор на денешната седница.

Третото мое прашање е со третата ваша мисла, а тоа е дека сте влезени длабоко во криминал зошто се губат изборите, вие така кажавте и јас тоа го кажувам.

Во јуни 2008 година Владата распишува тендер за документ менаџмент систем кој што го отворате во ноември 2008 година. Министерството за информатичко општество во отчетот за првите 100 дена вели дека во тек е постапка за јавна набавка на документ менаџмент софтвер, снабдувачот ќе биде избран во текот на ноември.

Моето прашање прво во овој дел е зошто сте предвиделе во Буџетот за 2009 година пари за

оваа намена кога тендерот е завршен и изборот е направен.

Второто прашање е дали знаете зошто е тоа направено? Затоа што победник на тендерот е фирмата во која што работи братот, или е газдата на министерката за внатрешни работи и конкурираше на тендерот со нула денари по лиценца, а во 2009 година ќе му ги плаќате лиценците и така ги елиминиравте сите македонски фирми што конкурирале на тендерот.

За тоа исто, кога ќе навлезете во таков длабок криминал, се сложувам со вас, се губат избори и кога се заборава народот, реалноста и кога се лаже народот, или што ќе речете вие не ќе е на добро премиере, не е со алал. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

По однос на сите три прашања кои беа поставени до претседателот на Владата на Република Македонија, по однос на првото прашање има збор господинот Никола Груевски, повелете.

**Никола Груевски:** Благодарам за прашањето.

Очигледно почитуваниот пратеник Макрадули добро ги проучил моите говори и се потрудил да извлече паралели, јас би препорачал ако може да ги практикуква тие работи за кои што зборува во смисла на подобро однесување. Да одговорам на првото прашање.

Првото прашање е поврзано со проблемот што го имаат поголема група на индивидуални производители на млеко и Шведската млекара. Значи, се работи за однос помеѓу една приватна компанија, Шведксата млекара која што има неколку приватни акционери и поголема група на производители на млеко, кои што имаат неисплатени побарувања од таа компанија. Значи, се работи за еден заемно должничко доверителски основ.

Господинот Макрадули извади весник во кој што јас се наоѓам на отворањето на таа компанија и тој добро знае дека како јас така и поранешните, па веројатно и идните премиери ќе присуствуваат на отворање на нови објекти, нови фабрики, нови компании, тоа е една нормална работа, секаде во светот, меѓутоа, исто така се случува секаде некоја компанија да западне во тешкотии, во долгови, неликвиднот или во потешки проблеми и она што можам да му го одговорам е дека Владата иако директно нема никаква врска со овој должничко доверителски однос во смисла дека тоа е работа на еден приватен субјект со други приватни субјекти сепак прави максимални напори на некој начин да охрабри или да информира што поголем број на потенцијални инвеститори кои што на овој или на оној начин би дошле и би инвестирале во таа компанија и таа компанија на некој начин повторно се најде во можност да им ги врати долговите што ги има на приватните индивидуални земјоделци. Јас се надевам дека така нешто ќе се случи, затоа што постои интерес, колку што можам да забележам, од неколку компании, дали тие ќе влезат или нема да влезат во овој момент не можам со сигурност да знам, меѓутоа, знам дека се заинтересираа поеќе компании за влез во оваа компанија.

Добро е што таа млекарница се изгради, затоа што кој и да ја купи таа повторно ќе биде млекарница и таа повторно ќе откупува млеко. И кој да ја купи веројатно ќе мора да се раздолжи кон млекарите, така што ние на тој начин се обидуваме да се разреши проблемот.

Покрај овој начин господине Макрадули Владата гледајќи го проблемот со кој што се соочија млекарите во 2008 година, наместо планираните 2 денари по литар субвенција кон крајот на годината за да им помогнат да ја надминат ситуацијата одлучи да ја дуплира таа субвенција, да ја направи 4 денари по литар и наместо планираните 2 во декември добија уште два кои што сигурно на некој начин им помогнаа да го пребродат периодот во декември, можеби и дел во јануари.

Покрај ова ние веќе ги известивме господине Макрадули дека ние сме подготвени и порано да платиме дел од субвенцијата што се плаќа по грло на добиток за 2009 година. Наместо во март-април подготвени сме во февруари да исплатиме и луѓето веќе поднесоа, поголем дел од нив поднесоа апликации, документацијата сега е во нормална процедура и кога таа процедура ќе заврши ќе пристапиме кон забрзано исплаќање на субвенцијата, порано од предвиденото со цел додека не се разрешат проблемите со компанијата која е западната во проблеми колку толку да го надминат овој проблем.

Така што далеку е од точно дека ние сме ја заборавиле таа фирма односно луѓето кои што работат со таа фирма или дека не не интересираат или нешто друго. Јас во повеќе наврати ги примив, делегација на производителите на млеко, ги слушнав нивните размислувања, ги кажав нашите размислувања и како што кажав на различни начини настојуваме да им помогнеме, иако се работи за еден чист должничко доверителски однос.

Јас се надевам дека во некое догледно време ќе се дојде до одредено решение, а во тој меѓу период наоѓаме начини за привремено помагање.

Инаку, изрековте многу невистини во вашето излагање, дека некои биле претепани итн., тоа апсолутно не е точно и ве молам, да се држите до вистината кога говорите. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот или сака да постави дополнително пратеничко прашање.

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Господине премиер сабајле имаше на Канал 77 граѓани кои што се јавија многу и сите информации зборуваат, очигледно имате погрешни инфорамции и жалам за тоа.

И ако ги охрабрувате така, или го искажувате своето мислење со ќотек, ги тепате луѓето во Македонија, навистина не ги охрабрувајте веќе и не го кажувајте вашето мислење.

Инаку, за 2,5 денари што им давате пари, помош, 2,7 е данокот. Тоа го кажуваат луѓето, да не ги цитирам, да не ги истепате и нив, бидејќи не се задоволни од данокот на добивка и данокот што мора назад да го исплатат.

Добро ги браните премиере. Да беше ова ЕВН ќе пуштевте 73 инспекции, 56 рекетари и ќе им улетавте внатре на луѓето на Сведмил, бидејќи е тоа добра инвестиција, а ЕВН ви е пример за лоша инвестиција.

Моето дополнително прашање е дали е нормално, бидејќи викате дека е нормално во европските земји за приватни компании некои работи, дали е нормално, најдете земја во Европа каде што за кмапања странски инветитор се појавува со вас на спот. Не можеме тука да го покажеме бидејќи претседателот на Собранието ни го укина Ју-кјубот. Значи, вие се поајвивте на спотот и го храбревте и викавте гласајте за Никола Груевски изборна еденица еден. И заедно со Роџер Оскарсон.

Затоа моето дополнително прашање е, бидејќи се сликавте со него на ист спот, а сега го браните, колку пари добивте за кампањата од Сведмил. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор претседателот на Владата на Република Македонија. . .

(реакција на пратениците на СДСМ)

по дополнителното прашање, по Деловникот на Собранието на Република Македонија. Има дополнително прашање треба да дадете одговор, дали сакате писмено или усмено.

Претседателот на Владата на Република Македонија сака да даде усмен одговор, повелете.

**Никола Груевски:** Благодарам на дополнителното прашање на господинот Макрадули.

Прво, кратко да ви одговорам дека немавме никакви средства добиени и немаме досега добиено од Сведмилк добиено за било каква кампања и за било која кампања, меѓутоа би можел да ви одговорам од што толку беше задоволен акцонерот во таа компанија односно сопственикот кој е дел од сите сопственици на таа компанија.

Имено, господине Макрадули тие акционери кои што ја изградија таа компанија не дојдоа во времето кога на влат беше ВМРО ДПМНЕ, туку кога на власт беше СДСМ и се соочија со една груба и тешка вистина.

Имено луѓето дошле некаде во Владата и побарале да добијат земјиште за да изградат млекарница. Наместо да им се каже дали ќе добијат, или нема да добијат односно да им се посочи локација каде би можеле да се јават на тендер итн., тие биле испратени кај разни сомнителни типови, да купуваат од нив земјиште ккое што претходно државата им го префрлала на нив, или така некако на некој начин. Тие беа на раб да ја напуштат државата и да одат да инвестираат во друга држава. Тогаш дојде до промена на власта и новата Влада отвори тендер на кој што тие излегоа, легално го купија земјиштето и беа задоволни што конечно дојде Влада која што на нормален начин, без да ги препраќа кај различни типови објавувајќи тендер на кој што би можела да се јави секоја компанија, излегоа на тендер го купија земјиштето, ја изградија млекарницата, купија опрема и почнаа да работат.

Подоцна западнаа во тешкотии и тоа е друга приказна, меѓутоа од тоа беа задоволни во тој период, затоа што наидоа на едно нормално работење на една Влада за разлика од едно не многу нормално работење претходно и затоа веројатно биле расположени јавно да зборуваат за добрите работи што ги сработила таа Влада. Благодарам на дополнителното прашање.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Во однос на второто прашање што е поставено од господинот Јани Макрадули, повелете.

**Никола Груевски:** За второто прашање би можел потпретседателот, бидејќи е подобро запознат да одговори.

**Трајко Вељаноски:** Повелете.

**Зоран Ставрески:** Благодарам за прашањето

Значи одговорот е доста едноставен во од нос на тоа зошто во текот на годината средствата не беа ставени на сметка на Агенцијата. Пратеникот би требало тоа да го знае. Не беа ставени заради не ефикасноста на парламентот и опструкциите за донесување на законот за таа Агенција, кој што се донесе многу доцна, во текот на годината. Некаде кон средината на годината беше донесен законот, што значи Агенцијата не беше самостоен буџетски кортисник и како таква не можеше да добие средства кога се дискутираше за Буџетот за 2008 година.

Агенцијата доби овластување преку неа да се врши плаќањето на државната помош дури по донесувањето на тој закон од страна на македонското собрание, а тоа се случи некаде кон средината на 2008 година. Значи, затоа во Буџетот на Агенцијата не можеа да бидат предвидени средства и во 2008 година средствата се исплатени од Буџетот на Република Македонија.

Во 2009 година со оглед дека веќе постојат институционални услови агенцијата си ги предвиде тие средства и од нејзиниот буџет ќе бидат исплатени.

Што се однесува до самата помош би сакал да ве потсетам дека согласно Законот за државна помош кој што е целосно усогласен со европските директиви за државна помош Република Македонија како и сите други земји исплаќа државна помош на одредени претпријатија во зависност од проценките и критериумите што се во тој закон.

Така да комплетна помошта што се исплаќа за Џон Сон Контрол е усогласена со тој закон и како што знаете на времето, тоа е стар договор кој што

беќше потпишан од тогашниот премиер Бучковски, а во меѓувреме ние практично истиот меморандум кој што подоцна го потпишавме ги содржеше тие одредби за давање на таква помош.

Тоа не е нешто необично, таква помош има во Чешка, во Полска, во Унгарија, во Србија, во сите земји и транспарентно во Законот за државна помош е предвидена и многу поголема финансиска поддршка доколку се оцени дека ефектите од таа помош се исплатливи.

Токму за тоа господине Макрадули инвестициите меѓу другото во 2008 година, заклучно со октомври странските инвестиции изнесуваат 435 милиони, а не 50-тина милиони или 100 милиони колку што изнесуваа во вашето време односно кога вие ги креиравте политиките за поттикнување на странските инвестиции. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот односно дали сака да постави дополнително пратеничко прашање.

Има збор господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе, г-дине Ставревски секогаш кога зборувате вака тивко, знам дека не сте во право. Исто вака зборувавте и за ТЕЦ Неготино. Знам дека секогаш кога ќе ве фатат со рацете во медот, го менувате односот и зборувате многу тивко. Ме радува што признавте и премиерот пред малку и вие сега дека ЕВН и Џонсон Контрол, единствените инвестиции во Македонија во последно време се донесени од Владата на СДСМ и тоа е една добра потврда што после 3 години ја направивте. Ама вие не одговоривте повторно на прашањата. Значи, на 13 јуни 2007 година со потпис на еден ваш директор со американски пасош, кој што се фали дека ништо нема да му се случи, ако не ви кажуваат тоа, бидејќи не ви кажуваат дека ги тепале млекопроизводителите, се обврзала Владата на 15.06.2007 година да дава 4 милиони или милион евра годишно на компанијата, плус 50% за бруто платите. Ако нема законска основа потпишувањето на таков договор, слушајте малку телевизија, кога ќе дадат некоја пресуда за опозицијата, е казниво дело, е кривично дело немањето пари во Буџетот во 2008 година, со договор потпишан во 2007 годинае исто кривично дело. Значи, 4 кривични дела имате направено само со овој наводно за инвестиции, вложувања, договори. А парите во Буџетот ги има и тоа нема врска со Собранието. И во Буџетот и во ребалансот од 18 јули и во пренамената на средства, вие сте ставиле пари во Буџетот на Република Македонија за Агенцијата за странски инвестиции, ама таа парите ги потрошила за други намени и на 4 декември се крева црвеното копче и бара од Владата, еве го писмото, милион евра што и должи и плус 50% за вработените да им ги исплатите. Греота со ваков однос многу македонски компании ќе беа спасени и 12,5 илјади вработени сега немаше да бидат на улица, туку ќе можеа да си одат на работа и да си заработуваат за леб. Исто, како што млекопроизводителите со 3 милиони евра што не сакате да ги дадете, а ги тепате, ќе можеа да се ги праќаат децата во училиште, а не ќе мораа да ги продаваат кравите за да ги вратат хипотеките. Затоа, немам дополнително прашање, освен со жалење да констатирам дека имате 4 кривични дела во оваа инвестициско вложување со Џонсон Контрол. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас. Понатаму е одговор по однос на 3-то пратеничко прашање, кое што беше упатено до претседателот на Владата на Република Македонија, повелете.

**Никола Груевски:** Благодарам. Бидејќи целосно спаѓа во ресорот на Министерството за информатичко општество, г-динот министер Иво Ивановски ќе одговори на ова прашање.

**Трајко Вељаноски:** Во ред, во однос на 3-то прашање ќе одговори министерот за информатичко општество г-динот Иво Ивановски, повелете.

**Иво Ивановски:** Благодарам претседателе, почитуван пратенику Макрадули, благодарам на прашањето. Би сакал на кратко да ја искористам оваа можност да ви одговорам на вашето пратеничко прашање. Токму станува збор за набавка на систем за раководење со документи, кој што беше објавен во средината на месец септември 2008 година и според сите законски процедури во рок од 52 дена, се донесе одлука каде што и како што вие спомнавте во моето обраќање за работа на Владата, за работа на Министерството за информатичко општество во првите 100 дена, токму така во месец ноември, јас ги информирав медиумите дека во тек е евалуација за најдобра понуда од економски оператор за инсталирање и набавување на софтвер за систем за раководење со документи во сите јавни институции.

Одлуката беше донесена на крајот на ноември. После тоа, како што и претходно спомна мојот колега, министерот Јанакиески, следуваат рокови за жалби и откако сите жалби и процедури поминаа, потпишавме договор на 18 декември со најдобриот економски оператор кој што беше конзорциум од 4 фирми во Македонија. Кажавте дека за 2008 година немавме буџетски средства обезбедено, тоа не е точно дека ние во 2008 година имавме одредени буџетски средства, но имаме и во 2009 година, затоа што станува збор за еден проект, кој што е доста голем, доста обемен и кој што ќе земе времена имплементација од 9 до 12 месеци. Токму за тоа и во самиот договор беше дека ќе дадеме 20% аванс и се што можеме да добиеме до крајот на 2008 година, а во овој случај добивме голем број на лиценци кои што ќе ни бидат потребни, ги исплативме од Буџетот за 2008 година. А за тоа, кои беа цените на лиценците, тоа е во зависност од економскиот оператор. Токму и затоа, тие беа најдобри и затоа тие беа избрани.

Во Буџетот за 2009 година имаме обезбедено буџетски средства, кои што ќе се наменат за

имплементација на софтверот и исто така имаме обезбедено буџетски средства, кои што ќе се користат за набавување на хардвер опремата, за која што дополнително ќе биде направена анализа и врз база на таа анализа ќе се објави нова јавна набавка за набавка на хардвер. Тоа е мојот одговор.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам. Дали пратеникот е задоволен од одговорот, односно дали сака да постави дополнително пратеничко прашање.

Има збор г-динот Макрадули Јани, повелете.

**Јанаи Макрадули:** Благодарам претседателе, се надевам дека Јавниот обвинител Шврговски ја слушна изјавата на г-динот Ивановски и дека веќе ќе се зафати со работа, а да повторам што потврди министерот Ивановски. Тоа е дека во јуни 2008 година, распишан е тендер, во ноември го избравте операторот кој што треба тоа да го прави. Вие не демантиравте дека едната фирма е каде што е братот на министерката, а другата фирма е Венко Глигоров, што нормално, тоа е иста работа. Вие потврдивте дека да распишете тендер, мора да имате тендер. И тоа сте го направиле. А во 2009 година потврдувате дека парите ќе ги давате за лиценци, а фирмата победи на тендерот, затоа што лиценците ги пријави со нула денари. А прв критериум 70 бода давате за цена. Затоа победи таа фирма, а во 2009 година, како што и самиот кажавте, ќе им ги дадете парите за лиценците и слушам уште една чудна работа дека допрва ќе распишувате тендер за хардверот за имплементацијата. Да ве потсетам, тендерот еве го. Ниту има авансно плаќање, ниту пишува дека ќе трае две години. Пишува точно кои се условите, кога да започне, кога да заврши. Значи, вие потврдивте и ова прашање не е до вас, бидејќи тендерот го распишува Владата на Република Македонија, а не Министерството за информатичко општество.

Значи, Владата на Република Македонија направила кривично дело, затоа што имала пари, избрала фирма, ама бидејќи таа е од фамилијата, мора во 2009 година да се возвратат парите, односно да се платат лиценците. Јас се надевам дека г-динот Шврговски е активен денеска и ја следи оваа расправа и ќе може да преземе од утре веќе соодветни чекори. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Со оглед на тоа дека нема дополнително пратеничко прашање, продолжуваме понатаму.

Според редоследот на пратениците кои се пријавени за пратенички прашања, следен за поставување на пратеничко прашање е г-динот Горан Петров, повелете.

**Горан Петров:** Благодарам претседателе, почитуван претседател на Владата, почитувани министри, дами и господа пратеници.

Моето прво прашање го упатувам до Министерството за труд и социјална политика и се однесува на следното: Во последно време од медиумите постојано гледаме вработени од различни приватни фирми, како се жалат за груби повреди на правата, кои тие како вработени законски ги имаат и би требало да се практикуваат.

Како пратеник во мојата канцеларија за комуникација со граѓаните, постојано доаѓаат вработени кои укажуваат како на очајните услови за работење, така и за непријавувањето нивно како вработени. На овој начин, очигледно е дека работодавецот покрај тоа што се обидува да не вложи доволно во едни нормални човечки услови за работа, исто така се обидува и со непријавувањето на вработените да го избегне делот од пријавувањето, односно плаќањето на придонеси. Има појави каде што некои работодавци инсистираат на ноќно работење како заштита од инспекторите од Државниот инспекторат за труд. Сепак, овие луѓе борејќи се за егзистенција, исплашени за својата иднина во сопствената фирма, не сакаат да бидат токму тие кои што ќе се пожалат на ваквиот начин на незаконско работење. Овие луѓе имаат проблем и со своето лекување, затоа што и здравствената заштита одсуствува кога не се пријавени преку својот работодавач. Тоа поттикнува и неправилности во работењето во самиот здравствен сектор, затоа што многу лекари се доведени во ситуација да ги лекуваат овие лица со здравствени картончиња, кои што за жал, мораат да ги позајмуваат од други лица.

Моето прашање гласи: Дали и кога се планира да проработи телефонската линија во која граѓаните ќе ги пријавуваат неправилностите до инспекциските надзори. Тука пред се мислам на телефонска линија за пријавување во Државниот инспекторат за труд.

Второто прашање исто така го поставувам до Министерството за труд и социјална политика и ова е во контекст со првото прашање и се однесува повторно за правата на вработените и начинот на кој се почитуваат постоечките закони од страна на работодавачите. Имено, во одреден број на приватни фирми работодавачите во обид да ги намалат своите давачки за плати не го пријавуваат целиот износ на платата и на вработените им исплаќаат делумно во платежна картичка, делумно во кеш. Обидувајќи се да ги избегнат плаќањата на повисоки придонеси се случува во платата да ги вметнат и додатоците за хранарина и патарина. На тој начин, не се исплаќаат реалните плати на вработените. Затоа сакам да го поставам и второто прашање: Дали Министерството за труд и социјална политика, односно инспекцискиот орган на терен ги контролираат фирмите, дали може тоа да го прават ефективно, дали можат да ја контролираат ситуацијата на теренот и да дојдат до сознанијата дали во поединечните фирми се исплаќаат вистинските реални плати на вработените и зошто имаме за жал, се уште појава, приватните фирми да пријавуваат една основа за исплата на вработените, а да исплаќаат друга, односно да ја намалуваат основицата. Наместо поголема основа за придонеси, вработените на тој начин

губат, со тоа што им се покажуваат помали износи.

Сакам да ве прашам дали со засилен инспекциски надзор, доколку е во можност тоа да се направи ќе продолжи оваа појава, или пак Министерството ќе преземе се што е во негови надлежности да го запре овој тренд.

Моето трето прашање го упатувам до Министерството за внатрешни работи.

Сведоци сме дека изминатиот месец Министерството за внатрешни работи, во соработка со Инспекторатот на Министерството за транспорт и врски, спроведоа неколку акциски контроли на наплатните станици, во кои меѓу другите за неплаќање на патарина, надоместокот за патарина, беа пријавени и неколку функционери, меѓу нив и еден пратеник. Од тоа што можевме да го видиме во медиумите, радува фактот дека со секоја наредна акција на инспекциските органи, очигледно се намалува бројот на оние кои што ги злоупотребуваат своите службени овластувања. Тука мислам, како на полициските службеници, кои со своите службени легитимации, исто така и другите функционери кои што се обидуваат со прикажување на одредени службени легитимации, кои што во никој случај не значат ослободување од плаќање, да ја избегнат оваа обврска.

Исто така, овие денови бевме сведоци за акции на Министерството за внатрешни работи за поединечни случаи, во кои што беше пријавен и еден полицаец за грабнување, а друг за примање поткуп.

Би сакал, како пратеници да не информирате за работењето на внатрешната контрола на Министерството за внатрешни работи и мерките кои ги преземате за чистење на полицијата од криминал и корупција.

Дали ваквите појави за какви сме сведоци во изминатиот период се резултат на намалена дисциплина на вработените, или пак на засилени контроли кои сега ги констатираат и ги обелоденуваат овие неправилности, бидејќи мораме да се согласиме доколку бараме и инсистираме законитост, тогаш, мора и Министерството за внатрешни работи со својот личен пример и како министерство, меѓутоа и како вработени да предначи во она што значи почитување на законитоста. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Две прашања се поставени до министерот за труд и социјална политика и едно прашање до министерот за внатрешни работи.

Во однос на првото прашање кое што е поставено до министерот за труд и социјална политика ќе одговори заменикот министер за труд и социјална политика Спиро Ристовски.

**Спиро Ристовски:** Му благодарам на пратеникот Горан Петров за прашањето. Апсолутно, работата на трудовиот инспекторат во последно време интензивно се трудиме да ја подобриме во квалитетот на извршување на обврските и сите обврски кои што ги преземаме практично се во насока на подобрување на квалитетот на контролите со кои што работи трудовиот инспекторат. Дел од забелешките кои што вие ги изнесовте се неспорни и за истите ние сме запознаени, затоа што се случува и во директните средби со граѓаните да имаме информации за состојбите, односно начинот на кој дел од работодавачите се однесуваат со вработените. Токму во таа насока овие денови се одржува интерна обука во трудовиот инспекторат за измените на Законот за работни односи, кои што Парламентот ги донесе пред неполн месец дена, во кој што има зголемени санкции за работодавачите кои што ќе го прекршат Законот за работни односи и мислам дека во однос на поправилно и поквалитетно спроведување на контролите ќе придонесе отворањето на телефонската линија или популарно наречениот Кол центар, кој што е готов, обезбеден е и се очекува веќе од следната недела, софтверот е подготвен, луѓето се определени кои ќе работат и тоа ќе биде бројот 15 133 и од следната недела ќе биде во функција и секој граѓанин во Република Македонија ќе може анонимно да пријави, без да има било какви реперкусии врз него, а трудовите инспектори ќе имаат обврска по истото да постапат и доколку не постапат, ние ќе имаме увид во дојавените повици, дали по истите е постапено и каков тип на решение е донесено и со тоа ќе го зголемиме и процесот на интерна контрола, односно расчистувањето со дел од состојбите внатре во самите органи на управата. Некако ви се поврзани прашањата, јас би преминал доколку може, на одговорот на второто прашање.

**Трајко Вељаноски:** Не може на тоа, треба да имате завршено по првото.

**Спиро Ристовски:** Значи за првото прашање од следната недела почнуваме во функција. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот, односно дали сака да постави дополнително пратеничко прашање.

Има збор пратеникот Горан Петров, повелете.

**Горан Петров:** Благодарам на одговорот, немам дополнително прашање.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам, нема дополнително прашање. Преминуваме на второто поставено прашање. Има збор заменикот министер за труд и социјална политила, повелете.

**Спиро Ристовски:** Почитуван пратеник Петров, во контекст на забелешките кои што ги изнесовте за тоа како биле исплаќани голем дел од средствата за плати и трошоците за живот кој што досега дел биле исплаќани во кеш, а дел на картичка, мислам дека практично Владата на Република Македонија со предлогот и усвојувањето од страна на Собранието на Законот за задолжителни социјални придонеси, процесот на интегрирана наплата на придонес, практично една институција, а тоа е Управата за

јавни приходи ќе врши контрола на начинот на уплатување и собирање на средствата уплатени за придонесите. Во спроведувањето на навременоста и точноста во уплатата на придонесите на вработените, од големо значење ќе биде контролата, затоа што истата ќе се спроведува софтверски и електронски, така да практично нема да може да се исплатат средства во кеш, ќе мораат сите да бидат исплатени и за истите средства мора да бидат платени придонесите, а од друга страна покрај електронската, односно компјутерската контрола, ќе имаме и контрола од страна на инспекторите, заради што во моментот се зајакнува уште повеќе капациетот на Управата за јавни приходи, со тоа што сега интегрираната наплата целосно ќе ја врши Управата за јавни приходи, без да има различни видови на инспектори кои што ќе вршат увид дали е извршена соодветна уплата на придонесите, така да мислам дека во следниот период ќе се видат првичните резултати од контролата и од спроведувањето на процесот на интегрирана наплата за кој што сите очекуваме во најскоро време да ги покаже своите квалитети и успех во спроведувањето и практично подобрување на статусот на вработените во Републиката. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот, односно дали сака да постави дополнително пратеничко прашање.
Има збор пратеникот Петров Горан, повелете.

**Горан Петров:** Од одговорот кој што го добив и онака како што го разбрав Министерството е веќе спремно кадровски да почне со поинтезивни и поригорозни контроли. Ако е така, тогаш сум задоволен од одговорот и немам дополнително прашање.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Пратеникот нема дополнително пратеничко прашање.

Во однос на третото прашање ќе одговори министерот за внатрешни работи, госпоѓица Гордана Јанкуловска, повелете.

**Гордана Јанкуловска:** Благодарам претседателе.

Благодарам за прашањето до пратеникот Петров.

Во изминатиот период, реагирајќи на одредени реакции во јавноста, Министерството за внатрешни работи во соработка со Инспекторатот за транспорт од Министерството за транспорт и врски направи повеќе акциски контроли и само во последните пет акциски контроли утврдено е дека 242 возачи не го платиле надоместокот за патарина што е задолжителен. Факт е дека во овие засилени акциски контроли дојдовме до сознание дека за жал, голем дел од прекршителите, односно најголем дел од лицата кои не го платиле надоместокот за патарина, користејќи различни картички или едноставно згодна прилика да поминат, се вработени во државните институции и тоа фактите говорат дека најголем дел од нив се вработени во Министерството за внатрешни работи, Армијата на Република Македонија, Министерството за одбрана, Царина, Македонија пат, Министерството за транспорт и врски, но има и одреден број вработени во дури министерства, како Министерството за локалната самоуправа, Министерството за труд и социјална политика, Владата на Република Македонија и неколку пратеници од Собранието на Република Македонија.

Со оглед на тоа што неплаќањето на патарината претставува прекршок на сите лица, изречена им е глоба во висина од 200 евра, а воедно институциите во рамките на своите интерни процедури, поведоа постапки за казнување на лицата заради злоупотреба на службени картички, бидејќи ваквите картички или други ознаки воопшто не се основ за ослободување од плаќање на патарина.

Би сакала да напоменам дека ваквите акциски контроли ќе продолжат и понатаму, бидејќи проверките покажаа дека сеуште голем е процентот на избегнување на плаќање на таксата и со тоа Буџетот на Република Македонија претрпува значителни штети.

Инаку, пратеникот Петров напомна и два случаи каде што полициски службеници се инволвирани во противправно однесување, јас би сакала само да напоменам дека во изминатиот период Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди значително ги интезивираше своите активност, што резултираше и со зголемена ефикасност на овој Сектор и притоа излегоа на виделина многу аномалии кои со години наназад се провлекувале несанкционирано, меѓутоа, во последниве две ипол години ваквите појави се најстрого санкционирани и се преземаат мерки на неселективна основа во функција на казнување на сторителите на кривични дела и прекршоци, без оглед дали тие се вработени во институциите, посебно без оглед на тоа дали се вработени во Министерството за внатрешни работи.

Само за илустрација би сакала да напоменам дека само во периодот од 26.07 до 24.12. 2008 година, значи последните шест месеци од минатата година Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди преземаше мерки за испитување на вкупно 404 случаи на посочени прекршувања на овластувања и злоупотреби од страна на овластени службени лица и полициски службеници. Притоа, вршени се во 361 од случаите проверки и постапувано е по претставки од граѓаните и притоа било посочено дека од страна на Министерството за внатрешни работи се појавени неправилности во работењето и во овие предмети утврдено е дека 51 од овие претставки се основани, а 48 се сеуште во тек, додека останатите биле претставки без основ. Во случаите каде што се утврдени одредени неправилности во работењето на сите припадници на Министерството за внатрешни работи од страна на Секторот за внатрешна

контрола и професионални стандарди предложени се соодветни мерки и најмногу од овие лица се саникционирани. Притоа, санкциите се различни зависно од степенот на прекршување и исходот на дисциплинските постапки и тука против 53 лица иницирана е постапка за утврдување на одговорност за кршење на работниот ред и дисциплина, 30 лица се прераспоредени, а на 23 службени лица им е намалена платата заради нарушување на процедурите за работа.

Во наведениот период, во случаите каде што се утврдени незаконитости во постапувањето на овластените службени лица што имаат одбележје на кривично дело поднесени се вкупно 49 кривични пријави против 52 службени лица за сторени различни злоупотреби и различни кривични дела, но најдоминантни се вкупно 46, кривичните дела за злоупотреба на службената положба и притоа 42-ца од овие полициски службеници се полициски службеници на Граничната полиција, но исто така би сакала да напоменам дека има и одреден број на кривични дела "употреба на исправа со невистинита содржина", кривични дела "примање на поткуп" итн.

На крајот би сакала да подвлечам дека ваквите засилени активности на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди продожуваат и во наредниот период, бидејќи цениме дека тоа е единствениот начин да се испрати јасна порака дека борбата против корупцијата и криминалот останува неселективна, без оглед на тоа дали некој е вработен во институциите, дали некој е полициски службеник, пратеник во Собранието или обичен граѓанин на Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот, односно дали сака да постави дополнително пратеничко прашање?

Има збор пратеникот Петров Горан, повелете.

**Горан Петров:** Благодарам претседателе.

Благодарам на одговорот. Се надевам дека и во иднина Министерството ќе продолжи вака како што е започнато. Нашата улога на пратеници ќе ја извршуваме, ако во периодот кој што следува видиме дека нема онаков интензитет како што најави министерката, повторно да го поставиме истото прашање. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Според редоследот за поставување пратенички прашања, следен за поставување е пратеникот господинот Владо Бучковски, повелете.

Има збор пратеникот господин Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Благодарам претседателе.

Претседателе на Владата, во духот на доброто однесување веројатно е предвидено пратениците кога поставуваат прашања вас да ве чекаат, да се знае кој е газда и во Парламентот. Затоа, немајќи намера да ве нервирам, сепак и јас ќе се држам на темата не што вие говорите, туку што правите на дело, како се одлепивте од реалноста, како влеговте во криминал и како го лажете народот.

Првата тема, првото прашање до вас: Дали е можно да сте толку одлепени од реалноста и да дадете согласност Министерството за внатрешни работи, во овие моменти, кога сите околу нас штедат, ги замрзнуваат платите во државната администрација, ги замрзнуваат дури и пензиите, а немаат ниту денар, евро, толар, за мебел и автомобили, да дадете согласност Министерството за внатрешни работи да набави нови 300 автомобили. Дали е тоа реално во овој момент и дали не е класичен пример за "одлепени" од реалноста.

Второто прашање претседателе на Владата е упатено до вас. Лајт мотивот за класичен пример за криминал е веќе фамозната ОКТА на која вие ноншалантно на минатата седница се обидувате да му одговорите на колегата Жерновски со следниве зборови, цитирам: "Моето писмо не е обврзувачко. Со тоа писмо не сум нанесол никаква штета. Хеленик Петролеум не бил привилегиран, нема никаква вина од страна на Владата " и на крајот завршувате: "Немам апсолутно никакво плаќање направено вон она што јас во овој момент го изјавувам овде".

Почитуван претседателе на Владата, поседуваме доказ кој заедно со колегите од ЛДП ќе го дадеме на Јавното обвинителство, каде што се докажува дека и покрај вашата желба да ги скриете трагите зошто Република Македонија плаќа 54 милиони долари штета, зашто очигледно е, 5% да има, почитуван Груевски, зошто Република Македонија треба да плати 54 милиони долари. Вие се договарате, вие се договарате со ОКТА единствено да не го исплати делот што го има пресудено Лондонскиот арбитражен суд. И погледнете чудо, вие давате дополнителен рок од 18 месеци на ОКТА за воведување на еколошки стандарди, затоа сега таму ни се трујат граѓаните во општина Илинден и во Миладиновци, се за да не биде оставена трага дека заради вас Република Македонија е оштетена со 17,3 милиони долари.

Но господине Груевски, сте направиле една грешка, не сте го погледнале целиот текст и не сте виделе дека во моментот кога во Трговскиот суд во Лондон во спорот Хеленик Петролеум - Мамидакис, во кој види чудо, вие се јавувате како сведок кој треба да објасни нешто што не се објаснува, зошто во приватен облигационен однос вие се дрзнувате и со вашето писмо пишувате дека заради виша сила се прекинува соработката со Мамидакис. Врз основа на тоа Судот пресудува и Хеленик Петролеум плаќа 17,3 милиони евра. Знаете како? 13,9 милиони евра ги плаќа врз основа на контото што го поседува во тој момент, а другите 3.360.000 УСА долари ги плаќа од времената ескорд сметка што ја поседувала Република Македонија, само заради вашиот потпис.

Господине Груевски, вие сега негирате. Негирате дека сте направиле штета. Во примерот во кој јас сум инволвиран и со првостепена пресуда ме судите за штетен договор во висина од 2 милиони долари, јас мрдав со главата и докажував со пишани докази, но на крајот вашиот министер за неправда ја донесе пресудата така како што била договорена.

Ве прашувам сега вас, за тоа што ве праша колегата Жерновски дали мирно спиете, дали калкулирате дека ако поранешниот премиер Бучковски за штетен договор, според министерот за неправда, а штета докажавме дека нема, деловите се тука, вредноста им е иста, Бирото за судски вештачења не докажа дека има штета, дали на сон не ви доаѓа дека за оваа штета од 3.360.000 долари всушност министерот за неправда не ви ја заокружи казната за некаде од прилика пет години затвор? Кој последен се смее господине Груевски, најслатко ќе се смее.

Одиме на третото прашање. Третото прашање е прашањето со кое Република Македонија влезе во Гинисовата книга на рекорди. Имаше претходно, заради пресудата на мечката во битолско влеговме во рубриката “Верувале или не”, осудивме мечка дека на некој селанец од неговиот атар му го крадеше медот, за сега да направиме нешто што дефинитивно не внесе во книгата на Гинисови рекорди, а тоа е одлуката што врз основа на наредбата што ја издаде министерот за неправда, човек кој беше даден во бегство, го ослободивме со кауција, не само него туку и четворица други, со куќа во Вејце која некој ја проценил дека е 300 илјади евра.

Ве видов господине претседател на Владата дека сте многу ревносен во дефинирањето на членовите кои предвидуваат во кои околности се изрекува мерката притвор. На едно од вашите полноќни шоуа предновогодишни дефиниравте: се изрекува мерката притвор, говоревте за нашиот претседател Заев, ако има опасност лицето да се даде во бегство, ако има опасност да го повтори делото и третото што го споменувавте, ако има опасност да влијае на сведоците.

Значи во нашата судска практика се потрудив да видам и околу дали ќе забележам ваков случај, лице кое е во бегство, со ваша наредба министерот за неправда да даде прво глас, да пушти до јавниот обвинител за организиран криминал - секоја чест господин Илиевски, прво тој да се откаже од можноста Министерството за внатрешни работи прво да го доведе осомничениот пред судот, па потоа да се обиде адвокатскиот тим на овој начин да го спречи судот во судењето и второто, директната наредба што ја издал министерот за неправда на Судскиот совет во Кривичниот суд во Скопје да се донесе најскандалозната одлука во македонското судство и таа да биде објавена, повторно како што вели колегата Макрадули, на еден голем христијански празник, вториот ден на Божиќ, кога мислевте дека никој нема да следи што се случува Кривичниот совет врз основа на наредба на министерот за неправда ја носи оваа скандалозна одлука.

Моето прашање е дали имате намера да поведете постапка во Советот за јавни обвинители за барање одговорност на јавниот обвинител за организиран криминал.

Второто прашање е дали имате намера да покренете одговорност за судскиот совет преку вашиот министер за неправда околу одлуката што ја донесоа тројцата судии во Кривичниот совет.

И третото прашање што треба да биде логично: кога конечно господинот Груевски ќе сфатите дека на овој начин Република Македонија не може да функционира.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Сите три прашања беа поставени до претседателот на Владата на Република Македонија.
Во однос на првото прашање одговор ќе добиеме од претседателот на Владата на Република Македонија господинот Никола Груевски, повелете.

**Никола Груевски:** Благодарам.

Со оглед дека првото прашање е од делот и делокругот на работење на Министерството за внатрешни работи ќе одговори министерката за внатрешни работи.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор министерот за внатрешни работи, госпоѓата Гордана Јанкуловска, повелете.

**Гордана Јанкуловска:** Благодарам претседателе.

Благодарам за прашањето до пратеникот Бучковски.

Точно е дека Министерството за внатрешни работи распиша тендер за услуга, лизинг, според кој на користење има 300 автомобили од различни компании кои даваат ваква услуга.

Ова е направено во функција токму на штедење и на рационално користење на ресурсите, затоа што автомобилите за потребите на Министерството за внатрешни работи се основно средство за работа, и за разлика од времето кога господинот Бучковски беше премиер и кога полицијата воопшто не излегуваше на терен, во времето на оваа Влада полицијата постојано е на терен и освесно си ги извршува своите должности и надлежности.

Овие автомобили се распоредени по различни организациони единици на Министерството за внатрешни работи, секторите за внатрешни работи и надворешните канцеларии. Сведоци сме дека некои од нив за прв пат после 15 години добиваат на располагање исправни автомобили како основно средство за работа. Значи, повторно на крајот ќе завршам со тоа дека не се работи за набавка на автомобили,туку се работи за услуга лизинг од компаниите кои даваат таква услуга. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Дали пратеникот е задоволен од договорот односно дали сака да постави дополнително пратеничко прашање.

Има збор господинот Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски**: Почитуван претседателе на Владата, немавме намера во овие битни моменти за вас да ве доведеме во нокдаун, немавме ни намера да ве нокаутираме. Беше доблесно вие да одговорите. Немаше потреба да кажува вакви глупости министерот за внатрешни работи. Па не сме мали деца. На услуга се зема автомобил од Рентакар, тоа е услуга. На лизинг се купува автомобил, го добивате на користење во владение, а одложно плаќате. Немојте да се лажеме. Значи, вие сега ни кажувате дека имате земено 300 автомобили рентакар, со рентакар се вози Министерството за внатрешни работи. Како не ви е срам? Направивме пренамена, земавте средства на незаконски начин вие од Министерството за внатрешни работи 10 милиони евра. Па не ги потроши сите тајната полиција, ако е основно средство за работа, а не е основно средство за работа да ја слушате пола Македонија. Таа услуга не ви е потребна, таа е вишок услуга. Тоа е како на оние телефоните да се јавувате за поинакви услуги што се прават големи сметки. Тоа е задоволство. Е такво задоволство како што има секој основно средство за работа, како што велите, се плаќа. И не се смејте така министерке за внатрешни работи затоа што за тоа вие се потврдивте, стои голем скандал. На повикот најдобрата понуда ја имаше една друга компанија која прекуноќ, не знам дали е со согласност на претседателот на Владата. Случајно најдовте дека 5 возила биле надвор од просторот за консигнација и му го запленивте сиот товар што требаШе да замине во рацете на полицајците како најевтина понуда. Се споменува низ чаршијата, затоа што ние сме сега дел од чаршијата, вие сте дел од власта. Дека станува збор за најдобрата понуда на КИА СИТ, а дека овие 300 возила се земени од поскапи понуди. Сега затоа купувате време да ја замајате јавноста: не сме купиле во оваа немаштија 300 возила, туку сме ги земале на услуга со лизинг. Ако ми најдете дефиниција дека со лизинг се пружаат услуги, јас јавно ќе ви се извинам. Но, ако ви докажам, како што ви докажавме многу работи дека не е така, дека лизингот е начин на пренесување на владението, а вредноста одложено се плаќа, тогаш ќе треба вие јавно да се извините дека го лажете македонскиот народ.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Дали имате дополнително пратеничко прашање?

Во однос на второто прашање ќе одговори господинот Никола Груевски, повелете.

**Никола Груевски**: Благодарам за прашањето.

За претходното претпоствувам господинот Бучковски ќе научи разлика помеѓу владение и сопственост.

За второто прашање би одговорил следното, дека тоа и минатиот пат беше потегнато, но очигледно во недостаток на идеи за прашања, СДСМ ги повторува прашањата. Ќе споманам следното дека пресудата која што беше донесена во врска со ОКТА во најголем дел е донесена затоа што договорот не е почитуван и претежно не е почитуван во периодот 2003-2005 година. Така што износот што се плаќа во најголем дел се однесува на тој период заради непочитување на Договорот во тој период.

Втора работа што исто така е неточна, имше серија на неточно работи. Но, нема да се задржам на сите, дека само за незнам кој дел биле намалени средствата при исплатата со Анексот. Ќе ви кажам дека пресудата беше околу 90 милиони, 94 милиони, а се сведе на околу 40 милиони плаќање. Така што далеку е од вистината тоа што го кажувате. И уште еднаш потврдувам дека во тој дел имаме комплетно чиста ситуација. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот, односно дали сака да постави дополнително пратеничко праШање.

Има збор господинот Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски**: Значи, подготвен сум да држам безплатни семинари за Владата за дефиниција што е сопственост, што е владение? Но, не сум подготевн да бидам соучесник во оваа лакрдија што ја правите, лажејќи го македонскиот народ. Како што вие сега господине претседател на Владата не ме демантиравте дека сте нанеле штета од 3 милиони 360 илјади американски долари. Тоа не е во периодот 2003-2005 годин, тоа е во периодот 2001 година. Тогаш го изгубивме ние овој дел од наплатата што требаше да биде 90 милиони. Но, како вие се договоривте ? Па има пишани документи. Хелениk Петролеум се откажува од она што вас ве боли, а тоа е оваа штета од 17,3 милиони долари. И се откажува од каматите и доаѓаме до плаќање на 54 милиони. Но, што правите вие за возврат? Го имате договорот пред вас, или треба Ставрески да го каже. Тешко вас ако го правел Ставрески тој анекс. За 18 месеци ја одлагате примената на еколошките стандарди за воведување на стандардот еуро 5. Заради вас и заради Ставрески значи Република Македонија ќе плати и средства, затоа што немаме можност 18 месеци да се произведувА во Република Македонија гориво со еврпоски стандарди, ќе го плати тоа и со пари, но и со здравјето на граѓаните на Република Македонија. Значи, господине Груевски нема што дополнително да ве прашам кога се што ве прашувам веќе е документирано. Значи, се е документирано. Како што вие и самите знаете дека има документи за оваа сметка за која говориме, времената сметка од кој го наплатија вашето необрзувачко писмо, со кој како министер за трговија како најодговорен прифативте грчката страна има дадено изјава грчкиот адвокат кој ги застапува интересите на Хелениk Петролеум, дека ви го испратил драфтот на писмото, го има тоа дадено пред судот во Лондон. И вие да одите во Лондон да бидете сведок за Хелениk

Петролеум во изгубен спор каде што треба да докажете дека имало вис мајор, дека имало виша сила. Која виша сила? Затоа заради ваШето писмо го изгубивме овој дел од Договорот меѓу Мамидакис и Петролеум и непотребно се вмешавме како трета страна што на крајот иако вие мислите дека се спасивте со тоа што сте се договориле со Анексот да не се платат 17, 3 милиони американски долари, ги заборавивте овие 3 милиони 360 илкади долари кои веќе беа претходно платени.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Со оглед на тоа дека немаме дополнително пратеничко прашање, преминуваме по однос на третото прашање кое што е поставено до претседателот на Владата на Република Македонија .

Има збор господинот Никола Груевски, повелете.

**Никола Груевски:** Третото прашање е поврзано со судството и тука не би давал кој знае колку коментар, затоа што не би сакал да ги коментирам одлуките на судовите. Се разбира дека, доколку има некакви неправилности Судскиот совет ќе си преземе мерки за тоа, тој е согласно законите надлежен за такви работи.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот, односно дали сака да постави дополнително пратеничко прашање.

Има збор пратеникот Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски**: Почитуван претседателе на Владата, би ценел кога би биле доследни. Во вашите полноќни шоуа ве слушнав со мои уши го коментиравте мојот случај, го коментиравте Змиско око, го кометиравте случајот Заев. Од тие 3 случаи, два не се завршени: Змиско око и случајот во кој јас сум инволвиран. Така што и во првиот и во вториот и во третиот случај инволвиран е министерот за неправда. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Со оглед на тоа дека немаме дополнително пратеничко прашање, според редоследот на пратениците кои ќе постават пратенички прашања е следниот пратеник господинот Ѓорѓи Оровчанец, повелете.

**Ѓорѓи Оровчанец**: Благодарам господине претседателе.

Правилата на игра во ова Собрание станаа такви да човек после пола година може да дојде во ситуација да постави прашање. Не би ме изненадило ако после пола година господине претседателе биде забранет збор на оваа говорница, затоа што гледаме дека...

**Трајко Вељаноски:** До мене ли е поставено пратеничкото прашање?

**Ѓорѓи Оровчанец:** Не. Ова е само една констатација во увод. Зошто нема да има прашања? Затоа што се во оваа држава е толку добро и веќе станува излишно, или дегутантно да се поставуваат прашања за работи кои фантастично одат. Единствено што не ми е јасно во целава оваа ситуација е, како тоа Република Македонија стана последна земја, не на Балканот, туку во Европа, а се оди така добро. Бидејќи има премногу прашања јас ќе се задржам на нешто што се глобални прашања, а што се од витален интерес за сите.

2006 година изборите дојдоа, се наметнаа големи очекувања, големи потреби, се дадоа и големи ветувања, пред се изразени од страна на владеачката структура преку Програмата од 100 чекори, каде што меѓу другото стои и како, на кој начин ќе функционира таа Влада, како ќе има чесност, отчетност, како ќе има резулатати сега и одма уште од време на локалната самоуправа и како во таа Програм од 100 чекори ќе имаме практично политика на вработување во Република Македонија која ќе биде од општ интерес за сите граѓани во Република Македонија. Меѓутоа, како оди времето произлегува дека сето ова е само работа која е шпекулативна. И денеска дојдовме до ситуација да шпекулираме за бројот на нови вработувања во Република Македонија. Зошто го зборувам ова шпекулирање? Затоа што шпекулациите одат до информации за 100 илјади нови вработувања. Мене лично тоа не ми е прифатливо како податок и бројка. Меѓутоа, имаме една ситуација во која што се вработуваат луѓе, а не се запослени, дури немаат ни столче каде да седнат. И онаа народна изрека што беше: клати врата, земи плата, сега не може ни таа да се спроведе, затоа што на една врата има четворица и нема кој да ја клати. Со други зборови, вработени се, ама не се запослени, не знаат ни што да работат. Дали на овој начин практично Владата се претвори во акционерско друштво за вработување и на тој начин реализира еден социјален сегмент во одреден смисол, а во друг смисол прави коруптивност со вработување и купува гласови. Тоа што не го направи бившиот премиер Владо Бучковски, го прави оваа Влада, односно со пари на граѓаните си ги купува гласовите на граѓаните изразено преку примарниот проблем во оваа држава, а тоа е вработувањето.

Мене ме интерсира како може да дојдеме во ситуација во одредени јавни организации да имаме такви турбуленции што во прашање е и професионалното работење на тие институции. На пример, Катастарот во Скопје во кој им околу 150 вработени, просекот на стаж или искуство им е 2,5 години што значи цела структура е сменета од 2006 година до сега. Земен е кредит од Светска банка и тие не знаат што да прават, резултатите се тие што се, или е тоа само вработување за одредени потреби. Дали е вработувањето исклучиво преку Влада на Република Македонија, или преку Агенцијата “Партнер” која што нефорално ја третираат како партиска агенција за вработување. Има многу шпекулации од минимални бројки кои ги пласира Владата дека се 6 илјади вработувања до бројки до 106 илјади. Јас би молел Владата во рок од месец дена, таа би требала и порано тоа да го заврши, да ни даде писмен одговор колку нови

вработувања од 2006 година до сега има реализирано Владата. Со други зборови, колку има заменето едни со други. Затоа што бројот на вработени и бројот на невработени како проценти остануваат исти. Со други зборови се прави само замена на акционерите во доменот на вработените. Значи, за ова барам од Владата писмен одговор.

Второ прашање, а со тоа и ќе завршам. големите очекувања што беа наметнати доведоа до кризи. И гледаме дека Република Македонија покрај економската криза која не ја признаваше Владата покрај кризата на вработување во политичкиот сегмент направи уште една криза минатата година кога направи вонредни избори. И можеме сите да зборуваме се и сешто, меѓутоа одговорноста на Владата е примарна, доминантна да направи фер и демократски избори. Минатите избори беа оценети како што беа оценети и сите сме сведоци на тоа што ни се случува. И сега сме пред нови избори. Дали оваа Влада мисли воопшто, по мене, доколку има инциденти, а таа е одговорна, веднаш да си даде оставка затоа што на трета мајка веќе не важи, по трет да си дозволат да имаме лоши избори, а тие да ги организираат.

Друго што би сакал тоа е да прашам, бидејќи Владата континуирано го раскара македонскиот народ меѓу себе, гледаме дека континуирано не внесува во нови кавги буквално со меѓународната заедница**,** ДУИ на последната конвенција околу изборот за претседателски кандидат беше напомнато од премиерот дека до колку бил избран другиот кандидат ќе имало многу концесии односно отстапување на Република Македонија спрема меѓународната заедница, што очигледно укажува на гледањето дека меѓународната заедница ни е непријател, а не партнер во спроведување на нашата интенција кон евроатланските интеграции. Потоа неспретните изјави од типот на нацистичка Европа, па она што е само сигурно со субвенционираниот рејтинг кој го има Владата, па потоа договорите од типот мајски, сега јануарски па го има, па го нема итн., мислам дека оваа држава е влезена во “Вертиго”, кој не го гледал филмот, или не му е јасно тоа е бесконечно паѓање. Мене ме интересира дали останало малку свесност и патриотизам во структурата на Владата, пред се кај премиерот, да ја увиди реалната состојба и да сфати дека наопаку се оди и врз база на едно такво сознание, кој ќе биде датумот, господине премиер, кога ќе си дадате оставка во интерес на Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Господине Оровчанец јас разбрав дека имате две прашања до Владата. За првото побаравте писмен одговор.

Во однос на второто прашање кое што е упатено до Владата на Република Македонија, имаше за изборите, имаше за името, имаше повеќе работи. Има збор претседателот на Владата на Република Македонија, господинот Никола Груевски, повелете.

**Никола Груевски:** Исклучително тешко е вака да се дефинира прашањето на господинот Оровчанец, имаше една подолга беседа во која изнесе многу обвинувања, неточни констатации, нешто што сум кажал во Универзална сала го немам таму кажано и т.н., така што на крајот некако како да разбрав дека праша кога ќе сме дале оставка. Тогаш кога граѓаните на Република Македонија ќе ценат дека оваа Влада не треба да биде веќе на власт, тогаш оваа Влада ќе си замине. Тоа е тоа. Додека граѓаните сметаа дека треба да биде, ќе биде оваа Влада, кога нема да сметаат, нема да биде. Тоа е тоа. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот односно дали сака да постави дополнително пратеничко прашање.

Има збор пратеникот Ѓорѓи Оровчанец, повелете.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Благодарам.

Сите работи што ги кажав, ги видов во медиумите во електорнските и пишаните. Лично не присуствував, така што не можам лично да кажам дека сум ги видел. Меѓутоа како што јас ги видов, ги видоа и ред други граѓани и тие го делат моето мислење дека тоа е така кажано. Ако вие сте имале друга намера нешто друго да кажете, а ова сте го пренеле, тоа значи дека имате проблем во изразувањето, и наведов два факти.

Ако овој пат гледате дека не третираат малтене како малоумни, секој ден ни објаснуваат дека за да бидете демократска земја треба да имате фер и демократски избори. Минатите беа не фер и недомократски избори, благодарение на лошо организираните избори од страна на власта. Таа е првиот и основен виновник. Ако овој пат тоа се случи Влдата по автоматизам треба да си оди, да си даде оставка. Не смее да има Влада која два пати организира избори кои се лоши.

Третото прашање е многу прецизно, а тоа беше кој час, кој ден, кој месец, која година Владата ќе сфати дека работи лошо. Или ќе ја исправи политиката или ќе сфати дека работи лошо и да си даде оставка.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Дополнително ли беше ова прашање, или констатација.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Немам дополнително прашање.

**Трајко Вељаноски:** Добро, штом немате дополнително прашање, тоа е ваша лична констатација.

Продолжуваме понатаму со пратениците кои се приајвени за поставување на пратенички прашања.

Следен за поставување пратенички прашања е господинот Талат Џафери, повелете.

**Талат Џафери:** Благодарам господине претседателе.

Јас имам две прашања до министерот за одбрана, а едно прашање за министерот за здравство.

Во 2008 година, во периодот јуни-јули, се случи трансферот на многу старешини, професионални војници од едни единици во други единици со што од аспект на нивниот професионален статус не им се уредени прашањата на сместување или распределба по работни места, или пак распределба според соодветната формација. Како последица на тоа има многу кои се јавуваат кај нас за решавање на овој нивни проблем.

Без да навлегувам во индивидуалнио таспект на секој од овие случаи, мислам дека би било упатно Министерството претходно да излезе со извештај, како одговор на оваа моја констатација, за овие прашања со листата на офицери албанци во армијата и во таа иста листа треба да има податоци за тоа кој од нив индивидуално е поставен според формацијата и кој од нив не е формациски поставен туку е испратен на работа во некоја друга единица според истиот терк, преглед на подофицири и за професионалните војници со албанска припадност.

По добивањето на овој преглед или пак на овој писмен одговор, претпоставувам дека во овој момент минситерот не може да даде точни, прецизни и бројчани податоци, на следната седница ќе можеме преку одговор на поставените прашања да дискутираме за ова прашање.

Второто прашање исто така до Министерот за одбрана е фактот на материјалната одговорност на припадниците на АРМ за евентуалните штети што ги прават на опремата, или пак во текот на користењето на тие опреми. И во овој случај ќе кажам еден индивидуален пример кој е во однос на повредување на законите. Конкретно се работи за одлука за решение за отштета кон поранешниот официр Али Хејредин Хајрула со задача во единицата 34,6, кој бил со задолжение до 2007 година. Со ова решение од 26 јуни 2008 година, значи по 8 месеци откако му престанува работниот однос во Министерството за одбрана односно во Армијата, лицето се товари за надоместок на штета во вредност од 3.700.000 и нешто денари.

Според моето мислење, ова е во спротивност со постоечките закони заради фактот што од 17 октомври 2007 година до јуни 2008 година лицето не е во работен однос и материјалната штета се констатира во јуни 2008 година кој манипулирал со опремата од октомври 2007 до јуни 2008 година.

Според документацијата, може да види и министерот и самито да констатира дека не се почитувани временските рокови за овој вид на активност во Министерството односно во АРМ и неправично, лицето кое не е во работен однос, по престанок на работниот однос сепак се обврзува да исплати или надомести штета од 3.7000.000 денари.

Верувам дека овој случај, врз основа на информациите што ги поседувам, не е единствен случај, меѓутоа како таков да може да се употреби од страна на министерот за сите следни случаи кои ќе се јават да се избегнат односно да се прекинат ваквите постапки за надоместок на штета од фактот што може да пресметате, на пример според листата што се дава, лицето изгубило 5 километри жица која се користи за врски. Лицето изгубило 209 шлемови за заштита од пожар и т.н.

Се поставува прашање како може ова лице да ги извади овие предмети од касарната, кога се знае дека начинот на чување на опремата е со поинаква регулатива, друг начин и врз основа на ова бројката што се спомнува не е можна. меѓутоа начинот на манипулација или ракување со предметите не било во согласнсот со правилата и во ниту еден момент не се кажува дека од момнтот на прекин на работен однос до април 2008 година ниту една комисија не е основана или оформена за констатација на фактичката состојба на опремата или на предметите, туку тие предмети се користени од октомври 2007 година и натаму. Во јуни и тоа по изборите, на 23 јуни се покренува ова решение за надоместок на материјалната штета. Значи има неколку моменти кои го ставаат под сомнеж функционирањето или пак набљудувањето на ракувањето со предметите или опремата во Армијата дека не е во согласност со предвидените правила.

Моето трето прашање е до министерот за здравство, меѓутоа имајки го во предвид фактот дкеа претходно разговаравме за ова прашање и минситерот ја знае проблематиката за која јас сакав да поставам прашање, верувам дека во согласност со тоа што го кажа министерот и соодветните институции или пак соодветните клиники, во рокот што ќе го утврди минситерот, за тоа што разговаравме, да добиеме одговор за барањето на пациентот, а тоа е барање за третирање на еден поранешен пратеник кој се лекува во клиниките во Република Македонија. Барањето е во однос на понатамошно третирање на истиот пациент во странство и верувам дека за некој временски рок што ќе го определи министерот, ќе го задржам правото по две седници сепак повторно да го поставам ова прашање што мислев денес да го поставам. Значи сега нема да го поставам прашањето, меѓутоа го задржувам правото по две седници да го повторам до колку има потреба. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Колку што ве разбрав имате две прашања до минситерот за одбрана, а едното прашање а минситерот за здравство го одлагате за следната седница.

Во однос на првото прашање побаравте писмен одговор од министерот за одбрана. Така господине Џафери?

**Талат Џафери:** Мислам дека ќе биде оправдано за двете прашања да ми одговори во писмена форма затоа што се работи за бројки што верувам дека не е во можност да ги има во овој момент. Затоа само ги истакнав случаите и до колку има

потреба поконкретно по седницата сепак можам да му ги дадам тие податоци.

**Трајко Вељаноски:** Значи двете прашања се поставени до министерот за одбрана за кои бара писмен одговор господинот Талат Џафери.

Продолжуваме понатаму.

Следен за поставување на пратенички прашања според редоследот што е направен на координација, е господинот Бесим Догани, повелете.

**Бесим Догани:** Благодарам господине претседателе.

Почитувани пратеници, малубројни кои сте присутни, дозволете ми најнапред да констатирам дека денес излегувам пред вас само да и дадам почит на институцијата пратенички прашања.

Иако интересот од двете страни е извонредно мал, дозволете ми на почетокот да констатирам дека човекот кој ни треба денес овде, човекот кој треба да биде овде, заедно со институцијјата која ја претставува, Секретарјатот за имплементација на Охридскиот рамковен договор, како и секогаш и денес не е присутен на оваа седница. Мислам дека премиерот овој пат ќе му проследи сериозно дека е потребно да биде присутен и да ни одговори на нашите поставени прашања.

Дозволете ми исто така да констатирам дека на моите претходни прашања сеуште не сум добил одговор, верувам дека некој ден кога ќе бидат готови, претставниците ќе ми одговорат на моите прашања.

Дозволете ми да констатирам уште една друга вистина која ми оневозможува со сериозност да се зафатам со институцијата пратенички прашања.

Во моменти кога нема работа и активности, нормално дека не може да има прашања или коментари. Во оваа насока нормално, не се обраќам на целата Влада туку се обраќам на поголемиот дле од Владата која нема интерес ниту да учествува, ниту да реализира проекти за кои ја добија довербата од граѓаните, но и од пратениците, кога се избра актуелната Влада. Има еден месец откако се донесе Буџетот за 2009 година и ние сеуште не знаеме каде ќе ги потрошиме овие пари.

Не сакам да поставам прашање за железничката пруга Кичево-Албанија за која се расправаш и во текот на минатата седница кога еден преник од парламентарното мнозинство рече дека во 2009 година ќе почне реализацијата, а премиерот демантира и кажа дека нема пари за тоа и дека овој проект ќе отпочне во 2010 година.

Не сакам да поставам прашње до министерот за економија бидејки сите бевме сведоци, вчера имаше многубројни критики на експерти од Европската комисија.

Не сакам да поставам прашање за инфраструктурни проекти бидејки освен што не слушаме за нови инфраструктурни проекти, посебно во делот населен со албанско мнозинство, туку не слушаме што ќе се случи со усвоените проекти од минатата Влада кои треба да имаат континуитет, како што се спортските сали, училишните спортски сали, уредувањата на училиштата и т.н.

Дозволете ми исто така да изразам мое задоволство од унапредувањето на статусот на албанците во Република Македонија, во сите области од животот, што веќе од ден на ден се гледа се појасно.

За претседателските избори, премиерот вели дека неговата партија и тој самиот, македонците на ниту едне начин, ниту денес, ниту во 2014 година, никогаш нема да гласаат за кандидат Албанец, што укажува на спремноста за соживот, за унапредување на соживотот во Република Македонија.

Инаугурацијата на куќата на мајка Тереза, една светска илуминистка, се врши инаугурација без ниту еден Албанец, не се предвидува да одржи говор или да ги претстави Албанците во овој свечен настан.

Да не говорам за рекламните кампањи на Владата каде речиси ниту една реклама не е на албански јазик.

Имплементацијата на албанскиот јазик, еве веќе помина половина година откако се изгласа таканречениот Закон за албанскиот јазик, како што милува ова да го рече партијата на власт, иако ние знаеме дека има долг назив овој Закон, расправавме по однос на ова прашање неколку пати, не сакам да се повторувам, но еве ниту ден денес немаме имплементација дури на тој Закон ограничен во однос на албанскиот јазик, немаме материјали на албански јазик, немаме потребен превод на албански јазик, собранискиот канал Албанците не можат да го слушаат на албански јазик, говорам за комплетиран начин, не само делови кои се слушаат преку вторито канал или со вториот аудио канал.

Денес ќе поставам едно прашање, малку глобализирано, за министерот за образование.

Еве неколку месеци сведоци сме за многу проблеми во областа на образованеито. И самиот министер изјави дека правото на образование е универзално право, право кое не се попречува на никого во цел свет и дека демократскиот капацитет на една држава зависи од капацитетот на нудење на услови за образование.

Имам проблеми, господине министре, во училишните простории во Куманово каде учениците на невиден начин учат во три смени, учат во саботите, само со еден факт дека имаат голема желба за учење. Имаме проблеми со училиштето во Арачиново каде според вашиот заменик министер не се говори за училиштето во Арачиново во 2009 година. Можеби ќе се говори во 2010 година. И многу други случаи кои ги знаете и кои сме ги нагласиле.

Второ прашање или потпрашање за министерот за образование е следното:

Имаме решенија, ексклузивно, за професорите или наставниците албанци.

Вие знаете дека со години во многу училишта и многу градови низ Македонија наставниците и професорите работат 6, 7, 8 или 9 години и никако не им се даваат овие работни места. Имавме обвинувања од Албанците дека наводно САШК ги излажал дека ќе добијат решенија, но не добиле. Мислам дека овој проблем не е проблем на пазарење со САШК туку е ваш проблем како Министерство за образование и јас сакам да слушнам од вас дали ги имате листите на тие наставници кои работат со години со договр за дело и на истите не само што не им се даваат решенија, туку во многу случаи се заменуваат со други наставници за разни интереси, било партиски, пријателски и т.н.

Третото прашање кое исто така говори колку квалитетен беше таканаречениот Закон за употребата на албанскиот јазик, колку унапредува овој Закон што вие го донесовте, говори и фактот за една новина, за едно понатамошно унапредување на Албанците во областа на образованието.

Со овој закон сега педагошката евиденција што треба да ја вршат наставниците треба автоматски да се врши на два јазици. Не само на албански, како што беше претходно, туку сега на македонски, а после и на албански јазик. Ова јасно говори за унапредувањата во Република Македонија.

Уште еднаш изразувам мое лично задоволство за овие позитивни чекори што вие, како парламентарно мнозинство ги преземедовте. Но верувам дека, да даде Господ нема да продолжите по овој терк. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Инаку, за информација, претходната седница посветена на пратенички прашања беше на 12 јануари. Затоа и нема некои одговори, писмени одговори на прашањата, не само кон вас господине Бисим Догани, туку требаше да се достават писмени одговори и до други пратеници кои побараа писмени одговори. Мислам дека на следната седница што ќе биде посветена на пратенички прашања ќе стигнат одговорите. Ќе има доволно време да достават тие одговори.

Инаку, вие изнесовте свои констатации што повеќе личат на ваши констатации. Како што разбрав вие имате едно прашање упатено до министерот за образование и наука.

Одговор на поставеното прашање ќе даде министерот за образование и наука, господинот Перо Стојановски, повелете.

**Перо Стојановски:** Благодарам претседателе.

Точно е дека со години station наназад имаме проблеми со просторните услови и со начинот на кој што се реализира наставата на територијата на Република Македонија. И тоа, не само во Куманово, туку во поголем број на училишта во Македонија.

Она што го направивме е, направивме приоритети како и на кој начин да ги надминеме трајно проблемите, а не решавањето на овие проблеми да биде ад хок и едноставно, наредната година повторно да се соочиме со истиот проблем.

Така, кога станува збор за Куманово, веќе тендерот заврши. Избран е најповолен понудувач за реконструкција и адаптирање на касарната во Куманово и така ќе се реши шест годишниот проблем на учениците од “Гоце Делчев”, кои работат во три смени, како што кажавте и самите. Во меѓувреме се транспортирани времени објекти во дворот на касарната, каде што деновиве треба да се почне со настава.

Што значи имаме и времено решение се до адаптирање на касарната, меѓутоа наредната учебна година овие ученици ќе почнат да ја реализираат наставата во новиот објект.

Исто така би ве замолил да ја погледнете и Програмата за реконструкција односно Програмата на Владата за капитални инвестиции во делот на основното и средно образование. Токму она што го посочивте вие како проблем во Арачиново, определени се доволно средства за реконструкција на училишната зграда во оваа општина.

Што се однесува до ангажирањето на наставниците и професорите подолг временски период кои работат по договор на определено време, сакам да кажам дека во однос на трансформацијата веќе работи работна група формирана од страна на Министерство за образование и наука, во која што комисија членуваат претставници од СОНК, претставници од ЗЕЛС, претставници од Министерството за финансии и претставници од Министерството за труд и социјална политика. Така што, врз основа на утврдениот правилник и утврдените критериуми ќе почнат трансформациите на работниот однос на сите оние лица кои ги исполнуваат условите, согласно Законот за работни односи. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот или сака да постави дополнително пратеничко прашање?

Има збор пратеникот, господин Догани Бесим, повелете.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине претседателе.

Господине министер,

Делумно сум задоволен од вашиод одговор. Не сакам да бидам критичен само за да бидам критичен, туку верувајте работата е во тоа дека навистина учениците и наставниот кадар патат и од нив секојдневно добиваме апели за што побрзо да се решат овие постојни проблеми.

Се согласувам дека проблемите не се од денеска, туку се веќе 17-18 години. Но, би побарал од вас што поискрено работење, би побарал од вас да ги имате предвид сите училишта, сите градови, да ги имате во предвид регионите каде што проблемите се поголеми и постари и би побарал од вас, ако е можно, писмен одговор за подетално да знаеме, со тајминзи, кога ќе се работи, каде ќе се работи,

колку би се инвестирало, кога очекувате да завршат некои процедури, процедури што се однесуваат до решенијата што треба да им се дадат на некои мошне добри и квалитетни наставници кои веќе долги години работат, а не им е решено најосновното животно прашање.

Затоа би сакал поконкретен писмен одговор и подетален, со рокови, за да можам јас да им одговорам на моите сограѓани, на мојот електорат. На крајот на краиштата и самиот да се информирам бидејќи верувајте, информациите што ги добиваме ние или се никакви или се недоволни за нас. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Имате дополнително пратеничко прашање, за кое што сакате писмен одговор.

Продолжуваме понатаму.

Со оглед на редоследот на пратеници за поставување пратенички прашања што е направен на координацијата, следен за поставување пратенички прашања е госпоѓа Бендевска Весна, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги, почитуван премиер, почитувани министри и заменици министри,

Жалам господине премиер што не поверувавте дека во раните утрински часови припадници на специјалните полициски сили нападнаа граѓани, кои, согласно Уставот и законите имаат право да организираат протест. Тоа беа млекопроизводителите. Имаме информации дека пет од нив во Битола се хоспитализирани.

Дали знаевте или не, се едно. Вие сте одговорен за целокупната состојба во која се наоѓа Република Македонија, и кога знаете и кога не знаете. Тоа на сите ни е јасно.

Денеска, во овој момент, пред малку, добив известување по СМС порака дека и во село Миладиновци биле организирани протести од страна на млекопроизводителите. Осум комбиња, повторно припадници на специјални сили, ги растерале.

На снимателите од Алфа и Канал 5 и Алсат кои биле на местото на настанот не им било дозволено да снимаат. Ама знаете како, вие еднаш добро кажавте дека вистината е како шило и излегува надвор.

Господине Груевски, имате ли сознанија колку луѓе плачат како директна последица на политиката што ја спроведувате, и стратегијата метода на уцени, заплашувања, притисоци врз се она што вие не го маркирате дека е носител на идејата на ВМРО-ДПМНЕ?

Претпоставувам затоа е и оваа ваша медиумска кампања. Господине Груевски, сте се потпишале зад медиумската кампања “Секоја солза е болка - не ја предизвикувај”. “Ослободи го умот - отворија душата”.

Господине Груевски,

Сакам да ве известам, а потоа и ќе ви го доставам како документ еден мејл од почитуваниот директор на Царинската управа господинот Ванчо Каргов. Вие господине Груевски може да разговарате по многу нешта, ама ова е доказот на кои и Берија може да ви позавиди. Ова се луѓе, имиња и презимиња, за кои господинот Ванчо Каргов, на 12 октомври 2008 година, од својот мејл во 7,47 часот го доставил до Раде Митевски, Златко Поповски, Божо Лозановски, Наташа Радуловска, Зоран Цветковски, до Жаклина Трајковска, Снежана Пантирова, Методи Мицевски и господинот Дарко Дулиќ. Ќе ви го прочитам внимателно:

Предмет на овој мејл е за бивши и сегашни вработени кои ја тужат Царинската управа, а ја тужат затоа што спротивно на законските одредби ги изгубиле своите места, од моментот кога господинот Каргов го назначивте за директор на Царинската управа. Господинот Каргов вели:

“Почитувани колеги,

Ве молам да ја преиспитате работата на тие што не тужат и да се иницираат кривични пријави”.

Господине Груевски,

Секој има право, незадоволен од одлука на суд, да тужи. Ама не и господинот Каргов да издава наредба за иницирање на кривични пријави, бидејќи тужењето не е кривично дело.

Понатаму продолжува господинот Каргов:

“На тие кои сеуште работат, (ова е директна наредба) 15% секој месец од платата да им се задржува.

Жаклина (вели господинот Каргов, претпоставувам до госпоѓата Трајковска) те молам за информација дали и колку предлози се поднесени за -15% за ноемвриската плата?”

И сега следи една пцост што не сакам да ја прочитам: “Таму каде што не се поднесени да се казнат раководителите со 15%. Ако тоа не се стори, ти ми одговараш”. Плус вели: “Жаклина има и други кои ја тужат Царинската управа, работат во централна управа, зошто и тие не се селектирани, зошто и за нив -15%.

(Реакции од место)

**Трајко Вељаноски:** Ве молам госпоѓо Бендевска пратеничко прашање е и ве молам до кого е насочено, затоа што гледам многу од пратениците имаат свои констатации.

**Весна Бендевска:** Госпоѓа Жаклина Трајковска, ве молам да ми го вратите времето, бидејќи говорам за луѓе, имиња и презимиња со солзи во очите. За тоа говорам.

Госпоѓата Жаклина се обидела и ќе ги прочитам само, бидејќи сум од Битола, вака вели:

“За вработените во Царинарница - Битола на кои им престанал работниот однос во Царинската управа потребно е да се изврши ревизија на нивното работење во последните три години пред денот на престанокот. Оваа ревизија да ги опфати следните: Зоран Костовски, Сашо Спасески, Киро Димов, Ѓорѓи Шундовски, Александар Наумов, Христо Пинза, Горан Јоневски, Горан Невеновски, Илија Шабревски, Фатри Жута, Никола Гачевски,

Јован Таневски, Димитар Спирковски, Исак Ѓорговски, Субхан Арифи” 15 од Битола.

И, бидејќи времето не ми дозволува, а сакам да ги испочитувам, во Царинарница Скопје оваа ревизија треба да ги опфати Марјан Лазаров, Љубомир Габеров, Аднан Џафероски, Менанд Хасиќ, Зеки Садику, Душан Смиљковски, Драган Чокадиев, Ристо Трпковски, Гоце Тренчевски, Никола Неделковски, Анета Марковиќ, Небојша Томовски. 12 од Скопје.

Од Гевгелија, 16 од нив ќе бидат предмет на ревизија: Виктор Шопов, Ѓорѓи Лазаров, Петар Тошев, Душан Смишкоски. Луција Божиновска, Лазар Ичев, Душко Кочовски, Атанас Панов, Лиле Делиџакова, Виолета Костадинова, Захарие Ќуркчиевски, Ристо Златев, Ѓорѓие Антоновски, Александар Мањинов, Стојан Терзиев, Најдо Јандревски.

Ова се имиња и презимиња колега, ова се луѓе кои плачат директно потиснати од страховладата на Владата на господинот Груевски.

Во Штип пет души: Николче Николов, Димитриј Трипчев, Драгослав Поп Андов, Зорица Патраклиева, Славе Илиевски.

Во Царинарница Куманово 15 души: Љубиша Трајковски, Зоран Стоилковски, Томе Илиевски, Гоце Стаменковски, Момчило Георгиевски, Игор Алексовски, Миле Поповски, Жаклина Наковска, Тихомир Милковски, Самет Идризи, Марјан Шандев, Душан Трајковски, Власко Крстиќ, Гордана Трајковиќ и Марјанчо Димитриевски. Сите се овие граѓани на Република Македонија, господине Груевски.

Ќе ви го прочитам и другиот мејл од господинот Карков, во кој, до Жаклина, госпоѓата Жаклина ја издава следната наредба:

“Жаклина те молам за сите повратници со сомнителни судски пресуди” тоа господинот Каргов претпоставувам секоја судска пресуда што ги врати дел од овие вработени на работа, за него е сомнителна. И тоа треба да биде предмет на ваше интересирање. И чекатели на одлуката на Второстепена комисија на Влада “да се спроведуваат перманентни ригорозни мерки”. Какви се тоа “перманентни ригорозни мерки” према вработени во Царинарската управа господине Груевски, ќе треба вие да одговорите.

Вака изгледа состојбата во Царинарската управа, предводена од господинот Каргов. Ова, апсолутно е начинот со кој што вие ја практицирате власта. Се она што не мисли како вас треба буквално да биде заплашено. Треба да биде предмет на закани, уцени и работење на работни места. Но, ова се толку голем број семејства господине Груевски што директно буквално се жртви на вашето стравовладение.

И на крајот, еве господинот Вељановски е трпелив, ќе го формулирам моето прашање - што ќе преземете? Што ќе преземете господине Груевски? Се надевам дека нема во стилот како кога говоревме за натепаните млекопроизводители од синојка, вие глумевте, дозволете, дека не знаете. Знаете, требаше да знаете, моравте да знаете.

И конечно, ќе се вратам на тоа што е предмет на вашата медиумска кампања. Велите “Солзите на сите луѓе се исти” па макар биле од СДСМ, од ВМРО, од ЛДП или другите политички опции. “Толеранцијата почнува од тебе, продолжи понатаму”.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За жал, од страна на одредени пратеници, некогаш се злоупотребуваат пратеничките прашања.

Јас ве молам, имаме десет минути поставување ...

(Реакции од место)

Можете ли да ме сослушате?

(Дофрлање од место)

Господине Макрадули сослушајте, ние треба како пратеници да поставиме пратенички прашања а не да ја злоупотребуваме говорницата и да даваме свои констатации. Сепак, на прашање треб да се даде одговор, а не сами да си даваме одговори.

Има едно прашање до Владата на Република Македонија во однос на случувањата во Царинската управа.

Одговор ќе даде или премиерот или министерот за финансии.

Има збор господинот Груевски Никола, повелете.

**Никола Груевски:** Благодарам.

Уште еднаш да кажам дека и дополнително министерката за внатрешни работи ги провери состојбите во врска со млекарите и дополнително можам да потврдам дека немало никакво, како што велите вие тепање, ниту пак хоспитализирани лица. Дури немало ни лица што се пријавиле во болницата во овој момент. Еве сега таа провери и ме информираше.

Второ, да кажам дека во врска со ова што го кажавте дека директорот на Царинската управа пуштил некаков имејл во кој што зборува за некакви казни итн јас не знам точно за што станува збор, бидејќи прв пат го слушам тоа, меѓутоа знам дека сите меѓународни институции даваат највисоки мислења за менаџирањето на Царината во последните две, две-три години. Не исклучувам дека некаде можеби директорот направил некаква грешка или нешто погрешил, не можам ниту да исклучам ниту да потврдам затоа што не знам. И, тоа знам дека ги добива највисоките оценки од сите меѓународни институции за менаџирањето на Царината. Секој менаџер има соодветен начин или некој начин на менаџирање. Менаџирањето со почести награди и казни за оние кои ќе направат нешто што е одлично, значи нешто што отскокнува од стандардите и за оние кои ќе направат прекршоци во работењето е дел од менаџирањето на многу менаџери така што можеби станува збор за такво нешто, можеби не.

Ние ќе го провериме тоа дали станува збор за такво нешто или не и доколку има некакви грешки во менаџирањето ќе му укажеме за тоа да ги корегира. Меѓутоа не ја исклучуваме можноста дека се работи за казнување на луѓе кои прават прекршоци во своето работење. Можеби некои од нив и свесно и долгорочно итн. Имајќи во обзир дека господинот Каргов засега има добри резултати со менаџирањето на Царината, со резерва ги примам вашите денешни укажувања, но секако ќе провериме да видиме дали навистина има некакви грешки во тоа менаџирање во однос на управувањето со човечките ресурси. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот, односно дали сака да постави дополнително пратеничко прашање.

Има збор пратеничката госпоѓа Бендевска Весна, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Господине Груевски дозволете да ви предложам нешто.

Ајде, од овој момен јас и вие да заминеме во Битолската болница. Ако најдете еден хоспитализиран млекопроизводител, дали ќе си поднесете оставка, со многу доблест?

Не очекувам дека ќе ми одговорите бидејќи не ми одговарате мене. Им одговарате на граѓаните на Република Македонија. Ајде, јас ќе бидам трпелива, консултирајте се со госпоѓата Јанкуловска. Го прифаќате ли мојот предлог? Ајде еднаш да ја расчистиме ситуацијата, мошне доблесно, ајде да заминеме во Битола.

Господине Груевски, знаете што е жално. Жално е што господинот Каргов за вакво страховладеење, односно за вака менаџирање со вашата стратегија на притисоци и заплашувања навистина добива награди. И партиски повисоки функции. И станува член на управни одбори во јавни претпријатија.

Повторно ќе се навратам на она што беше прашања, вие се обидовте да го заборавите. За какви сомнителни судски одлуки говори господинот Каргов? Имате ли вие доверба во вашето судсво? Имате ли? Господинот Каргов очигледно не.

Ова е список на избрани неистомисленици на ВМРО-ДПМНЕ, што навистина трпат во своето работење. Јас, дозволете ќе ви го доставам до вас материјалот кој го читав и барам од вас да бидете многу доблесен, оти знаете како “Жешки се солзите”. Ја знаете максимата, “Подобро десет виновни надвор, отколку еден невин осуден”. А овде читав за еден куп вработени во Царинарница, за кои Каргов дава наредба за оние кои судот ги вратил, бидејќи констатирал дека неправедно се избркани од работа и понатаму да следат ригорозни ревизии. Што значи тоа? За оние што се од кај вас, бидејќи вие очигледно веќе почнавте да ги делите и граѓаните, не важат ревизиите? Тие можат слободно да работат?

Престанете да ги заплашувате граѓаните на Република Македонија.

А, понудата и понатаму важи. Дојдете конечно во Битола. Вие, претпоставувам дека сте седнале во вашата фотелја и сте изгубиле врска со реалноста. Не знам дали знаете дека Република Македонија, особено Битола толку денови беше под опсада од незадоволни млекопроизводители. Дајте барем да му ...

**Трајко Вељаноски:** Благодарам, нема више дополнително прашање, благодарам.

**Весна Бендевска:** Може уште три секунди да завршам?

**Трајко Вељаноски:** Не може.

**Весна Бендевска:** Еве, тоа е ВМРО-ДПМНЕ.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Затоа што ви истече времето, затоа што вие си давате свои констатации, а не поставувате пратенички прашања. Не треба да се злоупотребува говорницата.

Следен за поставување пратенички прашања е госпоѓа Владанка Авировиќ.

Со оглед на тоа што има седум минути, односно 5 минути до 14,00 часот, да не дојде до прекин, ја прекинувам седницата, давам пауза, продолжуваме во 15,00 часот.

(По паузата)

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со пратеничките прашања.

Збор има госпоѓа Владанка Авировиќ, повелете.

**Владанка Авировиќ:** Благодарам претседателе.

Моите прашања ќе бидат поставени, две прашања имам до министерот за финансии, а едно прашање ќе биде до министерот за транспорт и врски.

Првото пратеничко прашање ќе биде во областа на реформите на системот за финансирање на социјалното осигурување. Ние пред неполн месец или месец и половина донесовме низа измени во закононите, а се со цел да извршиме реформа во социјалното осигурување, придонесите, социјалните придонеси и во областа на персоналниот данок на даоход и низа останати измени, а се со цел намалување на трошокот на работната сила, зголемување на вработеноста, намалување на вработеноста во неформалниот сектор, зголемена лична потрошувачка и низа други ефекти кои што би придонеле кон зголемување на бруто националниот доход пораст на економијата и слично. Сето тоа беше во таа фаза. Меѓутоа, она што особено не интересира нас пратениците е тоа дали има Министерството за финансии првични информации после овие реформски зафати кои што ги донесовме во Собранието. Дали има, со која динамика се спроведуваат, дали постојат проблеми и недостатоци кои се утврдени при имплементацијата на овие измени и дали има и ако има такви проблеми кои се вашите делувања и што ќе преземете да се намали негативниот ефект од евентуалните недостатоци. Значи,

особено е важно, а тоа го бараат од нас и во Европска унија, комисиите, каква е имплементацијата на сите овие реформски зафати, особено што се работи за реформи кои што понатаму ќе придонесат или би придонеле и кон пресретнување на рецесијата која што е присутна во целиот свет. Тоа е првото прашање.

Второто прашање е исто поврзано на некој начин со првото прашање и исто се однесува до министерот за финансии, а тоа е, имавме обемни дебати кога го донесувавме буџетот и со овие реформски зафати, се имаше една дилема дали со приврשувањe на првиот месец во 2009 година како се реализира наплатата на приходите во Буџетот на Република Македонија. Ако има министерот такви сознанија, бидејќи ова се сепак брзи информации, а ако не да ни даде и во писмена форма би било добро.

Третото прашање е наменето до министерот за транспорт и врски, а тоа е граѓаните на градот Скопје, секако и многу граѓани кои што доаѓаат во градот Скопје ги интересира, повеќе пати сме дискутирале, а тоа е дека имамем проблем со густиот сообраќај во градот и веќе пет години се гради заобиколницата на градот Скопје, па тоа е капитален инвестициски зафат во Република Македонија, половина од оваа делница е веќе завршена. Втората делница од Хиподром до приштинскиот пат се уште не е довршена. Имаше голем број на проблеми од аспект на експропријацијата на земјиштето, па ме интересира, секако и граѓаните на градот Скопје ги интересира во кој рок би била завршена оваа делница, а со тоа секако ќе се ослободи и во голем дел сообрќајот во центарот на градот Скопје, и се разбира дека особено ќе ни претставува задоволство на нас граѓаните пуштањето на оваа делница.

**Трајко Вељановски:** Благодарам и јас.

Одговор на првото поставено прашање ќе даде господинот Трајко Славески, министер за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Благодарам на почитуваниот пратеник Владанка Авировиќ за поставеното прашање.

Почитувани, примената на концептот на пресметка и исплата на бруто плата на вработените во Република Македонија е еден од навистина најобемните проекти што го спроведува Владата на Република Македонија.

Да ја искористам оваа прилика уште еднаш да се заблагодарам за помошта, придонесот што го даде македонското собрание, имајќи разбирање за навремено донесување на законските проекти и измени на закони кои што не беа малку на број.

Да ве потсетам, станува збор а само неколку ќе спомнам Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување донесен на почетокот на декември минатата година, Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, сето тоа се веќе измени. Потоа, Законот за работни односи, Закон за пензиско и инвалидско осигурување, базични и системски закони, Закон за исплата на плати во Република Македонија, Закон за судска служба, Закон за плати на судии, Закон за плати и други надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица, Законот за персонален данок од доход, Законот за пратениците, Закон за здравствено осигурување и уште една цела дузина други закони кои што ги измени македонското собрание на предлог на Владата на Република Македонија. Тоа создаде основа Законска да може да се спроведе реформата како што започна од 1 јануари о.г. Можам со задоволство да ве информирам дека реформата се спроведува на транспарентен начин. Вклучени се сите заинтересирани субјекти односно нивни претставници. Денес претставник на Министерството односно претставници на Минситерството за финансии ја имаа последната средба со СОНК, еден од синдикатите во Република Македонија за образование и наука за разјаснување на последните дилеми пред почетокот на исплатата на платите во образованието.

Исто така, една од завршните средби што се организираат меѓу заинтересирани страни на нашите вработени беше околу она што деновиве дискутирано во медиумите односно станува збор за исплатата на платите што ги вршат дипломатско конзуларните претставништва во Република Македонија на лица кои што се резиденти во Република Македонија. Значи, сето ова зборува за целата сложеност односно комплексност на реформата. Исто така, сакам да ве потсетам дека на иницијатива на Комисијата за финансирање и буџет односно на нејзиниот претседател македонскиот Парламент преку таа Комисија организираше една многу плодна расправа, еден вид на сослушување со носителите на овој проект Министерството за финансии, Министерството за труд и социјална политика, Управата за јавни приходи и други институции за нивната подготвеност за спроведување на концептот на бруто плата. Тоа придонесе за зголемување на подготвеноста на институциите со прашањата кои што тогаш беа поставени.

Почитувани, денес на 29 јануари можам да информирам дека веќе неколку илјади вработени во Република Македонија, вработени во институции кои што плаќаат плати како аконтација ја имаат земено јануарската или дел од јануарската плата според новиот систем на договарање, пресметка и исплата на бруто плати. Како што може да се очекува во вакви масовни проекти, во проекти во кои што се инволвирани десетици илјади стопански субјекти, стотици илјади вработени, десетици институции вклучувајќи ги институциите од јавниот сектор во од можат да се појават некои технички проблеми. Но, ние за тие проблеми бевме свесни и имавме предвидено резервни планови кои што по потреба се активираат и се применуваат. Значи, се

приближуваме кон клучниот ден или клучната дата 10 февруари кога според закон субјектите што исплаќаат плата се должни да ги достават пресметките до Управата за јавни приходи за повторно според закон, до 15 во месецот да се исплатат платите на вработените подеднакво и во јавниот и во приватниот сектор.

Сега во овој момент најактивна, покрај Министерството за финансии е Управата за јавни приходи која што во соработка со Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, со една навистина повеќе месечна колаборација што вроди со плод да може технички да се обезбеди новиот систем за прифаќање на пресметките, ги прима и ги советува стопанските субјекти за да можат навреме да ги исплатат платите за вработените за месец јануари. Секако дека дел од обврската е префрлен и на стопанските субјекти кои што треба, а тоа воопшто не е тешко да ги приспособат своите софтверски решенија да бидат компактибилни со оние на Управата за јавни приходи и другите иснтитуции.

Да ве потсетам дека Минситерството за финансии има отворено посебно веб страница за овој проект и во текот на денешниот ден ставена е на располагање, покрај тоа што е дистрибуирана и во тврда копија, еден документ кој што се нарекува Упатство за примена на концептот на пресметка и исплата на бруто плата на вработените во институциите - буџетски корисници, каде што се затвораат сите прашања кои што се однесуваат на платите на вработените во институциите кои што користат буџетски средства.

Почитувани, само сакам да ви илустрирам колку се сложени овие прашања односно колку детали има оваа реформа во зависност од тоа за која институција станува збор. Наидовме на низа комплексности кои што постојат при исплатата и пресметката на платите, а тие се особено присутни во областа на образованието, кај вработените во Министерството за внатрешни работи, каде што ги имате сите можни модалитети на модализација и исплата на плати во зависност од, да речеме годините на стаж, степеност на образование и квалификуваност, преку времена работа, дежурства во здравството, зголемени патни трошоци во образованието каде што наставници за да го пополнат вкупниот број на часови за полно работно време имаат часови во повеќе училишта и се изложени на зголемен број на трошоци, но Министерството за финансии и Министерството за труд и социјална политика овие прашања ги решаваа во соработка со институциите, кои што се надевам и со ова упатство кое што денес е дистрибуирано ќе можат да ја подготват пресметката за бруто платата за јануари.

Почитувана пратеник Владанка Авировиќ, во периодот што следи ние сме подготвени да интервенираме доколку се јават некои технички проблеми, велам тие не се неочекувани, а имаме уште неколку отворени прашања за кои што се надевам дека ќе ги затвориме во деновите што следат. Имено, да ја искористам оваа пригода за она што беше од интерес деновиве за исплатата на платите на вработените во дипломатско конзуларните претставништва по досегашниот систем односно во досегашната практика сме имале ситуации кога некои вработени се наоѓаат надвор од системот на исплата на плати, системите на социјално, пензиско и здравствено осигурување. Имено, оваа реформа е насочена токму кон тоа да ја зголеми ефикасноста и да ги намали трошоците, да ја зголеми транспарентноста и секако дека укажува или бара почитување на законите во Република Македонија односно прашањето ќе го решиме на тој начин што сепак сите што исплаќаат плати на резиденти во Република Македонија мора да го почитуваат законот за платен промет, Законот за парична единица каде што платежно средство во Република Македонија за исплата на сите обврски е македонскиот денар. Овој концепт или оваа реформа покрај ова што претходно го спомнав опфаќа и намалување на придонесите за пензиско и инвалидско и здравствено осигурување кои што се намалуваат од некаде над 32% до 1 јануари на 28,4% и како што е познато според програмата на Владата тие ќе се намалуваат и во наредните години за вкупното намалување да изнесува 10% или над 1/3 заклучно со 2012 година. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот односно дали сака да постави дополнително пратеничко прашање.

Има збор госпоѓа Владанка Авировиќ, повелете.

**Владанка Авировиќ:** Благодарам.

Задоволна сум од одговорот на министерот, немам дополнително прашање.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Второто прашање е исто така упатено до министерот за финансии.

Повелете министре.

**Трајко Славески:** Благодарам почитуван претседателе.

Прашањето се однесуваше на првите резултати од наплатата на приходите како што е проектирано во Буџетот на Република Македонија за 2009 година.

Јас го разбирам интересот и на почитуваниот пратеник Авировиќ и на македонската јавност, а секако дека ова беше од интерес за Владата на Република Македонија. Како што е познато живееме во време на голема неизвесност, живееме во време кога секоја проекција што е постара од еден месец може да биде доведена во прашање, а тоа е веќе прифатено во светската практика.

Почитувани пратеници, да ве потсетам ако некој од вас не забележал дека германската Влада пред неколку дена го изврши првиот ребаланс на буџетот. За неполн месец од истекот на буџетската 2009 година. Значи, живееме во време на неизвесност и интересот кај, пред се,

медиумите, посебно по објавување на една вест која што се однесува на една од поранешните југословенски републики, Хрватска кога беше објавено пред една недела дека до 15 во месецот во Хрватска се остварени само 37% од планираните приходи за тој период, за тие први две недели, започна јавувањето до Министерството за финансии. Јас можам со задоволство да ве известам дека во првите две недели заклучно со 15-ти јануари, а 15-ти јануари е клучен ден, затоа што тоа е даночен ден во нашиот жаргон, во Буџетот на Република Македонија се слеани за 300 милиони денари или ако сакате за 5 милиони евра повеќе приходи одошто во истиот период во 2008 година. Значи, ова е охрабрувачки резултат, охрабрувачки податок и исто така заклучно со вчерашниот ден приходите во Буџетот се повисоки кореспондентно со истиот ден во 2008 година.

Но, почитувани, Владата на Република Македонија, Министерството за финансии нема илузии дека можеме да бидеме задоволни, невнимателни итн., би посакале и наредните месеци да имаме повисоки приходи во однос на она што сме имале во релативно успешната 2008 година, но како што стојат работите на економски план будно ја следиме состојбата и ги пеземаме сите мерки Владата на Република Македонија да ги обезбеди сите потребни средства за функционирање на институциите во Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот, односно дали сака да постави дополнително пратеничко прашање.

Има збор госпоѓа Владанка Авировиќ, повелете.

**Владанка Авировиќ:** Му благодарам на министерот за финансии, немам дополнително прашање.

**Трајко Вељановски:** Благодарам.

Одговор на третото пратеничко прашање ќе даде минситерот за транспорт и врски, повелете.

**Миле Јанакиевски:** Благодарам претседателе.

Во врска со прашањето кога ќе заврши изградбата на обиколницата што е дел од коридорот 8, сакам да истакнам дека согласно договорот со кредиторот и согласно динамичниот план краен рок е месец јуни. Но, согласно изградбата и ова што се случува на теренот очекувам некаде во март или април да се заврши изградбата на обиколницата, бидејќи има останато многу мал број на патни правци каде што треба само да се стави финалниот слој на асвалт и мал дел од земјени работи, така што очекувам реално во април да се заврши изградбата на обиколницата, но тоа сепак зависи од временските услови. Значи, краен рок е јуни, а јас објективно очекував дека во април месец ќе бидеме сведоци кога ќе заврши изградбата на обиколницата. Благодарам.

**Трајко Вељановски:** Благодарам.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот односно дали сака да постави дополнително пратеничко прашање.

Има збор госпоѓа Авировиќ Владанка, повелете.

**Владанка Авировиќ:** Му благодарам на министерот за транспорт и врски, задоволна сум од одговорот и навистина немам дополнително прашање.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Следен за поставување на пратенички прашања е госпоѓа Соња Мираковска, повелете.

**Соња Мираковска:** Благодарам господине претседателе.

Уште пред повеќе од една година внатрешната контрола на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување утврди масовна појава на доделување на фиктивни пензии со допишување на пензиски стаж од страна на некои вработени во Фондот. Ваков коруптивен скандал има навлезено во повеќе подрачни служби на Фондот низ целата држава.

Пред извесно време власта ја извести јавноста само за измамата и случувањата во битолската служба на Фондот, а го премолча скандалот во подрачната единица во Скопје, иако уште во октомври 2007 година наодите на внатрешната контрола се предадени во Министерството за внатрешни работи за што јавноста воопшто нема никакво сознание.

Јас би сакала да го прашам министерот за труд и социјална политика, тука е заменикот министер, што има преземено раководството на Фондот на ПИОМ во врска со овие измами како санкции и како превенција и што презел министерот кон Фондот имајќи ја предвид улогата на контролата и надзор што Министерството за труд и социјална политика ја има врз Фондот за пензиско и инвалидско осигурување.

Второто прашање исто така е упатено до министерот за труд и социјална политик.

Имено, во јавноста беше обелоденета манипулација поврзана со исплата на социјална помош на име на умрени лица од околу 300 илјади евра преку Центарот за социјални работи во Кисела Вода во дослух со поштенски работник. Ова укажува на немање на доволно внатрешна контрола во центрите за социјална работа, па затоа сакам да го прашам министерот за труд и социјална политика, во овој случај заменикот, дали имате годишен план за внатрешна контрола на центрите за исплата на надоместоците за социјална помош и колку контроли се прават во текот на една година, дали се опфатени сите центри со интерни контроли, дали Министерството за труд и социјална политика реално има потенцијал на обучени човечки ресурси и дали тие средства се планирани добро во Буџетот за 2009 година, според ваше мислење.

Третото, последно прашање, се однесува и е упатено до министерот за финансии.

Законот за супервизија на осигурување е донесен од поодамна, за што се даде основ за основање

на Агенција за супервизија на осигурувањето. Со оглед на тоа што се уште не е основано такво регулаторно и супервизиско тело, се создава силен впечаток дека власта всушност не сака осигурувањето да биде под контрола и покрај бројните укажувања кои доаѓаат од Светска банка и Европската комисија, затоа го прашувам министерот за финансии дали воопшто се има намера да се основа таква Агенција за супевизија на осигурување и до кога овој Сектор ќе биде без регулатор и супервизија? Ви благодарам, тоа се моите прашања.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За првото прашање ќе добиете одговор од заменикот министер за труд и социјална политика, повелете.

**Спиро Ристовски:** Благодарам претседателе.

Благодарам на прашањето.

Што се однесува до внатрешната контрола и наодите на внатрешната контрола по однос на записите на стаж во определени подрачни единици на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, а јас би кажал само накратко дека паралелно се спроведува уште еден процес на внатрешна контрола. Не би сакал да ги изнесувам деталите сега во моментот, поведени се санкции, извршени се промени внатре, согласно утврдените прекршувања на сторителите и на дел од одговорните лица, веројатно знаете дека е променет директорот на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, така што за подетална информација јас не би сакал, би ги доставил во писмена форма до пратеникот, со оглед на тоа што процесот е се уште во тек, се спроведуваат дополнителни испитувања на територија на цела држава, не сме сконцентрирани само на случајот во Битола и на конкретниот случај во Скопје што го спомнавте.

Во однос на тоа што сме презеле еднаш кажав, покрената е одговорност, неколку од помошниците директори се сменети во рамките на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам .

Дали пратеникот е задоволен од одговорот односно дали сака да постави дополнително пратеничко прашање?

Има збор г-ѓа Соња Мираковска, повелете.

**Соња Мираковска:** Во ред, очекувам, како што кажа заменик министерот дека ќе добијам подетален одговор за преземените санкции и превенции во фондот.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

По однос на второто пратеничко прашање ќе добиеме одговор од заменикот министер за труд и социјална политика, повелете.

**Спиро Ристовски:** Ви благодарам претседателе.

И по однос на второто прашање за конкретниот случај што го спомнавте за соодветната злоупотреба на средства во Кисела Вода не станува збор за износот кој вие го спомнавте, меѓутоа, колку што сме сите информирани, а јавноста знае дека за истиот случај е поведена кривична постапка. Не би сакал да го коментирам конкретниот случај, меѓутоа, како и сите знаете дека доколку се направи таква злоупотреба, личната одговорност подразбира враќање на тие средства и одговорност за лицето кое го сторило тоа кривично дело.

По однос на прашањето во рамките на истото прашање по однос на капацитетот и контролите кои ги врши Министерството за труд и социјална политика во делот на користењето на социјалната помош можам да кажам дека во рамките на Министерството - Секторот задолжен за социјална инспекција редовно ја врши својата активност со тоа што во последните три месеци има зголемена норма на активности и можам јавно да го соопштам имаат задолжение за 700 контроли по инспектор месечно така што мислам дека 700 контроли по предмет месечно од страна на еден инспектор на ниво на година, тоа би било по 12 месеци со тоа што мислам дека контролите кои ги спроведува социјалната инспцекција во последните три месеци евидентно ги покажуваат своите резултати односно евидентен е бројот на намалување на корисници на социјална помош во неколку града во Македонија, знаете во Крива Паланка, Прилеп, Велес има евидентно намалување на корисници на социјална помош. Мислам дека конечно тоа е тенденција на секоја влада и држава која го спроведува законот односно доколку констатира бесправно користење на определени средства истите да ги санкционира и корисниците кои го злоупотребиле таквото право се задолжени истите средства да ги враќаат и тие ги враќаат согласно динамиката и во зависност од износот.

По однос на капацитетите за кои прашувате, сметам дека социјалната инспекција го има потребниот капацитет, потенцијал и искуство и социјалната инспекција се спроведува на територијата на цела држава, не постои никаква селективност во делот на спроведувањето на инспекциските надзори од страна на истата. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот односно дали сака постави дополнително пратеничко прашање?

Има збор г-ѓа Соња Мираковска, повелете.

**Соња Мираковска:** Не ми одговоривте дали сите центри се опфатени со интерните контроли што ги вршите?

Трајко Вељаноски: Тоа е дополнителното прашање. Така?

**Соња Мираковска:** Не, едно од потпрашањата кое не беше одговорено.

**Трајко Вељаноски:** Има збор заменикот министер за труд и социјална политика, повелете.

**Спиро Ристовски:** Благодарам претседателе.

Јас мислам дека кажав на територија на цела држава што подразбира сите центри за социјална

работа на територијата на Република Македонија инспекцискиот надзор се спроведува на сите без никаков селективен пристап. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

На третото пратеничко прашање одговор ќе добиеме од министерот за финансии, повелете министре.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Почитувана г-ѓо Мираковска благодарам за прашањето, во право сте дека со Законот за супервизија на осигурувањето е предвидено основање на независно регулаторно тело. Во право сте дека тоа тело се уште не е формирано, но сакам да ве демантирам во тврдењето дека не се врши супервизија односно контрола над осигурителните компании. Тоа е функција која ја обавува Министерството за финансии кое во рамките на Секторот за финансиски систем има формирано од поодамна посебно Одделение кое ги извршува овие функции. Секако дека се прават сите неопходни подготовки за формирање на независната Агенција.

Не сакам да ве оптоварувам со тоа што досега е направено и на нормативен план, подготовка на акти во рамките на Министерството за финансии, дури е понудена техничка помош од повеќе меѓународни институции која ја користиме и оваа Агенција ќе биде формирана во најскоро време со тоа што јас ќе морам малку да се оградам, ќе треба да ги преиспитаме одредбите од Законот за спречување на корупцијата кои се релевантни во овој период од аспект на назначувања и евентуално прием на нови лица.

Други пречки не постојат, обезбедени се средства во Буџетот за функциоирање на таа Агенција. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот односно дали сака да постави дополнително пратеничко прашање?

Има збор г-ѓа Соња Мираковска, повелете.

**Соња Мираковска:** Начелно да, но ме интересира колку е тоа во скоро време, дали од прилика можете да кажете некакво време кога оваа Агенција ќе биде формирана, некаков рок. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор г-динот Трајко Славески, министер за финансии, на дополнителното пратеничко прашање.

**Трајко Славески:** Благодарам за дополнителното прашање.

Јас кажав доколку нема никакви пречки од аспект на одредбите од Законот за спречување на корупцијата во овој период меѓу распишувањето на изборите за градоначалници, совети на општините и за избор на Претседател на Република Македонија до завршувањето на овие избори затоа што ќе бидат потребни назначувања и прием на нови вработени што сега можат да се косат тие одредби, Агенцијата ќе биде формирана за не повеќе од два месеци. Во спротивно тоа ќе биде завршено по завршувањето на изборите.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Следен за поставување на пратенички прашања е г-динот Абедин Зимбери, повелете.

**Абедин Зимбери:** Почитуван претседател, почитувани г-да министри, почитувани колеги пратеници.

Тешко ми беше да изберам три прашања да ги поставам денес од многуте што ги имам. Жалам што денес наместо да поставам прашање за работи кои се во однос на економски проблеми или некои други, за жал, повторно сум принуден да поставам прашање за тоа што се повредени правата на човекот во Република Македонија.

Првото прашање ќе го упатам до министерот за правда г-динот Михајло Маневски и тоа прашање по однос на неколку фирми кои постоеле пред војната пред 2001 година. Во текот на војната 2001 година многу претпријатија кои постоеа во Општина Липково неколку мелници, неколку бензиски пумпи кои во текот на конфликтот беа уништени, ограбени затоа што токму тие објекти беа позиционирани односно тука беа сместени воените припадници на Армијата и по војната оставија пустош целосно уништувајќи ги истите објекти.

По војната или по конфликтот се направи проценка од определени лица за определување на одштета и преку адвокатите сите сопственици на овие претпријатија покенаа постапка против државата за одштета и сега веќе поминаа 8 години од тогаш се уште немаат одговор. Сопствениците на претпријатијата секој ден се малтретираат по судовите, се менуваат судиите, се менува се и до ден денес само се изложуваат на дополнителни трошоци и на истите претпријатија се уште не им се платени материјалните штети. Ова е голема чуствителна штета за Општина Липково затоа што ги имала само овие претпријатија од кои егзистирала како општина.

Моето прашање е до каде е со овие предмети, го прашувам министерот, сакам исто така да ми одговори во писмена форма.

Второто прашање повторно е до министерот за правда г-динот Михајло Маневски во однос на случајот Сопот.

Почитувани пратеници и вие г-дине министре случајот Сопот знаете дека стана историја само по себе, затоа што на 04.03.2003 година во 15 и 30 часот на патниот правец Сопот -... после една експлозија го изгубија својот живот двајца војници на НАТО и за овој случај беа обвинети Сулејман Сулејмани, Самет Љатифи, Хасан Кљаиќ, Шаќир Сулејмани, Башким Хукшини, Орхан Бајрами, Селман Јахиу, Самет Лимани, Африм Нукшини сите лица од Сопот беа обвинети со тежок затвор иако овој случај е многу јасен, има многу сведоци кои кажуваат дека е ова монтиран процес затоа што албанците никогаш немале ништо против војниците на НАТО. Немало потреба ова да го

прават. За еден ваков предмет се обвинети сите овие лица, многу јасно се знае дека е ова монтиран процес затоа што има сведоци кои преку една изјава на еден притворен од тоа време г-динот Бајрам Рамадани кој има своја пишана изјава, а на кој начин ја има дадено таа изјава, на какви малтретирања бил изложен само за да го принудат да ги пријави овие лица за да бидат обвинети пред судот.

Ова се случи на овој начин после ова лице беше ослободено и беа притворени сите овие лица што ги набројав кои се обвинети со тежок затвор.

Поставувам прашање до министерот иако за овие предмети неколку пати нивните адвокати имаат поставено дополнително прашање за повторно разгледување на овие предмети, меѓутоа, не добиле никаков одговор ниту позитивен или барем негативен за да знаат зошто не се разгледуваат повторно овие предмети затоа што сите овие лица биле физички малтретирани за да бидат принудени за да потпишат бел лист хартија и после да се монтира тоа што некој сакал да им го монтира.

Третото прашање е до г-ѓицата министер за внатрешни работи Гордана Јанкуловска.

На 26 ноември 2008 година беше убиен полицаецот Фатмир Алити и овој случај се искористи како алиби за да полицијата после нападне, велам да нападне, а ќе го искористам овој поем, вие сами проценете дали е соодветен термин, меѓутоа, ова беше причина да нападне неколку куќи на албанци во Општина Липково.

На овој датум беше притворен и Реџеп Керими и по 24 часовно физичко и психичко малтретирање истиот беше ослободен. Помеѓу датумот 20 и 21 на полноќ повторно се нападнати неколку села во Арачиново, Скопје и Опае, конкретно говорам за селото Опае каде имам најпрецизни податоци затоа што сум бил присутен во тие домови, сум имал прилика да говорам со припадниците на тие семејства и на полноќ беше нападната една чајџилница во тоа село каде беа присутни 50 лица кои биле принудени да легнат на земја и во овој случај беа притворени 3 за кои се мислеше дека се сомнителни и полицијата на полноќ повторно продолжи со својата работа и не знам што биле всушност затоа што самото население не знае да објасни дали биле милитарни или парамилитарни полицајци затоа што сите биле во цивилна облека и не покажале никаков документ за идентификација. Вооружени влегле на полноќ во семејствата каде имало жени, деца, старци и ја молам г-ѓица Јанкуловска да ми каже каде се случува ова, во кој век, не се направил претрес само во една куќа, туку во многу куќи во тоа место и што е уште полошо без никаква најава ниту градоначалникот на општината знаел, туку се кршеле прозорци, врати, на најарогантен начин се влегувало во домовите, се вознемирувале семејствата и зад себе оставале ужас. До ден денес Реџеп Керими се наоѓа во затвор иако за овој случај сведочат многу селани од село Опае дека тоа лице Реџеп Керими во текот на случајот на убиството во Скопје тој всушност бил на своето работно место а тоа е салон за миење коли. Во овој случај сведоштвата ништо не вредат, туку има една одредена цел некој да се притвори.

Овие работи се случуваат на селективен начин, јас за ова сведочам затоа што на минатите средби госпоѓата министер кажуваше дека нема селективен пристап. Меѓутоа еве јас ќе ви кажам за еден од многуте примери во Куманово.

Пред два месеци беше убиен Берат Адеми 31 годишен кој што беше на својот посед, на својата фирма работејќи и навечер некој со некој силен тврд предмет неколку пати го удрил по глава и го оставил мртов наместо. Нему и на неговото семејство, тие и вие како Министерство всушност сите знаат кој ова го направил, а ниту едно лице досега не е притворено или приведено на сослушување и овој случај сте го затвориле без да го најдете виновниок. А 31 годишното лице бил семеен човек, со своја фирма во сопственост, но Министерството за внатрешни работи не најде за сходно да го реши овој проблем. Ова укажува на тоа дека некои работи се прават на селективен начин. Доколку се убие некој Албанец тоа алиби да се притворат неколку други Албанци, а не дека наводно ве сака многу. Ова го докажале многу минати случаи и ситуации и се надевам дека госпоѓата министер Јанкуловска ќе ми одговори на ова, меѓутоа очекувам позитивен одговор, а не само тука да ни држи предавање за работи што не не интересираат, туку барам конкретен одговор за ова мое конкретно прашање. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Првото прашање беше поставено до министерот за правда господинот Михајло Маневски и побаравте писмен одговор.

На вашето второ прашање упатено исто така до министерот Михајло Маневски одговор ќе даде министерот, повелете.

**Михајло Маневски:** Благодарам почитуван потпретседател на Собранието, му благодарам на почитуваниот пратеник на прашањето што го постави.

И тоа второто прашање, бидејќи на првото прашање ќе дадеме писмен одговор како што побара, но исто така сакам да изјавам дека и на второто прашање ќе поднесеме писмен одговор и ќе провериме дали бранителите на обвинетите односно осудените лица и какви правни средства поднеле, барање за преиспитување на правосилната пресуда, барање за вонредно олжување на казната или други барања за повторување на постапката, така што во овој момент не би можеле точно да му кажеме бидејќи сето тоа треба да го провериме преку надлежните судови каде што се поднесени тие барања и откако ќе ги провериме тие прашања што ги постави пратеникот во писмена форма ќе му одговориме на наредната седница. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот на министерот за правда и сака да постави дополнително прашање, повелете.

Благодарам.

**Абедин Зимбери** Задоволен сум.

**Светлана Јакимовск**а: Благодарам

На вашето трето прашање ќе одговори министерката за внатрешни работи госпоѓица Гордана Јанкуловска, повелете.

**Гордана Јанкуловска:** Благодарам.

Му благодарам на почитуваниот пратеник на поставеното прашање.

Имено, како што веќе е познато во јавноста Министерството за внатрешни работи непосредно по злосторничкиот акт вооружениот напад врз припадниците на мобилната единица превзеде низа марки, јас би рекла повеќеслојни активности и релативно брзо врз основа на една координирана акција излеговме со резултати по однос на расчистување на убиството на полицаецот Африм Арифи и нападот на другите двајца повредени во овој напад на полицијата. За нас ова е обврска и кон семејството на загинатиот полицаец Арифи, но е и обврска кон граѓаните на Република Македонија за целосно расчистување на ваквите криминални активности.

Имено, веднаш по нападот значи на 26 ноември кој се случи пред природноматематичкиот факултет беше формиран оперативен штаб чија задача беше да ги координира сите активности за брзо и ефикасно расчистување на случајот и обезбедување на доказите кои водат кон откривање на сторителите. Во истиот момент беа превземени и низа активности за блокирање на потесната и пошироката околина на местото на настанот, а од страна на увидна екипа од Секторот за внатрешни работи во Скопје под раководство на истражен судија и заменик јавен обвинител беше извршен увид на лице место и притоа беа пронајдени над 70 чаури од неколку автоматски пушки и повеќе траги од лице место кои беа добра основа да започне истрагата по однос на ова сторено кривично дело.

Согласно планот на активности Министерството за внатрешни работи пристапи кон анкетирање на граѓани и ние извршивме анкетирање на над 200 граѓани што биле присутни пред и по случување на настанот, но и за време на извршувањето на кривичното дело на лице место заради утврдување на динамиката на извршување како и опис на сторителите на возилото. Истовремено се пристапи кон легитимирање на сомнителни лица и можни сторители и веќе следниот ден врз основа на прибраните сознанија ние успеавме да го откриеме односно пронајдеме возилото кое било користено за време на нападот на полициската кола.

окму ваквата брза реакција овозможи да обезбедиме квалитетни докази кои значително помогнаа во понатамошната истрага која се разбира водена од страна на истражниот судија даде и соодветни резултати.

Претпоставувам дека пратеникот направи ненамерна грешка или не недоволно ја познава терминологијата, но полицијата, еве ќе појаснам и за него и за јавноста дека полицијата постапува исклучиво по судска наредба, и постапувајќи по судска наредба за секој поединечен случај со прецизни податоци за лицата и просториите во кои треба да се изврши претрес, веќе наредниот ден направи 19 претреси во домови и други простории на подрачјето на Скопје и Куманово и врз основа на наредбите издадени од истражниот судија беше постапено и беа прибавени предметите и лицата по кои се трагаше. Повторно ќе напоменам дека при извршените претреси освен што беа собрани корисни информации во функција на разоткривање на сторителите на кривичното дело напад и убиство на полициски службеник, беше откриена и поголема количина на нелегално поседувано оружје, како што се пиштоли, пушкомитралези, автоматски пушки, гасни пиштоли, над 700 парчиња на различен калибар на оружје, рамки, за пиштоли, лициси за врзување итн, и поголем број на телефонски СИМ картички за средства за комуникација кои беа прибавени врз основа на наредба на истражен судија.

По овие извршени претреси беа приведени 40-тина лица за кои постоеа сериозни индиции дека може да дадат корисни информации во функција на расчиствување на нападот и убиството на полицискиот службеник.

По извршените службени разговори дел од лицата беа пуштени, дел врз основа на одлука на судот, еве повторно за пратеникот едно дополнително појаснување, полицијата ниту има законска надлежност, ниту може, ниту одлучува за задржување на лицата и изрекување на мерка притвор. Тоа е одлука на судот, а јас како министер за внатрешни работи не би сакала да коментирам одлуки и постапување на независната судска власт.

Така што поголемиот дел од извршените разговори беа корисни да се прибават информации, а најголем дел од лицата со кои беа извршени разговори, со оглед на тоа што ги дадоа информациите кои истражниот судија ги бараше да се обезбедат беа пуштени на слобода. Се разбира кај оние кај кој беше пронајено оружје кое незаконски го поседувале беше поднесена соодветна кривична пријава, бидејќи тоа е кривично дело и тие беа изведени пред истражен судија.

Инаку, во реализацијата на завршната фаза на реализацијата учествуваа поголем број на полициски припадници од разни организациони единици на Министерството за внатрешни работи и повторно беа направени претреси врз основа на писмена наредба со точни податоци за лицата и адресите каде што треба да се направат претреси во објекти во Скопје, Арачиново и кумановско Опае.

Исто толку лица беа приведени во полициската акција заради проверка на одредени сознанија. Вредно е да се спомене дека и при овие претреси беше пронајдено поголемо количество на нелегоално поседувано оружје, нелегално

поседувана муниција и одреден друг број на предмети кои се сомневаме дека биле користени за подготовка и извршување на кривичното дело.

Врз основа на наредба на истражен судија, значи, зборуваме за писмени наредби издадени од истражен судија, од независната судска власт обезбедени се и дополнителни информации кои потоа со споредба го потврдиле идентитетот на лицата, така што јас навистина сметам дека е неупатно да се даваат квалификации без увид во доказниот материјал, а сепак на крајот на краиштата оној кој го има целосниот увид е судијата кој го води предметот и јас верувам во објективната одлука на судијата да изрече мерка притвор на лицата во кои се сомнева дека се инволвирани во ова кривично дело. Се разбира дека на крајот останува да ја сочекаме судската одлука по однос на утврдување на вината на овие лица.

Инаку, за овие лица до Министерството за внатрешни работи, до Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција поднесе кривична пријава против три лица на возрас од 19, 25 и 39 години од Скопје, Арачиново и Опае, поради постоење на основно сомневање дека сториле неколку кривични дела. И тоа кривично дело убиство, кривично дело убиство во обид, злосторничко создружување и помагање за извршување на кривичното дело.

Имено, во текот на ноември и декември 2008 година Министерството за внатрешни работи работеше интензивно на расветлување на случајот и беа добиени поголем број на оперативни сознанија кои секако дека ќе бидат ставени на располагање на судијата во функција на објективно донесување на одлуката тогаш кога судот ќе одлучува по однос на овој предмет.

На сите овие лица за кои претходно зборував истражниот судија им одреди мерка притвор, повторно за почитуваниот пратени ќе појаснам дека мерката притвор е мерка која на предлог на јавниот обивинител ја определува истражен судија. Значи, истражниот судија на овие три лица им одреди мерка притвор и дополнително уште две лица се на издржување на мерката притвор по однос на сомневање за сторено кривично дело односно сторени повеќе кривични дела поврзани со убиството со полицаецот Африм Ариви.

На крајот би сакала да упатам една порака до почитуваниот пратеник и повторно да појаснам дека полицијата постапува исклучиво во рамките на своите законски надлежности.

По однос на овој случај доколку стигне претставка таа ќе биде сериозно разгледана и третирана со максимално внимание и како во многу други случаи ние покажавме дека пристапот е неселективен без оглед за кого се работи. Криминалот нема ниту политички, ниту етнички предзнак, впрочем и ова тешко кривично дело - убиство на полицаец покажува дека полициската професија е ризична без оглед на која етничка заедница припаѓаат полициските службеници кои ја извршуваат.

Наша должност кон семејствата на загинатиот полицаец Арифи, но и кон сите граѓани на Република Македонија е да постапуваме неселективно без оглед на тоа што ќе покажат доказите односно какви ќе бидат сомневањата. За нас криминалот и понатаму, како и досега нема да има ниту етнички, ниту политички презнак, ќе продолжиме со работа со несмален интензитет затоа што тоа е единствен начин на градење на доверба со граѓаните.

Инаку, му должам уште едно појаснување на почитуваниот пратеник.

Полицијата постапува исклучиво по наредба на истражен судија, но не и по наредба или известување на претставници на локалната самоуправа, бидејќи беше споменато учество односно информирање или неинформирање на претставниците на локалната самоуправа.

Законот за полиција и Законот за внатрешни работи се многу јасни и прецизни и во делот на нашите надлежности кои произлегуваат од овие два закони, но исто така и од голем број други правни акти можам да кажам и да потврдам дека полицијата во ниту еден случај при вршењето на овие претреси не само што не излегува надвор од своите законски надлежности, туку во целост се испочитувани писмените наредби од судот кои се разбира дека може да му бидат прикажани на увид на почитуваниот пратеник доколку тоа дополнително го побара, се разбира под услови кои ги предвидува процедурата за заштита на личните податоци и пристапот до информации со степен на доверливост со одреден степен на доверливост.

На крајот ќе завршам со тоа што ќе напоменам дека бројните случаи, вклучително и овој ако се разгледуваат со внимателна анализа и ако се разгледуваат целосно ослободени од било какви политички, или друг вид на предрасуди ќе видиме дека токму и во овој случај дел од приведените лица односно лицата во чии домови се вршени претреси припаѓаат на различни етнички заедници, припаѓаат, или воопшто не припаѓаат на некоја политичка опција. Тоа се граѓани со различни професии, единствено заедничко за сите нив е тоа што постојат основани сомневања за нивна инволвираност во сторено кривично дело врз основа на кои судот издал писмена наредба за вршење на претрес на лица и простории. Така што на крајот можам да констатирам дека квалификацијата односно сомнежот на пратеникот дека можеби имало одредено селективно постапување е навистина е неаргументирана и неоснована и фактите го потврдуваат токму спротивното. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот или има дополнително прашање да постави?

Повелете.

**Абедин Зимбери:** Воопшто не сум задоволен од одговорот затоа што знаеме дека ќе се даде токму ваков одговор, затоа што секогаш се говори, секогаш се прави истото, како да е научено напамет како песничка.

За тоа колку јас ја знам процедурата ме знаат сите кои што ме изгласале мене дека ја познавам оваа област и знам само едно. Решенијата на истражниот судија се даваат врз основа на извештајот од полицијата, затоа што полицијата треба да собере податоци за определено лице и полицијата треба да интервенира само тогаш кога има прецизни аргументи, а не без да се соберат аргументите со одлука на судијата да се оди и да се притвора цело едно семејство, или како се прави претрес во тие домови. Се прават големи заплашувања на децата, на жените, дали овој закон што го имаме е против тие семејства. Мене не ми е јасна оваа полиција во која форма и на каков начин делува. Значи, за еден случај се притвораат три општини, а не истакнуваат за тоа колку семејства се малтретирани во овој случај.

Сето ова што го кажавте дека полицијата нема потреба да известува од локалната власт или некој друг, има задача и ќе беше сосема нормално доколку ние и веруваме на полицијата, полицијата се докажеше дека е за да и се верува, меѓутоа досега немаме ниту еден аргумент за тоа дека оваа полиција е во интерес на граѓаните, туку токму напротив е на штета на граѓаните. Аргументите го кажуваат токму ова.

Кажете ми ве молам, бидејќи велите дека нема селекционирање, кажете ми еден случај кај Македонците кога полицијата влегла на полноќ и ги претресле нивните домови, или ги заплашиле нивните семејства. Нема да го направите ова, затоа што знам дека доколку го направите ова целиот македонски народ би станал на нозе и би протестирал, меѓутоа Албанците се научени, затоа што ова им се случувало долго време и тие се адаптирани и на насилство и на се.

Не ми одговоривте за Ферат Сулејмани. Малку порано го спомнав Ферат Адеми, меѓутоа реално името му е Ферат Сулејмани и не ми дадовте одговор зошто неговиот случај беше затворен. Дали лицето што прашав е усмртен на неговото работно место, на неговиот посед. Неговото семејство знае кое лице го убило и вие знаете, меѓутоа никој не е притворен, никој не е затворен за тоа.

Зошто не влеговте по тие куќи, по тие домови. Зошто не претресовте и не притворивте таму, меѓутоа не смеете затоа што таму се Македонци. Вие делувате селективно во вакви случаи по овие предмети. Таму каде што има Албанци се влегува и се прави претрес, имаме аргументи за тоа, не може никој да не разубеди. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

На дополнителното прашање ќе одговори министерката за внатрешни работи госпоѓица Гордана Јанкуловска, повелете.

**Гордана Јанкуловска**: Благодарам.

Практично имаше две дополнителни прашања на кои јас ќе се обидам да одговорам.

Првото прашање, почитуван господине пратеник, веќе за неколку дена, ме прашавте во случај каде што биле инволвирани лица Македонци каде што бил вршен претрес. Ќе ви го споменам случајот "Изгрев" каде што беа приведени 16 лица, сите се Македонци и во домовите на сите беа извршени претреси. Тоа се случи само неколку дена по претресите кои беа извршени по прибирањето на доказите за убиството на полицаецот Африм Арифи.

Инаку по однос на случајот, Ви благодарам што го корегиравте името, бидејќи вака полесно ќе ви ги дадам информациите. Но, со оглед на тоа што ова е дополнително прашање и нема да имам можност да одговорам целосно за случајот Берат Сулејмани, ќе ви доставиме писмен одговор.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Според редоследот утврден од координацијата на пратеничките групи следен за поставување на пратенички прашања е господинот Хајрула Месими, повелете.

**Хајрула Месими**: Ви благодарам.

Почитувана потпретседателке, почитувани колеги пратеници, почитувани министри,

Ние сме овде да ја искажме волјата и барањата на граѓаните кои ги застапуваме. Затоа, ќе ви поставам прашање од граѓаните на општина Липково кои имаат потреба, а ние ова сме го кажеле неколку пати на средби со нашето гласачко тело.

Се работи за една гранична точка, се говори за граничниот премин Гнилање кој граничен премин ќе го скрати патот за 100 километри за овие граѓани, во суштина на 22 села што гравитираат кон границата со Република Косово. Тие се заинтересирани да знаат до каде е постапката на отворање на овој граничен премин.

Затоа прашањето е упатено до министерот за надворешни работи. Имаме инфорамции дека од косовската страна, од Косово е асфалтирана оваа делница, до овој граничен премин, па би сакал да слушнам јасно и граѓаните, уште колку треба да чекаат овој граничен премин да стане реалност, на начин да комуницираат послободно, што мислам дека ќе биде и успех за регионот.

И ние сме тука да помогнеме на органите што се инволвирани во отворањето на овој граничен премин, што ќе биде од големо значење за нив, но и од посебно значење за Македонија како држава.

За следните прашања, мислам дека колегата Абедин ги кажа малку поопширно, а јас ќе бидам, ќе се потрудам да бидам попрецизен, поконцизен.

Второто прашање е упатено до министерот за правда, исто така за случајот Сопот. Би побарал писмена информација како Абедин, детална информација за случајот Сопот, од почетокот до сега, бидејќи мислиме дека овој процес не е завршен.

Знаеме дека од обвинетите само 5 издржуваат казна, а 7 се во потрага. Овде сум да побарам објаснување од причина што тие се убедени дека не сносат вина. Затоа е лесно да се манипулира со нив. Имаме една појава, кога почна предизборната кампања, има еден потенцијален кандидат за претседател, тој оди и манипулира со граѓаните, бара потписи од нив, а како награда ветува дека ќе го реши случајот Сопот. Затоа, тие се заинтересирани да знаат дали може да се врати и да се преиспита овој предмет?

Уште едно друго прашање за министерката за внатрешни работи. Повторно ќе биде кратко прашањето. Уште колку ќе трае вонредната состојба во Министерството за внатрешни работи во Куманово, уште колку време безбедносната состојба во Куманово ќе се контролира од специјалните единици Алфи. Ви благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Првото ваше прашање е до министерот за надворешни работи.

Одговор ќе даде господинот Антонио Милошоски, повелете.

**Антонио Милошоски**: Му благодарам на прашањето на почитуваниот пратеник.

Би сакал да ја истакнам подготвеноста на Владата на Република Македонија и сите надлежни органи да работи и понатаму таму каде што има реална потреба и можност за отварање на нови гранични премини, вклучително да ја преземе иницијативата за граничниот премин кој го спомна, почитуваниот пратеник. Во таа смисла само би истакнал дека исто толку е важно од соседната страна, во овој случај од страна на Косово да има интерес и да се пристапи кон заедничко усогласување на една процедура која не е многу едноставна, но сепак е изводлива доколку има политичка волја да се стигне до еден заеднички јазик за отварање на нови гранични премини. Во таа насока би го поканил и почитуваниот пратеник секогаш вратите се отворени во Министерството за надворешни работи, во Секторот за конзуларни прашања кај директорот на тој Сектор Рефет Хајдари како и неговиот соработник Тодор Нанев на еден разговор во кој може и поконкретно да ги отвориме овие теми и да размениме мислење за поставеното прашање и за можноста за отварање на еден ваков граничен премин во тој дел на Република Македонија. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Второто прашање беше упатено до министерот за правда и побаравте писмен одговор.

Третото прашање беше упатено до министерката за внатрешни работи госпоѓица Гордана Јанкуловска, повелете.

**Гордана Јанкуловска**: Благодарам за прашањето.

Значи, по однос на работата на Секторот за внатрешни работи од Куманово, како што веќе му е познато на пратеникот, заради одредени недоследности на работењето на претходното раководство практично во Куманово моментално раководи времено раководство со јасно дадени насоки и инструкции за постапување се со цел состојбата со функционирање со Секторот за внатрешни работи во Куманово да се доведе до едно оптимално ниво. Точно е дека во Куманово има одредено засилување на капацитетот на Секторот од страна на посебната мобилна единица. Но, ваквото присуство на посебната мобилна единица и зајакнување од други организациони единици на Министерството за внатрешни работи на територија на СВР Куманово е предмет на ревизија практично на месечна основа каде што ние ги разгледуваме податоците кои зборуваат за напредокот во однос на комплетирањето на операцијата “Пепел”. И преоценување на продолжување на ваквиот начин на функционирање на Куманово. Јас верувам дека во наредните месеци со оглед на трендот што го покажува функционирањето на времената управа во Куманово ќе може да констатираме дека состојбата е на оптимално ниво и тоа би значела дека раководството ќе биде трајно поставено и ќе продолжи со редовните активности и задачи.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Јас морам да се извинам на пратеникот бидејќи не го прашав дали е задоволен од одговорот на министерот Милошоски, па еве има можност пред се да се изјасни по одговорот на министерот Милошоски, потоа по одговорот на министерката Јанкуловска, повелете.

**Хајрула Месими:** Ви благодарам.

Мислам дека ќе соработуваме со Министерството за надворешни работи, како што рече и министерот. Мислам дека не само за мене туку и за сите кои можат да помогнат во овој случај, вратите на Министерството се отворени и мислам дека набрзо ќе почнеме да ја интезивираме нашата соработка и мислам дека оваа реална потреба на граѓаните од општина Липково да стане и реалност. Ви благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот на министерката за внатрешни работи или сака да постави дополнително прашање. Повелете.

**Хајрула Месими:** Ви благодарам.

Би сакал овој одговор да биде писмен.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Одговорот е побаран на писмено.

Благодарам.

Следен за поставување на пратенички прашања е господинот Менде Диневски, повелете.

Повелете господине Менде Диневски со вашите три прашања, повелете.

**Менде Диневски**: Благодарам.

Моето прашање ќе го поставам до премиерот Никола Груевски, а се однесува на сетот на партиски кадри на ВМРО ДПМНЕ. Ќе почнам со најсвежиот пример, а тоа се синоќешните случки во општина Битола. Можат кадрите на ВМРО

ДПМНЕ во својство на потпароли на МВР да кријат дека на најдемократски начин ги убедиле штрајкувачите да си одат дома, но не можете да скриете дека на канал 77 со име и презиме Душко Илиевски кажа дека сте ги потиснале и отепале од мавање. Можете д скриете дека во Медицинскиот центар преку вашите кадри дека никој не побарал медицинска помош, но не можете да скриете дека во Република Македонија во 2009 година луѓе од страв во сопствената држава, од страв од МВР, седат пред камери со грбот свртен од страв да го појават своето лице. За таква Македонија, за таква идеологија ниту гласале ниту се бореле тие луѓе. Кажаа дека им служеле како боксерски вреќи синоќа на припадниците на Министерството за внатрешни работи и вие премиере можете да тврдите дека никој вчера не посегнал рака по млекопроизводителите. Но, не можете да скриете, она шти го знае цела Битола дека синоќа 3 автобуси на најгруб начин се истоварија и ги присилија луѓето да си одат дома.

На крајот на краиштата, прашањето знаете ли што е? не го решивте прблемот. Вие кажавте дека во догледно време тие луѓе ќе добиеле финансиски средства. Ќе ги изгубат своите куќи, заради тоа што им се ставени под хипотеки, млекот не можат да го предадат и понатаму, а ние сите ќе дискутираме за политика. Жалосно.

Кога сме кај партиските кадри, пред Нова година од РЕК Битола се испуштија околу 1200 вработени, ним им претстанале договорите на фирмите и се избркани сите оние освен Агенцијата Зета, која е основана од високи партиски кадри на ВМРО ДПМНЕ.

Ова што се случи пред Нова година, каде што се избркани повеќе од 1200 луѓе, кои во континуитет работеле 10 години во изминатиот период, навистина е жалосно. Зошто? Заради тоа што во изминатите 10 години во комбинатот РЕК Битола биле многу Влади, биле многу раководства, но оние што биле стручни, шти биле оспособени или оние што се образувале внатре, иако работеле преку фирми, постојано останале. Сега тие ги избракавте. Ги избркавте бидејќи имаат една мана, а тоа не се членови на ВМРО ДПМНЕ или не се блиски до позицијата заради тоа, во накритичниот период за РЕК Битола, тоа е декември и јануари, ќе ви кажам дека во овој момент имаме намалку количество на јаглен на депонија, или имаме за околу три дена. Во меѓувреме се објави тендерот, заврши изборот на фирмите, каде што 37 фирми ја добија работата, ги имаме сите на список, сите се блиски и поблиски до ВМРО ДПМНЕ, но денес нема да ги читам, да не им правам реклама и сите тие денес вработуваат исклучиво партиски луѓе на ВМРО ДПМНЕ, независно од нивното образование, независно од нивната стручност. Исто онака како што се вработуваа пред парламентарните избори во 2008 година, се со една единствена цел да се добијат изборите. Сега се цел локалните и претсетелските избори.

Прашањето го поставувам: До кога раководството во РЕК Битола кое го нема, дефинитивно го нема повеќе од 6-7 месеци, ќе ги отсранува стручните луѓе, или на кое ниво работат и на нивно место поставува исклучиво партиски војник, без оглед на стручноста и квалификациите и без оглед дали се работи за комбинат од кој зависи животот на само на Битола, туку на цела Македонија.

Второто прашање ми е до министерот за образование и наука, Владата на Република Македонија го поромовираше слоганот: "Знаењето е сила, знаењето е моќ". Но се разбира како и се друго е само декларативно и за маркетиншки цели. Во пракста со своето однесување, со своите преземни активности ја вулгаризираа и девалвираа оваа синтагма до крајна граница. Дефинитивно се гледа дека нема намера да се воспостави ред во образованието, бидејќи партиските кадри и послушници немаат капацитет или знаење и вештина за водење на една ваква субтилна сфера. Затоа денес почитуван министер до вас го поставувам прашањето, кое е пример во цела Република Македонија, но карактеристично е за општина Битола, значи да разговараме за онаа кампања која вие со народни пари ја плаќате за тоа, како се спроведува. Ќе дадам само еден пример, еден млад човек кој е дипломиран професор по историја, со средна оценка 9,72, во изминатиот период се пријавил на повеќе конкурси каде се барало професор по историја. Едниот бил во Таки Даскалот гиманзијата, каде што замислете не успеале да примат лице од Битола, примиле од Крушево, а таму е директор потпаролот на Општинскиот комитет на ВМРО ДПМНЕ, кој во слободно време работи како директор на учлиште.

Вториот конкурс бил во училиштето Елпида Караманди, каде што е примен кандидат на определено време, без никакво образложение зошто истиот е одбиен. Во меѓувреме конкурирал и во други училишта, каде што навистина се примени други луѓе, но не и посочениот млад човек. Јас ќе ви кажам која е маната на Љубчо Стојановски, дипломиран професор по историја. Маната му е што нема членска карта на ВМРО ДПМНЕ. Ја нема среќата како многу ВМРО-ци кои вчера во Кичево, иако се распишани локалните избори ги примија и од денес почнаа да работат во училиштата.

Затоа почитуван министер сакам да ви ја посочам реалната слика во делот на образованието, не само во Битола, туку и другите градови на Република Македонија и да ве прашам кога и кои мерки ќе ги преземете ваквите случаи да се разрешат и вакви квалитетни, или најквалитетни млади луѓе да не заминат надвор од државата и дали кампањата која ја плаќате со народни пари ќе почне да се применува и на дело и Љубчо Стојановски, како и многу други ќе можат своето знаење да го пренесат на учениците во Република Македонија.

Во прилог ќе ви ги дадам одговорите кои ги добил од посочените училишта, вклучително и неговата

диплома, за да знаете дека жалосно е ваквите кадри во Република Македонија да не можат да дојдат на ред од партиските кадри на ВМРО ДПМНЕ.

Третото прашање ќе го поставам до премиерот, ако нема информација може да даде одговор некој од најблиските соработници.

Во општина Битола во јули 2007 година владееја сериозни пожари, Битола беше тогаш зафатена, значи, да не се враќаме на тој период. Имаше извештај од работата на Комисијата за проценка на штети од пожарите, каде што имаше 79 барања, од кои 71 барање се прифатија. Тие се најголем дел од Битола, од село Крклино, најмногу од село Братин Дол 34, Раштани, Змирнево, Дихово, Горно Оризари, Цапари, каде што се поминати сите инстанци, каде што Советот на општина Битола има донесено одлука и до ден денес посочените луѓе ги намаат добиено финансиските средства.

Прашањето ми е: кога Владата на Република Македонија планира да им ги исплати финансиските средства кои им се одобрени или доделени од страна на Комисијата. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Првото прашање беше упатено до претседателот на Владата на Република Македонија.

Има збор господинот Груевски Никола, повелете.

**Никола Груевски:** Благодарам.

За првото прашање јас немам такви информации како што кажа господинот пратеник, затоа писмено ќе му одговориме.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Во однос на првото прашање писмен одговор ќе добиете.

Во однос на второто прашање ќе слушнеме одговор од министерот за образование и наука, повелете.

**Перо Стојановски:** Благодарам претседателе.

Пред извесен период прашањата кои ми беа поставени повторно се однесуваат на истово прашање. Во услови на децентрализација многу е важно да се знае кој е работодавец. Министерството за образование и наука не е работодавец. Тоа е првата работа.

Втората работа: отворивте многу убаво прашање. Во Неготино имаме повеќе од 20 невработени професори по физичко образование, а на последниот конкурс во средното училиште во Неготино се примени луѓе од Демир Капија. Во Струмица повеќе од 30 професори кои живеат во Струмица работат во околните општини, општина Радовиш, општина Конче, општина Валандово, општина Богданци, општина Дојран и на ослободувањето на работни места по истите звања, значи дали станува збор за професор по Македонски јазик, дали станува збор за професор по Физичко образование, наместо овие луѓе кои со години патуваат од местото на живеење до местото каде што ја реализираат наставата, повторно се примаат луѓе од општината без притоа да се води сметка за економското работење и оптимизирање на трошоците во образованието. Што значи прашањето е одлично поставено и дека треба во таа насока да се работи особено во делот на локалната самоуправа. Министерството за образование и наука во тој дел нема никаква надлежност.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот, односно дали сака да постави дополнително пратеничко прашање?

Има збор пратеникот господин Диневски Менде, повелете.

**Менде Диневски:** Зошто до вас го поставив прашањето почитуван министер? Заради тоа што градоначалникот на општина Битола се изјасни како ненадлежен во однос на ова прашање, заради тоа што советникот за образование во општина Битола изјави дека не е надлежен во однос на ова прашање. Затоа го поставив до вас прашањето. Инаку, ова е прашање кое доаѓаа од канцелариите кои се отворени за посета на граѓаните, заради тоа што не можете постојано кога ќе ви поставaт прашање да тврдите дека не сте надлежен по одредено прашање.

Јас ќе побарам дополнително писмено да ме информриате, но претходно да ги расчистите ингеренциите со градоначалникот на општина Битола за што е надлежен, дали е надлежен само да им се заканува на директорите да го прекинат штрајкот кога ќе има штрајк во образованието, дали е надлежен да ги вработи сите партиски кадри...

**Трајко Вељаноски:** Се извинувам, но господине Менде Диневски, не е предмет на дискусија градоначалникот на општина Битола.

**Менде Диневски:** Дали е надлежен сите партиски кадри на ВМРО-ДПМНЕ, но кога ќе дојдат на дневен ред партиски односно непартиски луѓе кои завршиле со просек 9,8, тогаш се изјаснувавте дека не сте надлежни. Затоа вашиот слоган "Знаењето е сила, знаењето е моќ" е само лага за граѓаните на Република Македонија.

Барам на писмено дополнителен одговор.

**Трајко Вељаноски:** По однос на третото прашање, одговор од страна на претседателот на Владата на Република Македонија господинот Груевски Никола.

**Никола Груевски:** Благодарам.

За третото прашање би одговориле писмено.

**Трајко Вељаноски:** На третото прашање ќе добиете писмен одговор.

Следен за поставување пратенички прашања е господинот Миле Андонов, повелете.

**Миле Андонов:** Благодарам претседателе.

Почитуван премиер, претставници и министри на Владата, почитувани колеги,

Морав едно од моите концепирани да го променам во текот на денот и да го поставам ова прашање до господинот премиер на Владата, господинот Никола Груевски, а мотив или повод

односно причина беа насобраните лица пред Собранието, мислам дека сеуште се надвор, кои ми пријдоа на паузата и ме запознаа дека денес имале средба во Владата со премиерот или не знам со кого, дали со заменик премиерот. Тоа се лица стечајни работници, буквално на нивно барање денес им бил закажан состанок во Владата, меѓутоа со последните средства кои ги чувале за основна егзистенција ги вложиле за патни трошоци, дошле и не биле удостоени од премиерот односно претставниците на Владата да бидат примени на разговор за решавање на нивниот проблем. А нивниот проблем се провлекува уште од 2000 година , кога во март месец Владата на ВМРО-ДПМНЕ го укина законското решение со кое законско решение стечајните работници кои беа прогласувани за технолошки вишок, односно чии фирми одеа во стечај и ликвидација имаа право на надомест до нивно повторно вработување односно стекнување на услови за одење во пензија. Тоа се тие исти луѓе кои неколку месеци или повеќе од година дена штрајкуваа овде во Паркот на жената и кои само на три дена пред парламентарните избори 2008 година господинот премиер ги прими, се договори со нив, им вети дека ќе им го реши статусот, меѓутоа, до ден денес до тоа не дојде. Со неговото ветување им беше предочено решение дека околу 6-7 илјади такви стечајни работници ќе го имаат решението во рака, меѓутоа, до денес, како што сме информирани од нивното Здружение, проблемот е решен на помалку од една третина, на околу 1500-1700 луѓе. Останатите 5000 еве ги, не знаеме кој ден пак ќе ни дојдат пред Собранието, пак ќе го наполнат Паркот на жената со нивните протестни шатори и нема да им се реши проблемот.

Прашањето е може ли, има ли капацитет Владата да им удоволи, односно да ги реши проблемите на овие 5000 стечајни работници по основ на она ветување што им беше дадено во очи на парламентарните избори. Впрочем, такво решение и ние како пратеничка група од СДСМ, верувам и секој пратеник од позицијата или од опозицијата ќе подржи. Не се многу пари, но многу се големи проблемите на овие 5000 вработени со нивните семејства.

Моето второ прашање ќе биде упатено до минситерот за земјоделство, шумарство и водостопанство. Причина се денешните односно вчерашните и оние што се во тек поплави во Кочанско, каде што неколку села се поплавени, поплавени се и куќите и помошните згради, домаќинствата, па и земјоделското земјиште. Имено, во април месец 2007 година вице премиерот Ставрески со минситерката Јанкуловска беше во посета на поплавените канали и поплавените земјоделски површини, беше присутен таму и премиерот, се сликаа и ветија дека ќе ги исчистат каналите и реките. Потрошија околу 5 милиони денари и околу 250 тони нафта, кажаа дека работата е завршена. Меѓутоа, верувавме во 2007 и 2008 година дека тоа е така, затоа што немаше обилни врнежи, затоа што немаше снегови по планините. Меѓутоа, во очи на 2009 година се случија метеоролошки неповолни услови со топењето на снегот и неколку дневното врнење на дожд, Кочанско е пак поплавено. Значи каналите и речните корита не се исчистени.

Прашањето е дали како што потрошивте народни пари за чистење и за рекламирање, ќе ги обештетите оштетените граѓани од сегашните поплави, и од идните поплави до колку тоа не го решите, и кога навистина планирате да ги исчистите каналите и речните корита.

Последното прашање би го поставил до министерот за образование: какви конкурси се распишуваат во средните и основните училишта во Кочани и во другите градови, дали министерот децидно е запознаен.

Практиката сега во оваа година, учебната 2008/09 година покажа дека огласните постапки, одредбите од Законот и статутите на училиштата дава можност ако не се јавиле лица со стаж и положен стручен испит да се избере почетник, на кој директорот му именува од искусните наставници ментор-водич. Во нашиот случај во Кочани, а верувам и во другите градови, има наставници кои во тие школи работеа веќе 2, 3, 4 и една година со соодветно образование и со положен стручен испит, меѓутоа, директорите на училиштата не ги ангажираа тие наставници во наставата, туку примаа наставници односно лица приправници. Згора на тоа , и во огласите кои ги распишаа децидно стоеше дека бараат приправници.

Ве молам господине министер, дали ќе не удостоите како пратеници, како граѓани што сме загрижени околу образовниот процес и воспитувањето на младите, ќе поведете сметка и ќе ги преиспитате огласите и конкурсите во овие училишта.

Конечно, дали ќе преземете соодветни мерки оваа аномалија во образованието што поскоро да се разреши. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Првото прашање е упатено до Валдата на Република Македонија, односно претседателот на Владата на Република Македонија.

Има збор господинот Никола Груевски, повелете.

**Никола Груевски:** Првото прашање беше со еден вовед дека на некого денес сум имал закажано, ама не сум го примил. Веднаш да го демантирам почитуваниот пратеник, денес немав закажано да примам таква група на луѓе па да сум во ситуација да не ги примам. Ако некој такво нешто му кажал, не му ја кажал вистината, а најверојатно и не му кажал некој такво нешто.

Втората работа, иако сум зачуден од тоа што поставува вакви прашања кога СДСМ кога беше на власт еден стечаец не реши 4 години, еден канал не исчисти, ама тоа е друго прашање, после ќе разговараме и сега ќе наоѓа дека некој добил, а некој не добил. Јас ќе одговорам следното.

ВМРО-ДПМНЕ со Здружението на стечајни работници со над 25 годишен стаж потпиша договор тука пред Парламентот, кој што е јавен документ, кој што договор во целина беше преточен во закон и кој што Закон беше усвоен во овој Парламент и имплементиран, можеби е во фаза уште доимплементирање за уште неколку компании за кои се испитува по судовите каков бил нивниот статус во минатото, но во голема мера е имплементиран, во помала мера сеуште трае имплементацијата. Согласно тој Закон голем број на поранешни стечајни работници ги добија одредените бенефиции кои им следуваат и се разбира дека имаше некои што побараа, аплицираа, меѓутоа, не ги исполнуваа условите од Законот. Вие знаете дека ако некој не исполнува услови од Закон, а му се додели нешто, тоа не е законски и на некој начин е казниво дело, така што сите кои ги исполнуваа условите согласно Законот или добија или во наредните месец, два, додека завршат тие постапки ќе добијат. Но тие што не ги исполнуваат условите, не ги исполнуваат, тоа е тоа, нема ништо чудно во тоа.

Мене ми е драго што на голем број на поранешни стечајни работници успеавме да им помогнеме, така што и на оној дел кој што сега сеуште се истражува состојбата на компаниите во времето кога отишле под стечај како било, што било и т.н., така што таа бројка веројатно ќе се зголеми и тоа е тоа, нема ништо повеќе од тоа. Не знам вие со кого сте разговарале, можеби со некој што не ги исполнува законските услови, можеби со никој не сте разговарале, тоа вие си знаете најдобро, но, прво, секогаш кога ќе закажам со некого никогаш не ми се случили да закажам, а да не го примам, така и денес нема таква ситуација и второ, каков Закон донесовме, така го имплементираме, сите што ги исполнуваат условите си добија државни бенефиции, на сите што не ги исполнуваат условите им се одговара дека Законот е поинаков. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот, односно дали сака да постави дополнително пратеничко прашање?

Има збор пратеникот Миле Андонов, повелете.

**Миле Андонов:** Благодарам претседателе.

Делумно сум задоволен од одговорот на премиерот, меѓутоа, имам дополнително прашање.

Дали господине премиер немате добиено барање од координаторите на здруженија на стечајните работници во Република Македонија, поднесено до вашата Влада на 24.12.2008 година, потпишано од 14 координатори. Еве го барањето, можам после и да ви го доставам.

Дали сум зборувал и со кого сум зборувал, половината од овие 14, барем некои ми се познати и од порано, беа денес пред Владата, беа и пред Собранието пред еден час. Ако слушаат луѓето, можеби ќе не дочекаат и сега кога ќе излеземе надвор. Не ве лажам јас вас дека сум разговарал со таквите луѓе и секако тоа се луѓе на кои не им го решивте статусот на стечајни работници, затоа што кога го спомнувате јавниот документ што сте го потпишале во очи на парламентарните избори, каде им ветивте дека ќе го вратите старото решение до 2000 година и каде сите со над 25 години стаж ќе ги обештетите, рековте дека тоа се луѓе во бројка од над 6 илјади стечајни работници, сега одеднаш нема ни 2 илјади стечајци. Не знам сега кој е во заблуда и кој не ги чита работите онака како што биле кажани, или не ги прави работите онака како што ги кажал.

**Трајко Вељаноски:** Одговор на дополнителното прашање ќе даде господинот Груевски Никола, повелете.

**Никола Груевски:** Почитуван пратеник, мене ми е јасно дека вие очајно се обидувате да соберете гласови, да им се бендисате и додворите на сите оние кои од нешто се незадоволни сега и тоа е веројатно дел од вашиот начин на политичка борба, јас уште еднаш ќе ви повторам дека тој Закон кој што вие им го ветивте како СДСМ на Здружението на стечајни работници не им го исполнивте. Тој Закон ВМРО-ДПМНЕ го донесе онака како што го договори со нив, и тоа на писмено го договори. Тој Закон помина во Парламентот и секој човек што ги исполнува од тој Закон веќе доби, дел од нив се во постапка на добивање и сеуште не им е одговорено, затоа што се бркаат некои процедури. Така што секој што ги исполнува условите кои ги договоривме со Здружението, ние не ги измисливме самите, седнавме со нив, преговаравме, разговаравме и на крајот тие се согласија. Секој еден што ги исполнува условите си го доби тоа. Се друго е само манипулација. Таман работа некој ако ги исполнува условите да не му дадеме бенефиции. Зошто? Зошто би го направиле тоа? Бидете убеден дека се она што е ветено по Законот, секој што ги исполнува условите си го доби.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Одговор на второто пратеничко прашање ќе даде минситерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, повелете.

**Ацо Спасеноски:** Прво, благодарам на прашањето на пратеникот за чистењето на каналите. Јас со жалење би истакнал дека повторно пратеникот искористува ситуација да злоупотребува говорница каде што искажува невистини за неисчистување.

Прво, поплавата во Кочани и во неколку региони во Македонија деновиве настана поради огромните врнежи на дожд и во моментот комисии од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство се на терен и прават попис за настанатите штети. Согласно Законот, постои Комисија на локално ниво која ги проценува тие штети и тие штети ги поднесува до Државна комисија за проценка на штети и соодветно на висината на штетите Комисијата се произнесува околу надоместот на штетите.

Она што сакав да го потенцирам, дека она што оваа Влада и Министерството за земјоделство,

шумарство и водостопанство го работи изминатите години е буквално спроведување на чистењето на каналите во смисла да средствата, она што го почнавме уште во 2006 година каде што почнавме чистење на канали кои 15 години не беа чистени, доследно ја спроведовме.

За ваша информација уште во текот на 2006 година се исчистија канали во должина од 60770 метри од кои конкретно за Кочанскиот регион се исчистени одводниот канал Бање Река Злетовица во должина од 9 илјади метри, каналите во месната заедница Слатина три илјади метри, критичните места на Оризарска река во должина од 400 метри. Во 2007 година продолжи акцијата на чистењето каде се исчистија 86927 метри од кои конкретно во Кочанскиот регион е исчистен одводниот канал Бање Река Злетовица во должина од 6500 метри, левата страна на бугарскиот канал во должина од 2250 метри или во 2007 година се исчистија вкупно 86927 метри. Во текот на 2008 година се продолжи со акцијата на чистење на каналите каде што се исчистија канали во вкупна должина од 81448 метри. Во 32 општини чистењето се спроведе на 35 канали. Предвидени се средства и за 2009 година каде ќе се чистат во 17 општини 18 канали и Буџетот за 2009 година предвидено е 22 милиони денари. Чистењето на каналите се спроведува за да може да се ублажат евентуално елементарните непогоди кои можат да настанат со зголемување на природни непогоди, зголемување на количина на врнежи. И мислиме дека со исчистувањето на овие канапи во многу се придонесува да не се појавуваат оние глетки кои беа многу масовни пред 2006 година.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот, односно дали сака да постави дополнително пратеничко прашање.

Има збор пратеникот Миле Андонов, повелете.

**Миле Андонов:** Благодарам претседателе.

Почитуван министре, не ја злоупотребувам говорницата од едноставна причина, бидејќи ја кажав вистината. А дека ја кажав вистината и вие потврдивте со тоа што веќе имате Комисија за проценка на штетите од поплавите, а поплавите нормално се причина од неисчистени канали и речни корита. Тоа беше прашањето, дека сте работеле, сте потрошиле пари, сте потрошиле средства и време секоја година, меѓутоа ефектот не е доволен. Вие како министер треба да направите во најскоро време ревизија во поповолни временски услови и секаде каде што е критично да дадете приоритет. Во иднина мислам дека не би требало вакви работи после секакви вакви акции преземени да се случуваат при мали врнежи, пак ќе кажам неповолни временски услови. Меѓутоа штетата можеше да биде уште поголема ако продолжеше да врне дожд.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

По однос на третото прашање, одговор од министерот за образование и наука.

**Перо Стојановски:** Почитуван пратеник, некако се надоврзува и ова прашање на претходниот ваш колега. Значи, станува збор за вработување на лица во училиштата. Знаете дека Министерство за образование и наука не ги распишува конкурсите и нормално дека доколку некој смета дека во процедурата и во постапката на вработување не е испочитуван законот, треба да си поднесе соодветен приговор, или претставка до Министерство за образование и наука, или до Министерството за труд и социјална политика доколку станува збор за делот на работните односи и врз основа на тие претставки Министерство за образование и наука, или Министерството за труд и социјална политика постапуваат. Така што доколку сакате може во писмена форма да добиете детална информација по однос на ова ваше прашање.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот, односно дали сака да постави дополнително пратеничко прашање?

Има збор пратеникот Миле Андонов, повелете.

**Миле Андонов:** Благодарам претседателе.

Значи морав ова да го поставам министре директно од говорница, затоа што засегнатите и повредените луѓе во постапката на конкурсите и приемот, или неприемот на истите не се во можност да дојдат до вас и да ви ги претставaт проблемите. Значи, Законот за средно образование е дециден и гласи: не може да се примаат приправници доколку во дотичната општина, односно Агенција за вработување постојат кадри кои ги исполнуваат условите согласно Законот за средно образование.

Значи, моето прашање и моето барање до вас беше да поведете сметка не само во Кочани и во многу други општини каде што на ваков начин се крши Законот за средно образование, каде што се примаат на работа приправници и покрај расположливите стручни образовни кадри со положени стручни испити.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Следен за поставување на пратенички прашања е госпоѓа Лилјана Поповска, повелете.

**Лилјана Поповска:** Благодарам почитуван господине претседателе, почитуван премиер, почитувани членови на Влада, почитувани колеги пратеници.

Јас ќе поставам три прашања.

Првото прашање е до Владата, или до Министерството за економија.

Второто прашање е до Министерство за образование и наука и,

Третото прашање е до Министерството за култура.

Значи, јас би се обратила до Министерството за економија во поглед на прашање за тоа какви се мерки презема Владата и какви планира да преземе, тоа ми е уште поважно во поглед на искористувањето на обновливите извори на

енергија, тоа се: ветерот, водата, сонцето, биомасата и геотермалните води. Знаеме колку значајно станува ова прашање со оглед на потрошувачката на постоечките фосилни горива во светот, потоа една и од причините поради која што цената на енергенсите оди нагоре. Од друга страна целиот систем во светот може да колабира поради енергетска криза. Од тие причини 2007 година Европската унија има донесено директива со која што до 2020 година секоја членка на Европската унија, а и секоја кандидатка членка треба да постигне барем 20% од целокупната енергија да ја добива од обновливи извори на енергија.

Значи, што јас знам на тој план дека Владата има направено како подржувач и учесник во тие планирања. Знам дека има уредби во Законот за енергетика каде што се овозможува и откуп на енергија која што ќе ја произведе приватно лице по повластена цена. Знам исто така, дека минатата година имаше една акција на субвенционирање на купување на сончеви колектори каде што Владата учествуваше со 30% во висина најмногу до 300 евра и тоа беше навистина многу добро подржано. Но, тоа беше само ограничена бројка од 500 учесници. Значи, ова ни е познато. Но, прашањето е какви мерки презема за тоа да се направи една целокупна регулатива, целокупен систем, затоа што Законот е една работа, а подзаконските акти се друга работа. Тука ме интересира, бидејќи оние пионери, да речам, во производството на сончева енергија, ветерници итн, се жалеа дека се среќаваат со многу недоуредени одредби во текот на изминатите години. Затоа ме интересира до каде сме на тој план? Но, тие сепак упорно ги пребродиле тие пионерски чекори и сега сме во фаза кога треба да им понудиме конкретни мерки колку сме спремни, што ќе бидеме спремни наскоро да направиме и со која динамика. Тоа е првото прашање до Министерството за економија.

Второто прашање е до Министерство за образование и наука. Ме интересира што е состојбата со пристапни рампи до училиштата. Знаеме дека тоа е еден од условите за да можат лицата со хендикеп рамноправно со сите други деца да посетуваат училиште и да се вклучат во образовниот процес онака како што сме договорени со нашите стратегии и онака како што и во Европската унија тоа го прават. Значи, дали Министерство за образование и наука планира да изгради такви пристапни рампи и со каква динамика.

И третото прашање е до Министерството за култура. Имено, што се планира од страна на Министерството за култура за промоција на македонската култура во странство во текот на идната година и во текот на следните години, затоа што сите се согласуваме и сите граѓани и сите уметници и творци во културата се согласни дека ова е Влада која навистина направи огромен пробив во инвестиции во културата и за тоа сите одаваат признание. Меѓутоа, има еден сегмент кој што е многу специфичен, а тоа е промоција на македонската култура во светот и на тој план сеуште се среќаваме со проблем. Имено, на неодамнешна трибина која што ја одржавме беше укажано дека би било добро да постои подобар менаџмент во културата, посебно во поглед на странската промоција и поголем ангажман на нашите дипломатско конзуларни претставништва на планот на промоција на нашата култура. Затоа што имаше жалби од познати уметници и творци дека не сите наши амбасадори и конзулати едноставно знаат и умеат да организираат некој културен настан во светот, а уште помалку да го испромовираат за на тие наши ретки настапи во светот да присуствуваат луѓе од дотичната земја. Затоа што промоција на културата значи да ја промовираш пред другите кои што не те познаваат, а не пред самите себе си. Ме интересира што на тој план ќе се направи во следната година. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

На првото прашање ќе одговори министерот за економија Фатмир Бесими. Повелете.

**Фатмир Бесими:** Благодарам претседателе, благодарам почитувана пратеник госпоѓа Лилјана Поповска за прашањето. Станува збор за едно прашање кое е од големо значење за нас за енергетскиот сектор и на подолг рок за квалитетот на живот во Република Македонија. Тоа значи дека обновливите извори за енергија секаде во светот не само поради кризата, тие можеби сега во овој период добија поголемо значење и во пошироката јавност. Меѓутоа, развојот и поддршката на обновливите извори за енергија има повеќе ефекти врз стабилноста и одржливоста на енергетскиот сектор во една земја, односно тоа што значи диверсификација на производствените капацитети од една страна и добивање поодржлив енергетски сектор, од друга страна зголемување на ефикасноста на користење на ресурсите, односно ресурси на користење на енергија во една земја кои не се штетни за животната средина, односно за квалитетот на живот во една држава. Во тој поглед ние правиме повеќе напори, односно тоа е наша ориентација за промоција на обновливите извори за енергија во Република Македонија. Нашите активности и напорди би ги класифицирал во неколку аспекти. Една е законската регулатива. Второ, се стратешките документи. Трето, се проектите и други иницијативи и политики. Четврто, се инвестиционите проекти кои Министерството за економија во рамките на ресорното Министерство, во рамките на програмите на Владата на Република Македонија ги реализира овие проекти што се однесуваат на обновливи извори за енергија.

Само за потсетување, значи во законската регулатива веќе е дефинирано, значи има посебно поглавје за енергетска ефикасност и обновливи извори за енергија со кои се утврдени целите на енергетската политика и нејзината реализација во делот на обновливи извори за енергија, промоција и користење на обновливи

извори за енергија, како и создавање на законски основ, односно донесување на подзаконските акти. По тој основ во досегашниот период Регулаторната комисија за енергетика, донесени се правилници за начин и постапка за утврдување и одобрување на користење на повластени тарифи за купопродажба на електрична енергија произведена во мали хидроелектрани, ветерници електрани и електро енергетските постројки кој какво погонско гориво користат, биогас добиен од биомаса и фотоалтаичките системи. Во октомври 2008 година Министерството за економија го донесе Правилникот за искористување на обновливи извори на енергија и Правилник за начин и постапка за издавање регистрација на гаранции за потекло на електрична енергија и визуелен навод обновливи извори за енергија. Значи, нареден правилник кој набрзо ќе биде објавен и во “Службен весник” е Правилникот со кој се пропишува начинот за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори за енергија. Со овие правилници се дефинирани така наречените фидинтарити со цел да се фингираат инвестициите во обновливи извори за енергија. Само да ги напоменам, значи за инвестициите во малите хидроелектрани зависно од тоа дали се работи од капацитет до еден мегават инсталирана снага, или над 8 мегавати, таа цена која е повластена е од 12 евро центи за киловат час до 4,5 за ветерните електрани е 8,9 евро центи за киловат час, за електрична енергија од биогас до 10 киловати инсталирана снага е 12 евро центи, додека за над 500 е 8 евро центи и за фотоволтаиците до 50 киловати инсталирана снага 46 евро центи за киловат час, а над 50 киловати тоа е 41. Значи, со оваа законска регулатива се дефинирани дел од правната рамка како и политиките за промоција на инвестициите по обновливи извори за енергија. Понатаму, ние во стратешките документи значи за развој на обновливи извори за енергија во текот на оваа година можам да кажам дека поради текот на активностите по коинциденција првиот работен ден од оваа година потпишавме договор со МАНУ за изработка на стратегија за обновливи извори за енергија која треба до крајот на април да се изработи стратегијата за искористување на обновливи извори за енергија во Република Македонија како што се хидроенергијата, ветерната енергија, сончевата, геотермалната енергија и енергијата добиена од биомаса. Понатаму ќе се дефинираат во стратегијата и долгорочните цели за искористување на обновливите извори на енергија, како и начините на кои таквите цели треба да се постигнат.

Само за информирање, јас би дал една статистика како е во моментот во Република Македонија. Според билансот на 2008 година во Република Македонија во моментот имаме од финалната потрошувачка, значи имаме околу 13,3% што се добиени од обновливи извори за енергија каде што е огревно дрво околу 8,6%, геотермална енергија 0,6% и хидроелектрична енергија 4%. Така што во моментот Македонија релативно стои добро од аспект на обновливи извори за енергија. Меѓутоа, имајќи ги предвид поставените цели и таргети со Европа 2020 година, 20% обновливи извори за енергија. Ние и понатаму ги подржуваме овие проекти. Дека е тоа така зборуваат и одредени факти, значи во моментот ние имаме објавени, значи во тек е објавата на ТРЦ локации за мали хидроелектрани, таа беше објавена на 16 декември минатата година, а во тек е и завршувањето на двата пакета кои претходно беа дадени за 67 локации. Исто така, во тек е тендерот за Бошков Мост која е поголема хидроцентрала. Отворен е и Чебрен и Галиште и Вардарска Долина кои се значајни капацитети кои значително ќе ја подобрат сликата на енергетскиот систем во Република Македонија. Само за една споредба, постојните капацитети во Република Македонија изнесуваат околу 1500 мегавати инсталирана можност со 7,9 илјади просечно годишно производство. Додека идните проекти кои се планираат, посебно како што се Чебрен и Галиште, се планира над 520 инсталирана снага со околу 1000 гигават часа годишно. Бошков мост се очекува 127 гигават часови годишно производство, Вардарска Долина околу 1300 и мали хидроелектрани доколку се реализираат сите 400, ќе биде околу 1200 гигават часови годишно производство. Тоа е во делот на хидроелектраните како обновливи извори на енергија.

Други проекти се исто така во тек во рамките на Агенцијата за енергетика. Во рамките на тн., Г-проект има нови мерења за локации за ветерни електрани, веќе 4 се направени со поддршка на Норвешката Влада, 4 локации, моментално ЕЛЕМ врши физибилити студија за исплатливоста на градење на ветерните електрани во четирите мерни позиции. Откако ќе ги имаме тие студии ќе се пристапи кон нов проект за инвестирање, значи главен проект, а во иднина инвестирање во првите ветерни електрани во Република Македонија.

Исто така, корисно е во оваа прилика да се каже дека во насока на политиките што Владата ги има за подршка на обновливите извори на енергија, а воедно и зголемување на ефикасноста на користење на електрична енергија е проектот што вие го спомнавте за субвенционирање на домаќинствата кои ќе инсталираат сончеви коректори. Во Буџетот има предвидено околу 9 милиони денари во текот на оваа година за тие домаќинства кои ќе инсталираат, на нив ќе им ги покриеме трошоците максимум да 300 евра. Од прилика тоа би значело 30% од вкупните трошоци што тие ги имаат за инсталирање на овие сончеви колектори. Тоа веќе е објавено.

За ваше информирање, ние поради Законот за спречување на корупцијата што е во тек, исто така побаравме од Комисијата за спречување на корупцијата мислење по однос на ова и ни беше укажано да се стопира. Во утрешниот ден тоа ќе се стопира и ќе се чека да завршат изборите.

Веднаш после изборите ќе се реализира. Но, ние ги охрабруваме домаќинствата да продолжат со нивните иницијативи да ги инсталираат затоа што откако ќе заврши овој процес, веќе во Буџетот се предвидени тие средства, Програмата е објавена во Службен весник и тие ќе се реализираат после тоа.

Уште нешто што е корисно тука да се спомне, една потврда за оваа иницијатива, а тоа е дека во оваа недела, во понеделник јас присуствував во Бон во Германија каде по иницијатива на владите на Германија, Шпанија и Данска се основаше Меѓународна агенција за обновлива енергија. Тоа е една глобална иницијатива и отворена за сите земји членки на ОН. Присуствуваат тука повеќе земји од Европа, членки на Европска унија и други земји на Европа, имаше многу земји од Африка и од Азија. Значи тоа е од меѓународен карактер и над 70 земји го потпишаа основањето на оваа Агенција, меѓу кои и Република Македонија која е полноправна членка и не само што е членка туку е и основач на една ваква агенција со сите свои права во рамките на оваа Агенција. Корista од членството во оваа Агенција е дека ќе има можност да се користи значителна техничка поддршка, размена на искуства и размена на технологии, што Македонија ја очекува реалната подршка од оваа Агенција. Тоа што многу е битно во овој случај е пораката што Република Македонија ја даде на светот, посебно на овие иницијативи за поддршка на обновливи извори на енергија, дека таа не само што ги следи таквите добри иницијативи, туку знае да биде и соучесник во лидерството на таквите идеи. Со потпишување на таков акт Македонија веќе стана и основач на една таква иницијатива на меѓународно ниво. Благодарам.

**Трајко Вељановски:** Благодарам министре за исцрпниот одговор.

Госпоѓа Лилјана Поповска дали сте задоволна од одговорот?

**Лилјана Поповска:** Да, задоволна сум.

Ви благодарам многу господине министре. Ме радува тоа што е направено во вашето Министерство на овој план. Тоа е уште една причина зошто е сосема логично уште една зелена партија си го наоѓа своето место во оваа Влада затоа што обновливата енергија очигледно се третира на сериозен начин.

Јас само би укажала можеби на една сугестија. Веројатно е потребно уште поголемо информирање на јавноста околу ова, бидејќи освен во делот на користење на водениот потенцијал за кој веќе одамна сме научиле да го користиме, за другите извори на енергија прилично малку се знае и веројатно малку би било потребно и поголема информираност на јавоста и дури одреден вид на едукација. Така што на овој план ние и партиски работиме и како Влада верувам дека треба да се работи. Очекувам на овој план, штом вака се работи ќе имаме уште повеќе инвестиции. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Пред да продолжиме натаму, би ги замолил министрите, пратениците, останувaат за поставување на пратенички прашања од госпоѓа Сади Иљази, госпоѓа Зумрете Јакупи, господин Даут Реџепи и госпоѓица Маринела Тушева, да бидеме пократки во поставувањето на прашањата и во давањето на одговори за да не дојдеме во ситуација да ја продолжиме седницата и после 18,00 часот.

Следен за одговор на пратеничко прашање е министерот за образование, повелете.

**Перо Стојановски:** Благодарам претседателе.

Во однос на пристапноста на училиштата за лицата со хендикеп, во 2008 година Министерстовто за образование и наука во соработка со градот Скопје, поточно со одделението за социјална детска и здравствена заштита, реализираше проект со кој дефинирајќи ги приоритетите на подрачјето на град Скопје во делот на средните училишта, поголемиот дел од средните училишта беа даптирани со пристапни рампи за лица со хендикеп, при што е потребно уште во две училишта да се изградат лифтови за лица со хендикеп.

За 2009 година во Буџетот на Министерството за образование и наука предвидени се средства во висина од 30 милиони денари, кои на територијата на Република Македонија, со помош на локалната самоуправа односно со помош на единиците на локалната самоуправа ќе ги идентификуваме приоритетите и врз основа на идентификуваните приоритети ќе пристапиме кон изградба на овие пристапни рампи до училиштата. Се надеваме дека во наредните три години ќе бидат опфатени најголемиот дел однсно сите училишта на територија на Република Македонија.

Исто така, би сакал да истакнам дека сите нови градби што ги реализира Министерството за образование и наука се однесуваат за училишни објекти, мора во главниот проект да содржат решенија за достапност на училиштата односно за пристапни рампи не само до училиштата туку и во самото училиште. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Дали госпоѓа Лилјана Поповска е задоволна од одговорот или сака да постави дополнително прашање.

**Лилјана Поповска:** Задоволна сум од одговорот, само уште да ја видиме реализацијата, па да бидеме сите уште позадоволни.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

На третото прашање ќе одговори заменик министерот за култура.

**Драган Недељковиќ:** Благодарам.

Министерството за култура како во изминатите години така и во оваа година има јасна визија за презентација на македонската култура надвор од границите на државата. Впрочем, тоа беше и успешна наша презентација во САД.

Оваа година Министерството за култура планира денови на македонската култура во земјите претседасвачи на Европска унија, во Чешка и во Шведска. Денови на културата ќе се организираат и во Украина.

Министерството за култура ќе понуди интересни тн., помали пакети во овие држави.

Како што веќе сте запознаени Министерството за култура има именувани амбасадори на култура, пред се во Србија, Хрватска, САД, Русија, Италија итн. Значи, тие се наши културни промотори и ние ќе наставиме со именување на културните амбасадори пред се во земјите на Европска унија и во соседните земји во кои нема именувани.

Исто така ние имаме отворено  културни центри во Софија и во Њујорк. Во иднина планираме вакви културни јадра да ги прошириме и во Европска унија, така што на некој начин што подобро да ја презентираме македонската култура.

Би сакал уште да подвлечам дека согласно со овогодишната програма на Министерството за култура на Република Македонија  поддржани се повеќе проекти на национални установи и други уметници за претставување на Република Македонија надвор од државата.

**Трајко Вељаноски:**  Дали е задоволна госпоѓата Лилјана Поповска од одговорот или сака да постави дополнително прашање.

**Лилјана Поповска:**  Главно сум задоволна од одговорот, одговорот е коректен со тоа што мислам дека треба да се вклучат во промоцијата на културата од тлото на Република Македонија луѓе кои професионално се занимаваат со менаџирање во културата. Такви луѓе многу малку имаме кај нас и наши луѓе надвор, но мислам дека треба максимално да се искористат затоа што мислам дека не е корисно да бидат само амбасадори на културата. Тие се многу потребни, тие се наш лик и ние се гордееме со нив и може да бидат синоним за дел од нашата култура, меѓутоа не можат секогаш тие да бидат и менаџери кои ќе организираат одредени културни настани. Така што би сугерирала да се помисли на поврзување на Министерството за култура со МНР, потесно во соработката за промоција на културата и при оние редовни, да речам слушања, консултации со амбасадорите и конзулите, навистина би требало да им се сугерира, тоа не е во делот на вашиот делокруг, тоа е во другото Министерство, меѓутоа да им се сугерира и да се бара отчет за тоа што направиле и на планот на промоција на културата затоа што знаеме дека во некои земји, имаше во Романија, во Велика Британија, во Италија, успешни презентации, меѓутоа тоа останува главно личниот капацитет на амбасадорот. Мислам дека треба повеќе институционалниот капацитет на тие претставништва да го зајакнеме.

И ако ми дозволите само уште една сугестија, имено би сугерирала никако да не се пропушти да се доврши она што во годината на Македонскиот јазик 2008 година не се стигна, промоција на Македонскиот јазик во странство. Во еден  мал дел успеавме, меѓутоа ни фали поголем логистички капацитет за промоција. Токму за тоа и оваа тема ја начнувам и мислам со тоа треба да се продолжи и наредната година затоа што една година очигледно е кратка за да се промовира нешто што значи јазик кој бил запоставувам со години. Само како пример би кажала, да речеме Латвија како држава дури 10 години потроши со специјалната програма поддржана и од УНДП за промоција на Латвинскиот јазик и за подобра употреба внатре во Латвија и за промоција надвор, така што денес на интернет ќе видите што се имаат направено. Мислам дека тоа е многу добра споредба со оглед на големината и приликите. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Немате дополнително пратеничко прашање?

**Лилјана Поповска:** Немам.

**Трајко Вељаноски:**  Благодарам.

За збор се јави госпоѓа Садије Иљази, повелете.

**Садије Иљази:**  Почитуван претседател, почитувани пратеници,

Одлуката за основање на Јавната научна институција Институт за духовно и културно наследство на Албанците, Институтот “Петар Богдани” во Скопје, со Одлуката 19-6306/3 од 27.03.2007 година ја има донесено Владата на Република Македонија и оваа Одлука има потпис на премиерот на Република Македонија господинот Никола Груевски. Имам фотокопие од овој предмет, Одлуката за основање на овој институт со потпис на тогашната и сегашниот премиер Никола Груевски.

Институтот за духовно и културно наследство на Албанците “Петар Богдани” ги има исполнето сите услови кои се бараат со Законот за научна истражна работа.

Член 61 став 1 во “Службен весник на Република Македонија” 46/2008 вели: - Институтот за културно и духовно наследство на Албанците, со влегување во сила на овој закон продолжува да работи како научна и истражувачка институција. Овој институт со ова име е регистриран или упишан во регистерот на Република Македонија под број 24-4303 од 15.04.2008 година.

Министерството за образование и наука донесува одлука за обезбедување на средства за овој Институт за 2008 година во износ од 2.200.000,00 денари, Одлука 46-1462/13, врз основа на договорот на министерот за образование и наука и Институтот за културно и духовно наследство на Албанците и сето тоа во функција на реализација на годишната програма на овој Институт.

Јас тука го имам и договорот во однос на обезбедување на средства за овој институт.

По предвремените парламентарни избори се оформува новата коалиција и тука почнуваат проблемите на овој институ, се блокира буџетот и средствата кои се доделени за проектите на институтот без ниту еден правен аргумент се занемарува договорот и доаѓа до блокада на

работата. Упорно се бараат неправилности за работата и функционирањето на овој институт, иако воопшто немало нерегуларности.

Најновиот научен институт во Република Македонија под раководство на д-р Мируша Хоџа тогашна директорка која за кратко време направи исклучително успешна научно истражувачка работа, наместо да биде помогната од страна на Владата и соодветното Министерство и надлежните лица, за жал, со иронија од истите е блокирана и спречувана во нејзината работа, а изгледа само затоа што ДПА го основа овој институт па се оди до затворање на истиот, наспроти одличната работа, контактите и соработката со другите институти, универзитетите и докажаните научници во земјата и во странство. И покрај сета ова работа и соработката со Универзитетот во Тетово, Државниот универзитет, Штуловиот и Универзитетот во Ница, сепак се дозволува овој институт да биде обвинет за неработење, нерегуларности итн. Сите тие се фантомски причини за спречување на доделување на средствата и се оди кон тоа за затворање на истиот, но сепак овој институт продолжува со својата истражувачка работа.

Меѓутоа на јавниот оглас за вработување на научни истражувачи не се јавуваат кандидати затоа што истите се плашат дека овој институт набрзо ќе биде и затворен. Овде се работи за индиферентност и неспособност и неможност на ДУИ да ги штити и чува културните и духовните вредности и институциите на Албанците. Друго објаснување за ова немам. Не ми се верува дека еден институт може да се уништи само затоа што е основан од друга партија. Како да не се доволни сите овие штети, се дојде до објавување на конкурсот за новиот директор и заедно со тој конкурс тргнаа и манипулациите. Не се прима за директор поранешниот успешен директор, а тоа е исклучителниот научник д-р Мируше Хоџа, туку се прима д-р Рамиз Абдули кој набрзо и треба да се пензионира заслужно.

За да биде штетата уште поголема се дозволува да се смени и името на овој институт од институт на духовно и културно наследство на Албанците "Петар Богдани" во Институт за Албанологија, со банално образложение дека насловот бил многу долг.

Дозволете ми да ја цитирам изјавата на актуелниот директор на овој институ д-р Рамиз Абдули каде се вели. . .

**Трајко Вељаноски:** Ве молам да се придржуваме кон Деловникон и кон поставување на пратенички прашања. Вие овие 6 минути ги потрошивте во ваши констатации без да го поставите прашањето. Во Деловникот стриктно пишува дека прашањето треба да биде кратко и прецизно и пратеникот е должен да назначи на кого го упатува прашањето. Вие ниту кажавте кон кого го упатувате прашањето, не сте ни кратки ни прецизни, си правите самите констатации и не само вие туку и другите пратеници. Би ве замолил да се придржуваме кон Деловникот и да го почитуваме истиот кон поставување на пратенички прашања затоа што на нас пратениците основна цел треба да ни биде поставување на пратенички прашања, а не да ја извитоперуваме самата седница за поставување на пратенички прашања.

Се извинувам јас што кон вас го кажувам тоа, но не сте само вие, сите пратеници денес на тој начин постапуваат. Би ве замолил, не само сега, туку и на сите следни седници стриктно да се почитува Деловникот. Продолжете и придржувајте се кон Деловникот.

**Садије Иљази:** Благодарам.

Прашањето е упатено, односно ќе кажам само мал цитат на актуелниот директор кој меѓу другото вели: - побаравме да се смени името затоа што името е долго и не се кажува директно Албанолошки институт. Затоа и доколку некому му е жал ние нема што да направиме, вака сме го крстиле затоа што вака не нарекуваат, Албански институт и другите институции во земјата и затоа е полесно и поконкретно. Тука завршува цитатот.

Ова е смешно и трагично, да се случи тоа да се смени името на инсититутот само затоа што некому било полесно да се нарекува Албански институт е апсурдно и дотолку повеќе што тоа име и не беше случајно избрано. Ова име во себе опфаќа можност на опфаќање на сите можни дисциплини со своите сектори од кои што потоа треба да се изградат нови институти како што ќе биде институтот за албанологи, институт за едногра-фија, институтот за историја на уметноста , институт за етнологија, за народна архитектура итн. Нема да набројувам повеќе за да не заплашам некого, затоа менувањето на името на овој институт е грешка која што не се простува.

Моето прашање до Министерството за образование и наука, кој побара и кој дозволи изменување на името од Институт на културно и духовно наследство на албанците "Пјетар Богдани" во Институт за албанологија. Барам писмен одговор од Министерството за образование и наука. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Следен за поставување на пратенички прашања е г-ѓа Зумрета Јакупи, повелете.

**Зумрета Јакупи:** Ви благодарам почитуван претседателе.

Почитувани министри, почитувани колеги пратеници,

Моето прво прашање е во врска со Министерството за здравство, второто до Министерството за образование и наука, а третото прашање е до министерката за внатрешни работи. Не ја гледам, не е присутна.

Во врска со моето прво прашање, имајќи предвид дека модерните системи за здравствената грижа се соочуваат со предизвици за подобрување на квалитетот и безбедноста на здравјето кон пациентите и за исполнување на овој предизвик, здравствените услуги се изместуваат од една методологија, организирана, централизирана,

методологија врз основа на здравствениот процес, кон пациентот. Соодветното пренесување на системот бара попроширена соработка и поунапредена комуникација, поддржана од информатичката технологија, што значи електронско здравство и медицина. Тоа значи медицина на дистанца. Тука се комбинираат разни техники, со употреба на телекомуникациите, компјутерски технологии и информатички технологии.

Знаејќи ја предноста на телемедицината во однос на грижата за здравјето, како консултативна телемедицина за семејна грижа, радиолошка, лабораториска, офталмолошка итн. Имајќи го во предвид сето ова и сите овие предности на оваа технологија на Косово од 2000-та година односно во Приштина е формиран Центар за телемедицина каде што има една мрежа на регионот на Косово. Вклучени се здравствени институции, болници на 5-те медицински центри. Пред две години, исто така, ова го има и во Тирана, односно во Албанија. Имаме интензивен семинар за телемедицина и формиран Центар за телемедицина. Ова веќе функционира во САД, поддржан од Америка овој проект егзистира.

Моето прашање е следно, до министерот за здравство, вие како министер за здравство колку сте запознати со овој проект за функционирање на оваа институција и дали мислите, односно кој е вашиот став, дали мислите дека е добро и кај нас, во Македонија да се организира еден ваков центар за телемедицина, со што ќе се подобри и квалитетот во здравството? До мрежата ќе има пристап не само регионот, туку ќе имаме поврзување на светско ниво. Со тоа ќе имаме поефикасно здравство. Имајќи ја предвид и економската криза што е присутна, ќе имаме заштеда во материјални средства во медицината.

Моето второ прашање е упатено до министерот за образование и наука.

Пред извесно време имавме конкурс за студентски и ученички стипендии. На овој оглас беа дадени условите, но се знае и актуелната состојба на учениците и студентите Албанци, кои немаат можност да ги исполнат сите услови што се бараат со огласот.

Моето прашање е колкава е застапеноста на Албанските ученици и студенти кои добиле стипендии?

Третото прашање е до министерката за внатрешни работи.

Имајќи предвид дека пред 2005 година се донесе Законот за пристап, за еднаква родовност, поради родовата еднаквост, заради пропорционална застапеност на женската популација во сите институции, може да се каже дека овој закон најмалку функционираше во Парламентот. Сега имаме 32%.

Вие знаете, како министерка, колку сте придонеле во имплементацијата на овој закон во вашето министерство? Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Ви благодарам.

Би ги замолим министрите да бидат кратки во одговорите за да можат, како што кажав и претходно и другите пратеници да ги поставaт прашањата до 18,00 часот.

Прв за одговор е министерот за здравство.

Повелете министре.

**Бујар Османи:** Благодарам претседателе.

Во интерес на времето ќе бидам краткок, а подетални информации, веројатно можеме и писмено да дадеме.

Верувам дека почитуваната пратеничка е инспирирана за ова прашање од најавената Конференција што ја организира Министерството за здравство на 6 и 7 февруари во Скопје на тема “Телемедицина и Е - здравство”. Всушност се работи, самиот збор кажува, телемедицина, односно медицина на дистанца, односно лекување од далеку.

Се работи за современа технологија, базирана на сателитска, интернетска комуникација. Овозможува користење и давање на здравствени услуги од далеку. Проект што веројатно е почнат од НАСА уште пред десетици години, за лекување во вселенски станици. Меѓутоа, се повеќе се користи во САД за покривање на руралните региони, односно места што се потешки за пристап на здравствените услуги односно нудење на специјалистичка субспецијалистичка услуга и во руралните средини, во домашни услови, бидејќи самата сателитска и интернет комуникација овозможува пренесување на резултатите и до најсофтицираните субспецијалистички установи.

Овој проект овозможува и телеконференција, што е особено важно за континуирана едукација на здравствените работници. Меѓутоа овозможува пристап до електронска библиотека, со цел абдејтирање на знаењата, што е исто така клучно во континуираната едукаија на здравствените работници.

Со оваа конференција, што всушност е во соработка со Американското биро за едукација, всушност ние го правиме првиот чекор во имплементација на телемедицината и во Македонија. Мислам дека тоа ќе биде особено корисно, повторно ќе кажам за руралните средини, корисно за пациентите кои се во потешка состојба и не можат да бидат мобилни, да ги користат услугите на самите здравствени установи. Тоа ќе биде исклучително битно и за едукација на здравствените работници.

Повеќе информации ќе може да дадеме и писмено на пратеничката.

Благодарам на прашањето.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Дали г-ѓа Зумрета Јакупи е задоволна?

Повелете.

**Зумрета Јакупи:** Да, задоволна сум и имам потпрашање во врска со конференцијата што се одржува од 6-7 февруари. Ако има можност да не

информира дали се поканети и кои се поканети на оваа конференција што ќе се одржи наскоро?

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

На дополнителното прашање ќе одговори министерот за здравство, повелете.

**Бујар Османи:** Благодарам за дополнителното прашање.

Се работи за Балканска конференција на која што се повикани сите авторитети поврзани со оваа проблематика од регионот. Но, и врвните предавачи од САД кои се носители на овој проект.

Еве, ја користам можноста да ве поканам и вас на таа конференција, што ќе биде прва од тој тип во Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

На второто прашање одговор ќе даде министерот за образование и наука.

Повелете министре.

**Перо Стојановски:** Почитуван претседателе благодарам.

Што се однесува до прашањата околу студентските стипендии и кредити, како и до ученичките стипендии, она што би сакал да го истакнам е следно:

Достапноста до образованието мора да биде подеднакво и под исти услови за сите граѓани во Република Македонија. Така што, без разлика на тоа кој на кој јазик ја реализираме наставата и кој на која етничка група припаѓа, критериумите што беа распишани од страна на Министерството за образование и наука требаше да ги исполнат сите, односно стипендии и кредити добија сите оние што ги исполнија овие критериуми.

Токму од тие причини одредена категорија, одредена група на ученици и студенти, кои не ги доставиле соодветните документи или доставиле нецелосна документација, во меѓувреме од страна на Министерството за образование и наука беа исконтактирани, така што по комплетирањето на документацијата, сите оние студенти и ученици кои ја доставија документацијата, ќе ги добијат студентските кредити, студентските стипендии и ученичките стипендии.

Доколку сакате подетални информации, можеме во писмена форма да ви ги доставиме сите податоци.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Дали г-ѓата Зумрета Јакупи е задоволна од одговорот или сака да постави дополнително пратеничко прашање, повелете.

**Зумрета Јакупи:** Да, задоволна сум, благодарам.

**Трајко Вељаноски:** На третото прашање ќе одговори министерката за внатрешни работи, г-ѓица Гордана Јанкулоска, повелете.

**Гордана Јанкулоска:** Благодарам претседателе.

По однос на конкретното прашање на пратеничката Зумрета Јакупи би сакала да го дадам следниот одговор.

Имено, од вкупниот број на вработени во Министерството за внатрешни работи, кој изнесува 12.379, вкупно 14,76% односно 1.828 се жени.

Но, кога станува збор за состојбите по однос на раководниот кадар, со оглед на тоа што овој процент не ја рефлектира соодветно застапеноста на жените во општеството, би сакала да напомнам дека кога станува збор за раководниот кадар, состојбата е нешто поинаква.

Имено, во последниве неколку години состојбите бележат значително подобрување, за тоа што една од приоритетните задачи е соодветната застапеност на половите.

Во однос на раководниот кадар, значи во организационите единици што се под Кабинетот на министерот, од вкупно 33 раководни позиции, 15 се раководни позиции на кои се наоѓаат жени или тоа е вкупно 45,5% од вкупниот број.

Во Бирото за јавна безбедност и централните полициски служби од вкупно 10 помошници на директорот, 3 се жени или 30%. Од вкупно 82 началнички места, на 21 се жени или 25,6%. Ако заедно ја гледаме оваа бројка, од вкупно пополнети 92 раководни места, 24 се жени или 26,1%.

Инаку, значајно е да се каже дека на дел од клучните позиции во Министерството за внатрешни работи, не заради половата припадност, туку заради квалитетите и исполнетите законски услови и целосно задоволување на критериумите за пополнување на овие места, практично на повеќе клучни позиции во Министерството за внатрешни работи раководните позиции ги извршуваат жени, како што е на пример позицијата државен секретар, помошник на министерот за внатрешна контрола и професионални стандарди, помошник на министерот за правни и кадровски работи, каде што практично спаѓа раководењето и менаџирањето со целиот нормативен процес, сите законски и подзаконски акти. Понатаму, раководителот на Одделението кое има надлежност за преговори со ЕУ, раководителот на Аналитика и истражување, раководителот на Секторот за прекршоци, раководителот на Управување со човекови ресурси, како и дел од раководните позиции во управно-надзорните работи.

На крајот би можела да констатирам дека оваа бројка бележи зголемување, но повторно ќе речам основен критериум е исполнетоста на законските услови и определени карактеристики во делот на стручноста и компетентноста што овие личности ги прават соодветни за извршување на вака одговорни функции. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Дали пратеничката Зумрета Јакупи е задоволна од одговорот на прашањето или сака да постави дополнително пратеничко прашање, повелете.

**Зумрета Јакупи:** Ви благодарам.

Задоволна сум од одговорот. Се надевам дека ќе се зголеми бројот односно процентот на жените и

почитуваната министерка ќе се ангажира во однос на оваа застапеност.

Ако има можност, би сакала писмено, од сите министерства за сите три прашања да добијам одговори во писмена форма, доколку има можности, се разбира. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Следен за поставување на пратенички прашања е г-динот Даут Реџепи, повелете.

**Даут Реџепи:** Благодарам г-дине претседателе.

Почитувани претставници на Владата, почитувани колеги и колешки кои сте малку на број.

За жал, се злоупотребува не само оваа говорница, туку и времето без да им се даде можност на сите да ги постават своите прашања што се вредни.

Последниот случај тука е прекршување на Деловникот, затоа што г-ѓа Зумрете беше 23-та по ред. Меѓутоа, се направи логистика со претставниците на Владата за да се изгуби колку што е можно повеќе време, па само што не праша на која свадба колку учесници ќе бидат поканети.

Да се вратам на прашањето.

Првото прашање е до Агенцијата за млади и спорт.

Концентрирајќи се и чекајќи населението, очекувајќи ги 35-те сали што ќе се изградат во Република Македонија, населението гледа дека нешто не оди во ред. Истечени се сите рокови од ветувањето од минатата Влада, меѓутоа тоа продолжува и во актуелната.

Затоа, мислам дека тука, во некои делови се работи, меѓутоа за среќа некои сали веќе се пуштени во употреба, се користат. Нешто што е големо достигнување. Меѓутоа, некои сали, конкретно салите што се во албанските населени места се дискриминира на директен начин работата. Салите се оставени во првата фаза, само со нивната основа.

Како факт за ова служи еден напис во списанието “Коха” каде што претприемачот има реагирано во весникот, затоа што не е исплатен за работата што ја има реализирано.

Од друга страна, во салите што сега се веќе при крај или завршени, за работите што се направени, на тие фирми им е доделен аванс однапред.

Барам објаснување во однос на овие сали каде што, како што е случај со Сарај, Слупчане, Жеровјане и Пороj. Ме интересира за овие сали.

Второто прашање е во однос на еден проект за водовод, проект на Министерството за животна средина и просторно планирање, за ова сакам детален одговор во писмена форма. Според моите сознанија, ова е комплицирано.

Минатата година се аплицирало за овој проект, инвестирано е во овој проект и од Буџетот се доделени средства. Работено е до првата фаза. Всушност, воопшто не е работено и тој што ја добил работата, фирмата БАКОП отпочнала со работа. Меѓутоа, работата не оди никаде.

Каде заостана овој проект, сакам детален одговор, затоа што знам дека во Буџетот се доделени сретства за втората фаза на овој проект, но сеуште ниту првата фаза не е заокружена.

Третото прашање е до Министерството за внатрешни работи истовремено и до партиите на власт, посебно до политичкиот субјект ДУИ.

Се знае дека во текот на минатите месеци имаше претреси, притворања, вандализми, можам да кажам и варваризми од страна на специјалните сили во места, домови, албански семејства. Велам варваризам затоа што се мистицифираат со тоа дека направиле грешка.

Конкретното прашање е во колку домови влегле или вршеле претрес затоа што во една изјава на господинот Али Ахмети се истакнува една бројка од 19 куќи или домови, а јас од Советот за заштита на правата на човекот имам податок дека се работи за 36 куќи или домови. Во име на потрага по еден убиец или криминалец 36 куќи со по десет члена тоа се 360 лица. Во рамките на овие 360 лица има деца, старци, каде е тука почитта или правото на тие лица, последиците од тие трауми. Образложението е многу едноставно, грешка е, се бара криминалец, се бара терорист, а на крајот не се наоѓа нути убиецот, ниту криминалецот, ниту терористот.

Морам да истакнам односно да прашам како лидершипот на ДУИ ги гледа овие работи, власта која труби дека има одлични меѓуетнички односи, за среќа ова е снимено, се гледа дека се влечат деца на една жртва на господиниот Шерифи. Како се гледаат овие луѓе како терористи, убијци или како муви.

Затоа морам да истакнам дека во јавноста се пропагира во еден определен весник конкретно кај албанците дека заменик министерот за внатрешни работи нема пристап, никој ништо не го прашува, а во една друга изјава на АЛСАТ господинот Груевски јасно и отворено вели дека ние ништо не работиме зад грб, туку за се соработуваме и се координираме. Ме интересира која е вистината и колку реално се кооридинираат и соработуваат за овие појави кои се појавуваат посебно во албанските населени места затоа што во ниту еден македонски дом не се направила грешка, оперативците не погрешиле, не правеле претрес и да трауматизираат македонско семејство.

Која е казната за оние што ги надминуваат своите надлежности, што треба да направат службениците за внатрешните работи за да се нарече надминување на надлежностите или пречекорување на надлежностите или повредување на правата на човекот и децата.

Со ова сакам да истакнам дека, за жал, мораме да гледаме разни инсерти со ставање на нога под грло, со газење на глава на човек кој со врзани раце лежи на земја.

Сакам малку посовесен одговор во рамките на Министерството за внатрешни работи, еден сосема реален искрен одговор, но уште еден

одговор затоа што не гледам некој малку покомпетентен од пратениците на ДУИ да ми дадат еден политички одговор за тоа дека навистина не може да се манипулира со домови, семејства од 36 на 19, не може сите луѓе, сите албански семејства да се гледаат како криминалци дотолку повеќе да се гледаат како муви. И Албанците и јавноста треба да знаат доколку е вистина тоа што го вели премиерот дека соработуваат и дека ништо не се работи зад грб, тогаш да се признае јавно, а доколку не е така требаше до сега тоа да се демантира. Има магла во однос на тоа дека се манипулира со Албанците.

Ова би било прашањето до претставникот на Министерството за внатрешни работи. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Господинот Даут Реџепи постави три прашања.

Првото прашање е до Агенцијата за млади и спорт околу салите, но со оглед на тоа дека Агенцијата е под Владата, ако сака господинот Даут Реџепи министерот за транспорт и врски да одговори, ако не Владата писмено ќе одговори.

Штом има дозвола од пратеникот Даут Реџепи, одговор по однос на првото прашање ќе даде министерот за транспорт и врски, повелете.

**Миле Јанакиески:** Благодарам претседателе.

Пратеникот постави прашање до каде е изградбата на четирите спортски сали. Јас многу конкретно, со конкретни датуми ќе му го кажам тоа, но сакам во оваа прилика да истакнам дека воопшто салите не се застанати со градби, имаше застој на градбата во периодот 2002-2006 година, но истите се градат и веќе има направено динамичен план кога истите ќе бидат готови. Говорам за сите 35 спортски сали во Република Македонија.

Конкретно за спортската сала во Сарај, согласно динамичниот план истата треба да биде готова до 15 мај. Во Жеровјане треба да биде готова на 31 април, Липково-Слупчане 31 април и во Пороj 15 јуни оваа година. Значи, сите спортски сали ќе бидат направени најдоцна до 15 јуни оваа година согласно динамичниот план што претходно го кажав.

Паралелено на ова Агенцијата за млади и спорт веќе гради спортски игралишта на територијата на Република Македонија, а Министерството за образование и наука ќе гради голем број на спортски сали се со цел младите луѓе да имаат простор за спортски активности за да можат да растат со здрав дух. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот односно дали сака да постави дополнително пратеничко прашање.

Има збор пратеникот господин Даут Реџепи, повелете.

**Даут Реџепи:** Да ви кажам право имајќи ја предвид реалноста за тоа што сум бил заинтересиран за тоа, сум ги посетил тие сали, поинаку е од тоа. Точно е тоа што го кажав на говорницата, се разликува во однос на другите места градењето на новите сали, но сепак како факт би било добро да го имам тоа во мај - јуни тоа што го вели министерот, да го имам во писмена форма.

**Трајко Вељаноски:** Покрај тоа што добивте усмен одговор ќе добиете и писмен одговор во однос на овие 4 сали.

По однос на второто прашање ви беше поставено до Министерството за животна средина и просторно планирање и побаравте писмен одговор.

По однос на третото прашање поставено е до министерката за внатрешни работи.

Има збор госпоѓица Гордана Јанкулоска, повелете.

**Гордана Јанкулоска:** Благодарам претседателе.

Од прашањето на пратеникот не можев точно да идентификувам за кој период бара да дадеме точна бројка на извршени претреси. Доколку го допрецизира прашањето секако дека ќе одговорам.

Во вториот дел што се однесува до координацијата на раководните службеници во Министерството за внатрешни работи можам да го убедам дека таа извонредно функционира, впрочем доказ за тоа е успешноста во работењето односно фактот дека до сега немало сериозни пропусти заради кои би била нанесена евентуална штета на граѓани или евентуален друг пропуст во работењето на Министерството кој би се јавил како резултат на лоша координација. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот односно дали сака да постави дополнително пратеничко прашање.

Има збор пратеникот господин Даут Реџепи, повелете.

**Даут Реџепи:** Ми се чини дека истакнав во текот на минатите месеци, а минатите месеци значи ноември-декември. Последниот случај убиството на полицаецот Арифи, доколку не грешам, нешто и пред тоа, меѓутоа најголемиот бран беше по убиството ноември-декември. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Значи дополнителното пратеничко прашање се однесува за месеците ноември-декември.

**Гордана Јанкулоска:** Благодарам претседателе.

Ќе се обидам да му дадам точна бројка на пратеникот, практично по првиот ден извршени се, бидејќи прашањето се однесува точно на еден конкретен случај, а тоа е расчистувањето на убиството на полицаецот Африм Арифи значи во однос на првиот ден беа извршени повеќе претреси при што јас претходно зборував дека дополнително е извршено анкетирање, се работи за 19 претреси извршени во првиот ден после убиството. Во периодот што следуваше во

наредните месеци беа извршени дополнителни 20 претреси на објекти.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Следен за поставување на пратенички прашања е госпоѓица Маринела Тушева, повелете.

**Маринела Тушева:** Благодарам.

Почитуван претседателе, претставници на Владата, почитувани колеги.

Денес ќе поставам две прашања.

Моето прво прашање имав намера да го поставам до премиерот Груевски, но бидејќи не е тука ќе го поставам до министерот за образование Стојановски.

Образованието е ресор во кој во изминатиот период бевме сведоци на неколку драматични случувања т.е. се што вети министерот не исполни, СОНК стапи во штрајк. За време на овој штрајк ги видовме министерот и Владата во многу интересно светло со активности карактеристични само за земјите со тоталитарен режим.

Најпрво министерот го прогласи штрајкот на СОНК за нелегитимен, понатаму се впушти во мисија по училиштата низ државата да врши притисоци штрајкот да биде прекинат.

За министерот во тој момент штрајкот беше легитимен, меѓутоа, формата не беше прифатлива. Најдобар опис за неговите активности ќе даде Дојчин Цветановски. Заради вонредни состојби кои се создадени, посебно денес, со до сега не забележани притисоци врз вработени кои легитимно уставно остваруваат едно право на наставниците од целиот свет во организирање на штрајк.

Генератор на овие состојби дефинитивно е министерот за образование и наука Перо Стојановски рече Дојчин Цветановски за Канал 5 на 25 ноември 2008 година.

Понатаму, притисоците и сето она што се случуваше со штрајкот во образованието, науката и културата организиран од СОНК се ново непријатно изненадување од страна на актуелната власт. Ќе забележи и Хелсиншкиот комитет за човекови права во најновиот Извештај.

По сето ова се потпиша договор со Дојчин Цветановски и една од точките кои требаше веднаш и најитно да се реализираат беше трансформацијата на работниот однос од определено на неопределено време на некаде околу 8 илјади вработени во образованието. Дел од овие 8 илјади вработени работат и по 14 години во образованието со договори на определено време. Но, затоа пак има партиски активисти кои се вработуваат и за неколку месеци добиваат експресно решенија за работен однос на неопределено време.

Согласно овој Договор требаше да се изготват списоци од страна на директорите на училиштата да се доставаат кои се овие вработени, требаше да се формираат комисии на ниво на училишта, општини и Министерство.

Имам информации дека ништо од ова не е реализирано односно воопшто не е почнат да се решава овој проблем како и тоа дека главниот кочничар на сето ова е Владата и Министерството за образование и наука.

Конкретното прашање ми е кога планираат да отпочан со решавање на овој проблем, бидејќи беше ветено дека во истиот момент ќе се отпочне со реализација на ова видување.

Следното пратеничко прашање ми е кон министрите од економските ресори односно во мојата канцеларија во Штип ми се обратија повеќе вработени од АД ЕМО Охрид вработени во ДООЕЛ ВНА ЕМО од Штип. Тие имаат судска пресуда за неисплатени плати и придонеси. Меѓутоа, ЕМО Охрид има формирано 24 нови ДООЕЛ-и и ги подели вработените по партиски клуч. Оние блиските до актуелната власт се во новите ДООЕЛ и одат на работа и земаат плата. За разлика од останатите кои се во старите ДООЕЛ седат дома и не земаат плата. Таков пример има и АД ЕМО Охрид кој во Штип има два ДООЕЛ. Првиот ДООЕЛ ВНА ЕМО Штип во кои се вработените кои не се блиски до актуелната власт кои седат дома и не земаат плата, а во вториот ДООЕЛ Овесно опрема два работи и во кои вработените земаат плата се префрлени работниците секако се разбира блиски до актуелната власт.

Поради непостоењето на делбен биланс и покрај тоа што магацинските залихи се на стариот ДООЕЛ секојдневно се празнат и се фактурира на новите ДООЕЛ. Поради тоа судската пресуда која ја имаат вработените од ДООЕЛ ВНА ЕМО Штип не може да се реализира.

Како ќе си ги наплатат побарувањата на неподобните вработени и покрај законската обврска за приоритет.

Понатаму, дали некогаш ќе згаснат тие нови ДООЕЛ наречени ќерки фирми поради тоа што тие се формираат само на штета на работниците.

Понатаму, до кога работниците ќе бидат лажани дека со продажбата на АД ЕМО Охрид ќе се реши нивниот статус.

На крај, до кога работниците во ДООЕЛ ВНА ЕМО Штип ќе добиваат решенија за принуден одмор во кое стои дека надоместокот на плата се исплаќа 70% од платата на работникот, а тие повеќе од година дена немаат земено ниту денар.

На ова прашање би сакала да добијам писмен одговор. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

По однос на првото прашање одговор од министерот за образование и наука, повелете министре.

**Перо Стојановски:** Благодарам претседателе.

По однос на ставовите на почитуваниот господин Дојчин Цветановски не би сакал да ги коментирам, тоа се негови лични ставови, тоа што имал да го каже го кажал и во медиумите, електронски, печатени, не би сакал да ги коментирам неговите ставови.

Што се однесува до обврските кои ги презеде Министерството за образование и наука сакам одговорно да ви кажам дека веднаш отпочнавме со реализација на Спогодбата која ја потпишавме со СОНК.

Министерството за образование и наука, пред малку кажав, формираше Комисија која во соработка со Министерството за финансии и Министерството за труд и социјална политика и со ЗЕЛС веќе имаат одржано повеќе работни состаноци на кои работни состаноци се изготвени правилници за начинот на кој ќе се врши трансформацијата на работните места.

Би сакал да потенцирам една работа. Согласно Законот за работни односи трансформацијата на работни места има две основи. Значи, сите оние кои се ангажирани на работа подолг временски период односно повеќе од пет години трансформацијата ќе оди по автоматизам, додека согласно Законот за работни односи сите оние лица кои се ангажирани на работа помалку од пет години трансформацијата не оди на лицето, туку оди на работното место, што значи дека ќе треба училиштето да си распише соодветен конкурс и врз основа на конкурсните услови кои ќе ги пропише училиштето да бидат вработени лица на неопределено време.

Значи, токму во таа насока сакам да ви кажам дека она што го презедовме како обврска веќе се работи, вклучени се сите оние кои треба да бидат вклучени во овој процес и согласно динамиката до крајот на месец март ќе излеземе со конкретни списоци за оние работни места за кои постојат услови за финансирање на неопределено време.

**Трајко Вељаноски:** Дали пратеникот е задоволен од одговорот односно дали сака да постави дополнително пратеничко прашање.

Има збор пратеничката госпоѓица Маринела Тушева, повелете.

**Маринела Тушева:** Веројатно да, сигурно штом велите дека се формирани комисии, веројатно се формирани формално, а целата работа се одолговлекува за да се добие во време. Како и да е, благодарам на одговорот.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

По однос на второто прашање барате писмен одговор, па ќе добиете писмен одговор од Владата.

Тука завршуваме со поставување на пратенички прашања на оваа седница.

Ја заклучувам 45-тата седница на Собранието на Република Македонија. Благодарам.

(Седницата заврши со работа во 18,12 часот)